# МОНОГРАФИЈА

## Прва детска амбасада во светот МЕЃАШИ



# МЕЃАШИ

## 1992-2022

ДЕТСКА АМБАСАДА МЕЃАШИ

# 30 години

*„Сите идеали на светот*
*се побезначајни од солзите*
*на едно дете!“*

*- Достоевски*

*Децата се посебен народ. Децата не се национални и верски војсководци. Тие се еден народ, кој никогаш не извел револуција или контрареволуција, ниту пак повел војна. Децата не се ни класно ни национално прашање: децата се прашање над сите прашања. Тие се народ кој најмногу страда во воените судири и човековите трагедии. Децата се само деца*

***(цитат од Повелбата на Првата детска амбасада во светот)***

Првата детска амбасада во светот МЕЃАШИ - Република Македонија е основана на 29 април 1992 година во Скопје, и е прва регистрирана граѓанска организација за заштита на правата на детето во Македонија, со **визија** за **Поправеден свет за секое дете!**

Денес, МЕЃАШИ е синоним за правата и добробитта на децата. Со години, таа е една од организациите што граѓаните најмногу ја препознаваат, но и посветена партнерска организација на бројни граѓански организации и иницијативи, мрежи, јавни институции, медиуми и компании од земјава и од странство. Многумина велат: „МЕЃАШИ е институција“.

**Мисијата** на Детската амбасада МЕЃАШИ е да ги застапува и заштитува правата на децата, да поттикнува одговорно родителство и почит на детската личност, да го зајакнува граѓанското движење за правата на децата, детското учество и да се залага за функционалност на институциите во најдобар интерес на детето. МЕЃАШИ го промовира мировното образование, развивајќи активно граѓанство засновано на принципот на ненасилство и ги негува различностите и еднаквите можности за сите.

Амбасадата со своите активности во изминатите 30 години придонесе во развивањето и јакнењето на граѓанската свест за детските права. Го сруши молкот за детските страдања, особено за физичката, сексуалната и економската злоупотреба на децата, откривајќи во јавноста повеќе случаи на злоупотреби и директно ангажирајќи се за воспоставување поефикасни механизми за заштита на децата.

Не беше лесно да се трасира патот на новото светско детско движење во Македонија, но успеа!

Прогласувани се за организација во која граѓанството има најголема доверба, за нив децата веќе учат во учебници.

Претседател и основач на Првата детска амбасада во светот МЕЃАШИ - Република Македонија е Драги Змијанац.

Основачи се и група посветени ентузијасти кои на 29 април 1992 година го одржаа основачкото собрание на новата организација: Гордана Пирковска Змијанац, Коле Ангеловски, Драган Мијалковски...

МЕЃАШИ како организација е нешто што ќе остави траен белег во животот на цела Македонија. Добредојдени се сите добронамерници да се вклучат во ова големо светско детско движење!

Согласно со Статутот на организацијата, можат да членуваат индивидуални и колективни членови.

Детската амбасада дејствува на меѓународно, регионално, национално и локално ниво. Клучни вредности и принципи во работењето се: учество, вклученост на децата во процесите на одлучување за прашања кои се од нивни интерес; негување на волонтирањето како пристап во заштитата на правата на децата; промовирање и практикување на ненасилство со вклучување на училиштата во активности за Мировно образование; еднакви можности за сите во остварувањето и почитувањето на нивните права; отчетност, одговорност и непартизираност во работењето на организацијата. Идејата, името Прва детска амбасада во светот МЕЃАШИ, и маскотата „Бушавко“ се заштитени во Министерството за развој на Република Македонија, Завод за заштита на индустриска сопственост под трговска марка број 500/2008, 501/2008 и 900/2009.

***

Драги Змијанац, како предводник на МЕЃАШИ, е носител на меѓународна награда „Ангел на годината“. По деветти пат, на 28 јануари 2008 година во Театарот „Dal Verme” во Милано, се одржа манифестацијата „Ангелот на годината“ во организација на Црвениот крст Италија – Регионален комитет на Ломбардија и Етичкиот центар „Монета за мир“. На Драги Змијанац му беше доделена наградата „Ангелот на годината“ за неговата долгогодишна интензивна активност во поддршката на децата и спроведувањето на меѓународни проекти.

Во 2001 година Амбасадата МЕЃАШИ ја доби наградата за граѓанско општество и демократија, за долгогодишен придонес во изградбата на граѓанското општество во Република Македонија. Наградата е доделена од страна на Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС).

***

2011 – Во истражувањето на МЦМС наменето за „Довербата во граѓанското општество“ и „Познавањето и мислењата за граѓанските организации“, Првата детска амбасада во светот МЕЃАШИ Република Македонија според анкетираните граѓани е на прво место во однос на доверба кон организацијата, на второ место во секторот Демократија и човекови права, четврто место во секторот Развој (јакнење) на граѓанско општество.

***

...И, би! На 8 јуни 1991 година, на Балканот, во малото место Међаши, на тромеѓето меѓу Босна и Херцеговина, Србија и Хрватска, беше прогласена првата детска земја во светот Међаши, непосредно пред почетокот на војната во некогашна Југославија. Творец на идејата е сараевскиот правник Душан Томиќ, човек кој се надеваше дека оваа идеја ќе ги порази националистичките и верските страсти.

За жал, убавата порака за мир на Међаши не беше сфатена, дојдоа години на крвопролевање, но формирањето на Првата детска амбасада во светот и нејзиното ширење од Босна и Херцеговина до Македонија и многу пошироко, спаси многу детски животи...

И кога нивните кревки детски тела се измориja од бегствата, некој направи барем срцата да им се радуваат, да им бликнат со надеж и детски спокој!

Првиот воспоставен воздушен мост беше Сараево – Белград и Сараево – Скопје. Потоа, започнаа конвоите за Шпанија, Франција, Австрија ... Организатор: Амбасадата МЕЃАШИ. Десетици илјади мајки со деца од сите вероисповеди и националности најдоа спас преку Амбасадата.

Со првите активности, на 29 април 1992 година, во Скопје, група мирољупци ја формираа и започна со работа новата невладина и непартиска асоцијација во рамките на семејството МЕЃАШИ и со одобрување на творецот на идејата - Генерален конзулат на Првата детска амбасада во светот МЕЃАШИ, организација што потоа стана Прва детска амбасада на светот МЕЃАШИ со седиште во Република Македонија.

Амбасадата МЕЃАШИ во Сараево поради тешките услови не беше во можност да ја развива идејата. Таа ги спасуваше децата од смртта, надвиена над босанското небо. Амбасадата МЕЃАШИ со седиште во Скопје ја презеде улогата да ја шири оваа благородна идеја во светот. Од самиот почеток Амбасадата на децата бегалци од поранешна Југославија им помогна во Македонија да најдат привремено згрижување и им овозможи дестинации во други европски држави.

По една година во Македонија, свои канцеларии отворија многу други меѓународни организации кои, исто така, започнаа да се грижат за бегалците, вклучувајќи ги и децата. Од друга страна, блокадите на кои беше изложена Македонија (грчкото ембарго), падот на стопанството (затворањето на пазарот со бившите Ју-републики), преструктуирањето на општествениот систем, нанесоа несогледиви штети и последици кои индиректно и директно ги погодуваа децата. Тоа беше знак дека Амбасадата треба да започне со работа и на други проекти и активности.



MEDJASI

MACEDONIA

Извршниот Колегиум на ПРВАТА ДЕТСКА АМБАСАДА ВО СВЕТОТ >МЕЃАШИ< од Сараево И на ПРВАТА ДЕТСКА ЗЕМЈА ВО СВЕТОТ >МЕЃАШИ< претставувана од творецот на идејата И Генерален секретар на Амбасадата >Меѓаши< Г-дин Душко Томиќ 21.12.1994. ЈА ДОНЕСУВА СЛЕДНАТА

О Д Л У К А

ГЕНЕРАЛНИОТ ДЕТСКИ КОНЗУЛАТ ЗА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ОД СКОПЈЕ НА ПРВАТА ДЕТСКА АМБАСАДА ВО СВЕТОТ "МЕЃАШИ" И НА ПРВАТА ДЕТСКА ЗЕМЈА „МЕЃАШИ" СЕ ИЗДИГА НА НИВО НА АМБАСАДА, ОДНОСНО СЕ ПРЕИМЕНУВА ВО ПРВА СВЕТСКА ДЕТСКА АМБАСАДА „МЕЃАШИ" ВО МАКЕДОНИЈА СО СЕДИШТЕ ВО СКОПЈЕ

Поаѓајќи од Декларацијата за правата на детето која е донесена од Организацијата на обединетите нации И во која се инсистира на посебна грижа И помош на децата во светот без оглед на нивната раса, боја на кожа, пол, јазик, религија, национално И социјално потекло, материјална состојба И место на раѓање Амбасадата >Меѓаши< во Македонија ја прифаќа Повелбата на ПРВАТА ДЕТСКА ЗЕМЈА >МЕЃАШИ<. ИЗВРШНИОТ КОЛЕГИУМ на Амбасадата застапуван од Г-дин Душко Томиќ ја ДОНЕСУВА ОДЛУКА Генералниот конзулат во Македонија кој ја претставуваше досега Детската земја >МЕЃАШИ< во Македонија ДА СЕ издигне на ниво на Прва Светска Детска Амбасада >МЕЃАШИ< во Македонија со седиште во Скопје.

ДУШКО ТОМИЌ
ГЕНЕРАЛЕН СЕКРАТРА НА
ПРВАТА ДЕТСКА АМБАСАДА
ВО СВЕТОТ >МЕЃАШИ< САРАЕВО





Приказ на еден од пасошите со кои патуваа во другите земји бегалците од БиХ згрижени во Македонија

# PEKOA



„Ние не сме ја наследиле оваа планета од нашите родители, туку им ја должиме на нашите Деца. Детето е Татко на човештвото, децата се копнеж на животот самиот за себе. Знам дека оваа нивна задача и мисија е прилично тешка и дека подразбира многу, многу активности за барем малку да се помрдне работата на добро.

**Влатко Стефановски, музичар**



„...Веќе сте големи и знаете што правите. Она што последно ме воодушевува кај вас е што се спротивставувате на целиот систем, притоа нагласувајќи колку е важно да се дознае биолошкиот родител на оние коишто се посвоени дечиња и, исто така, се борите за подеднакво старателство по разводот. Секогаш ќе ве поддржувам затоа што сте искрени, трпеливи, воспитани и секогаш знаете што сакате.“

**Весна Петрушевска, актерка**



„Да бидеш во МЕЃАШИ и да придонесуваш барем малку за подобро на децата претставува чест, претставува гордост. Јас се вљубив во ентузијазмот, во она што ми го презентираат како Прва детска амбасада. И додека ме држат нозете и умот, се разбира, ќе бидам таму и колку можам ќе придонесувам.“

**Благоја Чоревски, актер**



„Скопје има неколку значајни места коишто мене ми се многу драги, а тоа е Камениот мост на Вардар, црквата Свети Спас со прекрасниот иконостас, Калето и Првата детска амбасада МЕЃАШИ. Многу сум горд што сум јас дел од еден таков тим. Првата детска амбасада прерасна од една хуманитарна организација во една професионална невладина организација.“

**Коле Ангеловски, амбасадор, режисер**



„Ова е светско движење, светски проект. Во тие први денови, бурни, зборувам за времето кога беше конфликтот во Босна, од каде што директно за неколку дена дојдоа голема група мајки со деца, честопати возев со комбито и пелени и хигиенски средства и што не. Столбот, сепак, беа Гордана и Драги Змијанац, на нивниот грб многу нешто помина, сето тоа херојски го поднеле.“

**Драган Мијалковски, вицеконзул 1992- 1996, естраден уметник**



„Тоа што научив од нив и што се восхитувам до ден денеска, пред сè, е број еден брзата реакција на потребата на детето, и за време на воената криза на Македонија и за време на катастрофалната непогода која беше пред неколку години во Скопје. Детска амбасада МЕЃАШИ делува веднаш, не чека некој да ги организира, сами преземаат активност.“

**Д-р Мариа Доневска, почесен член на Собранието на Детската амбасада МЕЃАШИ**



„Детската амбасада и нејзините основачи за мене се симбол на борбеност, на истрајност, на една посветеност и искреност во работењето. Човек да има прилика да биде инволвиран на било каков начин во целата инспиративна атмосфера и работа на МЕЃАШИ претставува едно посебно животно искуство.“

**Васка Бојаџи, член на детска делегација во презентација на детскиот алтернативен извештај при Комитетот на ООН во Женева**



„Слободно, нема да згрешам, ако кажам дека на некој начин МЕЃАШИ е гласот на децата. Децата ја препознаваат таа организација и комуницираат со неа. Таа како невладина организација остави белег на сериозна организација која ѝ беше потребна во Република Македонија.“

**Иџет Мемети, Народен правобранител на РМ**

# ДЕЦАТА ПРЕД СЀ...

Зборот дете секогаш треба да се изговара со длабок наклон и вдахновено, највдахновено што може. Да се изговара „дете!“ со љубов, благост, почит, инспирација, фантазија, со знаење, но и со обврска. Со мудрост која одговара на детската мудрост, а таа е неисцрпна и несогорлива.

Сè што треба да знаете за детето, цветот на овој свет, е всушност сè што треба да знаете за светот и за животот. Тоа со себе ги донесува сите тајни и одговори.

Детето е чудотворно, тоа е распрскувач на љубовта, двигател, сила на постоењето, единствен легитимен наследник на постоењето. И на планетата Земја.

И како такво, секое дете е посебен свет во овој Свет, подеднакво важно, на кој му припаѓа и ќе му припадне овој Свет.

Децата, ја заслужуваат среќата, не среќата мерена со дланките на возрасните (тие многу често и не знаат во колкава мера треба да ја послужат на децата), туку среќата мерена токму со детските дланки, кои навидум се мали, но се во димензија на сиот Универзум.

Детето е чист дестилат од Љубов. Детето е плод на Љубовта. Тоа е мешавина од сончев сјај, полен и пролет. Нешто што го оплодува и облагородува Светот. Децата се крилјата на човештвото.

„А, (зборот) дете и старецот сед го окрепнува“, рекол мудрецот.

И, затоа, секое дете заслужува да е најсреќно! Секое, без исклучок. Треба да се стремиме кон оваа, навидум утопија. Затоа што, тие го красат светот на возрасните. Но, не секогаш светот на возрасните го краси нивниот свет.

Во реалност децата знаат да бидат фрлени и во друга крајност и да бидат изложени на запоставување, на мачење и терор, од страна на возрасните. Суровиот свет и лошите услови направиле некои деца да не се најсреќни, да прегоруваат и горат во суровиот свет, И тоа е болка на човештвото, болка за која лек мора да се најде, на секој меридијан. Што поскоро.

Колку ним човештвото им должи? – Им должи сè.

Идејата да се усреќат децата е предизвикувачка! За секој од нас.

„Правата“ се првото име на љубовта кон децата. Зашто дете без своите права, какво дете е тоа?

Децата се крвоток во едно општество, но и свежата крв на тој организам. Тие се најважни.

***

И таму каде што сите ги вртат главите и одминуваат, несогледувајќи ги детските проблеми, човекољупците од МЕЃАШИ застануваат и го отворат своето срце. За децата.

Таму каде што човечка рака му го скршило срцето на некое дете, таму тие подзастануваат и со мелем му ги пополнуваат тие пукнатини, со цела ризница дарови: внимание, љубов, грижа, решение. За да се залечат и да не се познаваат лузнички.

Читајќи за нив, верувам и во вас целосно ќе се разбуди она што го поседувате. Сето човекољубие. Но, штом ја имате оваа книга в раце, и вие сте едни од нив, човекољупците! Вистински љубители на децата!

Посветеноста и обврската кон децата, луѓето од МЕЃАШИ успеваат да ја изразат конкретно, она што некој целиот живот само се обидува, односно недоволно се ангажира... Искуствата нека ни помогнат во тоа. И негативните да ги претвориме во позитивни. Сите се раѓаме како оптимисти и човекољупци, но во текот на животот честопати возрасните луѓе, за жал, ги прескокнуваат овие свои карактеристики. И кога секој во нас би ја открил и засилил внатрешната сила на емпатијата, не е можно да се каже колку би станал светот подобар. Предобар би станал, и би настанал значителен пресврт. Во корист на сите нас. Да ги снема лошите пречки за добра иднина. Да тргнеме од бездомништвото, сиромаштијата, прогонството и ред други страдања. Инстинктивно чувствуваме болка кога ќе видиме човек во ваква понижувачка состојба. Можеме против тоа да се бориме цел живот, а да не постигнеме ништо. Ако немаме план и акција.

Таквото сознание често нѐ обесхрабрува и на крајот не правиме ништо, додека од секој

од нас се очекува за општо добро да придонесеме со добри примери и дела. Решението на проблемите не е во седење со скрстени раце и во мечтаење за добри денови, туку треба да се покаже искрен интерес и повеќе осет за туѓите потреби. Токму како што тоа го прават МЕЃАШИ.

Во добрите примери и делата на МЕЃАШИ сигурна сум ќе ги најдете сите идеи и инспирации кои ви се потребни. Иницијативите кои тие ги разменуваат со децата се многу моќни, а делата чудотворни.

Колку е потребна и важна правдата, велат, најмногу се гледа кога ја нема. Сите понекогаш сме биле во ситуација да ја почувствуваме студената острица на животот. Тоа треба да нè научи да бидеме подобри кон другите, да не заборавиме дека животот има различни лица, и во таа смисла ќе ве изненадат вистините кои ќе ги откриете читајќи ја оваа книга за светот на МЕЃАШИ и што сè тие правеле во изминативе 30 години, а сите детали може да се прочитаат и на http://childrensembassy.org.mk/

Затоа, да ја оставиме приказната за МЕЃАШИ да кружи низ светот, да го доживееме овој тим и неговите дела како мал дар од небото кој треба да нè потсети дека доколку децата не се среќни, ниедна приказна не може да биде среќна. Пораката да ги допре срцата на луѓето, да ум го зачува непоматен разумот на моќниците кои одлучуваат за многу важни работи, да ја зголемиме добрината, која всушност е најважниот енергетски погон на Вселената. Зашто, човештвото, покрај сите војни, уништувања и истребувања на луѓе и нации, опстоило и продолжило да постои благодарение на добрите луѓе полни со љубов, разбирање и волја за помош кон другите.

Сите ние сме длабоко испреплетени меѓу себе и никој не смее да се чувствува како „роза среде пустина“. Секое дете е бисер. Нашите деца се нашата суштина, на семејството, на човекот.

Затоа, нашиот универзален и најблагороден потфат е да го подредиме светот во интерес на нивните желби, нивниот мир и нивната спокојна иднина.

Нечесен, лажлив, лицемерен, завидлив, дво-

личен, насилнички и тоа без пардон, знае да биде светот на возрасните. А, пак да повторам, децата се единствените и легитимните наследници на светот. Но, за жал, нивните права (како да) се фрлени на маргините и згазени од чизмата на Лошиот и Неправедниот.

Правото на детето е планетарна вредност и никогаш не почнува и завршува само на едно место и во едно време.

Несомнено, самите ваши дланки ќе почнат да аплаудираат кога ќе прочитате што сѐ направиле МЕЃАШИ и колку многу активности, кои се рефлектирале во насока на детските права во земјава и низ многу меридијани. Први се во својата мисија, првенци во својата работа. Прва детска амбасада во светот! Пионери!

Тие неуморно и пожртвувано ја остваруваат својата мисија. Секогаш и одново ширејќи ја својата рамка, правејќи ја сеопфатна, побогата, поправедна, секогаш со нова идеја и цел, нова визија и сила. Им порачувам и натаму да истраат на ова благородно поле на дејност. МЕЃАШИ, јас од срце ви посакувам и натаму да сте сѐ - Универзумскиот светилник за детските права, таа светлина еден ден ќе биде нивната иднина!

А ваше дело и гордост!

**(Од авторката)**

***

Треба да се поклониме...

Да! Треба да се поклониме пред децата и од нас кон нив да тргне најсилен аплауз, зашто неправдите на големиот човек тие ги поднесуваат на своите кревки плеќи. Треба да се аплаудира и пред МЕЃАШИ, затоа што тие ја почувствуваа детската болка на Балканот и на сите начини се обидоа да ја ублажат и залечат. И затоа што ги создаваа правилата кои немаше од каде да ги прочитаат и да ги знаат, по кои трасирани патеки да одат... Но, сами ги создаваа, и тоа многу успешно. Тие се основачи на нов правилник за однос кон децата. Двигатели на промени.

Детската Амбасада МЕЃАШИ успешно се обиде на незаштитените да им даде засолниште, на неспокојните парче спокој, на настраданите да им помогне и на обесправени-

те да им стави на дланки искра за правда, да превенира каде може и да расчисти терен за децата кои доаѓаат.

Токму затоа Првата детска амбасада во светот МЕЃАШИ е од НЕПРОЦЕНЛИВА ВРЕДНОСТ . И не може да се измери само од денес до денес, нејзината вредност допрва ќе се мери. Нивната работа сиве три поминати децении беше разнолика, пејзажна (затоа што ги допре и обработи сите полиња на интерес на децата) и филигранска (затоа што неосетно и најпрецизно допре до најситната пора, до сите болки на децата, ги избриша нивните солзи и постави нови постулати на права и правила и среќна иднина за сите). Реални, поучни, професионални и најдобронамерни решенија, закони и пораки, се дел од целокупниот нивни ефект.

Амбасадата помина еден силен процес на зреење. Но, не само тоа. За овие 30 години, сите ние растевме преку работата на Амбасадата, дознававме работи кои дотогаш не ни биле важни за децата или не сме ги забележувале, стекнувавме нови сознанија, во глава ни се разместуваа нови визии, ни стана видливо дотогаш невидливото, тргнавме во потраги по нови правила, па оттука работата на МЕЃАШИ е универзална, вонвременска, нема мерка време и простор.

Правилата и прописите не важат секаде исто, но етичките стандарди се универзални. Затоа, она што е порака на МЕЃАШИ денес, ќе биде порака за навек. Она што е нивна порака овде и сега, ќе биде и на која било точка и кога било.

Во тие 30 години предадена борба за правата на децата, вредните дејци од Амбасадата на виделина ги извадија сите работи невидливи со „голо око". Ни дадоа лупа во рака. Нè учеа како да ги препознаваме опасностите, како да се ублажи болката онаму каде што не може да се спречи, да се превенира од опасностите кои го демнат детето. МЕЃАШИ нè учат да се одучиме од обрасците кои довеле до нечии лоши детства и да научиме некои нови, кои ќе го осветлат нивниот свет и детскиот пат на некои нови „клинци"... Нивната улога е бесценета!

За нив децата не се само оние на кои треба да им се зборува во деминутивчиња. За нив

се рамноправни личности кои вредат и за кои мора сè да сториме, со време.

Тие се неуморни борци.

Нè научија да не сме рамнодушни на неправдата кон децата, кон сè она што што им прави (потенцијален) проблем, сè она што има тенденција да ги вознемири. Се борат против оние луѓе чии постапки и навики се лоши, кои гледаат да им го отежнат и/или загорчат животот на децата, да им предизвикаат немир.

Светската награда „Ангел на годината“, освоена во Италија, навремено, зборува многу за нивниот меѓународен углед и реноме...

Но, несомнено најголем комплимент е тоа што за нив се изучува во учебникот за трето одделение и во некои учебници за деца од основно и средно образование, со што е и првата невладина организација која влезе во учебник.

Правата на децата. Сè ми се чини, таа „материја“ нема крај, тоа е несопирлива задача за нас возрасните, затоа што, за жал, и покрај сè, степенот на неправди и злосторства кон децата и ден денес расте.

Кај нив и кога се затвора едно прашање, секогаш се раѓаат сто нови. Вечна е борбата за правата на децата, зашто тие се само на хартија...

***

И тука се отвора прашање: Што сè треба да им дадеме на децата? Се разбира, квалитетен живот, чист воздух, слобода и сите радости на детството – да им посветиме време, да им раскажуваме и да ги подготвуваме за животот, да



ги оставиме да другаруваат, да ги оставиме да го развиваат својот талент што го имаат, да ги носиме во природа да се брчкаат во вирчиња, да градат кули од песок крај езерскиот брег, да ги хранат животните, да не ги заробуваат, да се шлапкаат на дождот, да си играат на снег... Да растат среќно.

Да ги советуваме правилно. На хуманост, емпатија, прифаќање на вредности, на благодарност, на делење, на дарување, на самодоверба. И да укажат помош кога некој има потреба од тоа.

Нека ја почувствуваат и запамтат радоста на животот и детството. Да ги поддржиме и кога грешат и да им помогнеме кога навистина страдаат. Страдаат од војни, од прогонства, од лудоста на возрасните. Ова последново, чинам, е најтешкото...

***

Почитувани и драги,

голема е авторската дилема кога се пишува за толку обемна и континуирана повеќеслојна тематика за која може да се напишат томови, да се сместат во неколку стотици страници, а во нив да биде опфатено сѐ.

Многу активности се во прашање, од моментот кога Гордана Пирковска Змијанац тој 8 јуни 1991 на телевизија ги гледала тогаш најпознатите вести Јутел. Загрижена и потиштена од општествените случувања тоа време, одбива да биде нем сведок на неправдите, непосредно пред распадот на поранешна Југославија. Воодушевена од идејата за формирање амбасада на децата, таа веднаш утредента стапува во контакт со господинот Душко Томиќ, со кого започнуваат договарањата за отворањето на новата организација во Македонија, во текот на следните 10 месеци.

Сите тие, бескомпромисно и пожртвувано водени активности го втемелуваат угледот на МЕЃАШИ и ја продлабочуваат нивната важност и мисија, која главно се состоела од неколку фази и неколку поглавја:

- пружање поддршка и прифаќање бегалци во воени услови;
- лоцирање на неправдите;

- истакнување на аномалиите;

- посочување, делување, поставување правила и нови барања за правда;

- едуцирање, надградување и трасирање посветли патишта за новите генерации, по патеките на мировното образование.

Потоа борба за сузбивање на детската сиромаштија, бездомништво, непоседување документи, насилство, сексуално вознемирување и напаствување, родоскврнавење, запоставување... се дел од она со кое се бореле три деценции, сè со цел да се стигне до правда, похуман свет, мир и ненасилство.

Токму заради тоа, оваа книга не може да биде како секоја друга „вообичаена“ монографија, во која само редоследно и хронолошки се редат најважните настани и датуми. Ова е можеби најспецифична книга, зашто овде хронологијата и статистиката, иако се значајни и важни, се ставаат во втор план, после суштината и содржината која е многуслојна, и по вертикала и по хоризонтала. Голема беше обврската да се состави сето тоа, најописно, со најлежерен пристап и со помалку патетика и тага за да не измамува солза во секој ред додека пловиме по бурното море на детските неправди. Верувам, со тимот успеавме во тоа!

**(Валентина)**

# ИНТЕРВЈУА

# ДРАГИ ЗМИЈАНАЦ

Претседател и основач
Прва детска амбасада во светот Меѓаши




„ПРЕДИЗВИК Е ДА СЕ БИДЕ ЛИДЕР
НА ОВА ГОЛЕМО СВЕТСКО ДВИЖЕЊЕ!“

**Да се биде столб и прв човек на Првата детска амбасада во светот МЕЃАШИ е чувство и искуство кое го знаете само Вие. Условите за работа не постоеја, Вие ги создававте сиве овие изминати години целосно ориентирани кон децата, сами против востановени правила и шаблони на однесување, предрасуди, дискримицации, институции, празнини во законот, и згора на сè и менталитетот на средината во која живееме, како општество во транзиција. МЕЃАШИ е омеѓена со меѓниците на Вашата борба за детските права, оставате вредности зад Вас, и траги. Што Ве поттикна на оваа голема борба, дали можеби тоа што и самиот сте родител?**

- На почетокот бевме три столба – Горде, Коле и јас, како времето изминуваше се вградуваа уште столбови во ова светско детско движење наречено Прва детска амбасада во светот МЕЃАШИ, која ги застапува децата и се бори веќе 30 години за поправеден свет за децата. Кога веќе ме повикувате на чувството и искуството кое го искусив сите овие 30 години, може да нагласам дека не можеш да изградиш нешто значајно и движечко само ако сакаш, ако си посветен и веруваш во тоа што го правиш. Туку, упорноста и храброста се, исто така, важани за да се видат контурите на градбата, од самиот почеток и во првите неколку години. Сега кога ќе се осврнам наназад, морам да признаам пред себеси дека сè мора да се заработи, преку работа, верба, упорност и чесност. Кога силно нешто посакуваш и веруваш во тоа што го правиш, и Универзумот е со тебе. Промените не се случуваат преку ноќ. Треба силно да се залагаш, да си мобилен, жилав кон нападите и ударите и да излегуваш посилен од секоја претходна битка. Одбраната и борбата за поправеден свет за децата не е само тешка, туку и инспиративна. Предизвикот го почувствував како можност да бидам двигател и лидер во ова големо светско движење наречено Прва детска амбасада во светот. Претпознатилва и призната насекаде во светот. Тоа е столбот на успехот. Сè друго се надоврзува, надополнува, менува и движи. Тука сме и постоиме затоа што сме потребни. Често се шегувам кога велам дека ако оваа амбасада, прва во светот, чие срце е во Македонија, не постоеше, требаше да се из-

мисли. А, бидејќи постои и континуирано се докажува, твори, создава, истата треба несебично да се поддржува и помага. Во еден од прирачниците на УНИЦЕФ, авторката г-ѓа Сју Гилберт напиша: „Македонија е позната по правата на децата, бидејќи таму е формирана Првата детска амбасада во светот МЕЃАШИ“.

Условите кога започнавме за помош и поддршка на децата погодени од војната во поранешна Југославија беа тензични, војната започна. Гордана Пирковска Змијанац, која е иницијаторка и основачка на Првата детска амбасада во светот МЕЃАШИ, упати апел за згрижување на децата погодени од војната. По нејзиното силно инсистирање, уредникот Љубиша Николовски ѝ дозволи на ударните вести на Македонската телевизија да упати апел на солидарност, за помош и згрижување на децата погодени од војната. Апелот стигна до македонските граѓани. И така почна сè. Тоа беше на 12 април 1992 година. Додека Гордана беше на МТВ, јас бев дома, го снимав тој апел, телефонот непрекинато ѕвонеше, ги регистрирав сите повици и барања од граѓаните да згрижат дете во своите домови.Тоа беше вистинска солидарност и хуманост на дело. Ние така и започнавме, како неформална граѓанска иницијатива. Поради тоа што ги разбранивме и мобилизиравме сите државни институции и баравме да се отворат детските одморалишта, хотели и слично, сфативме дека мора да се формализираме и основаме. На 29 април го имавме Основачкото собрание во Пионерскиот дом „Карпош“, а официјално се регистриравме како граѓанска организација, тогаш во Министерство за внатрешни работи, дури на 25 мај 1992 година. Инаку, главниот мотив, инспирација и поттик во оваа борба ја црпам и од моето детство. Сум растел во услови на социјална, воспитна неправда и занемареност. Сум растел во семејство со самохрана мајка. Сум растел во дисфункционално семејство. Условите беа тешки. Да не кажам на граница на сиромаштија и социјална неправда. Но, тоа за мене како личност значеше голем предизвик – или да станам посилен или да се скршам. Ја избрав борбата за правда и таа ми е водилка сите овие години во мојот живот. Таа ми е животната енергија, мисија и визија. Знам дека не случајно сум се родил и имам задача нешто да

направам. Барем малку да се сменат и подобрат нештата. Неправдата ме погодува. И затоа често сум и бунтовен, гласно говорам за истата и не се плашам да го кренам гласот. Мојот глас е одглас на милиони деца.Така се бодрам и влегувам од една во друга битка. Знам дека е тешка, мачна, неизвесна, но чекам, трпелив сум и ги следам и најмалите промени како голем исчекор напред кон поправеден свет за децата.

**Суптилно е да се работи за правата на децата, пред сѐ треба да се познава целиот Закон како и механизмите на неговото функционирање во реалноста. Воедно, нималку лесно, бидејќи живееме во услови во кое општеството наместо да олеснува, пружа отпор кон граѓанинот и неговите потреби, нарушени се многу права, а многу деликти врз деца се прикриваат добро организирано. Ве плашеше ли сиот тој отпор, сета таа ситуација околу Вас која создава приклештеност, Ве обесхрабруваше ли на моменти?**

- Некогаш чувствувам дека нашата работа тапка во место. Тоа е првичен впечаток. Има унапредување на одбрана на правата на децата, но државните институции некогаш како да си ја префрлаат одговорноста едни на други. Не се доволно ефикасни и мобилни, не спроведуваат превенција од насилството навреме, санкционираат само тогаш кога ќе има случај на инцест или смрт, што е задоцнета мерка. Степенот на злоупотреба на децата во Македонија е постојано во пораст, а тоа се должи на агресивноста, осаменоста и отуѓеноста на децата, тие се сѐ повеќе препуштени сами на себе. Прво што е најбитно е што го скршивме молкот на страдањата на децата, јавно проговоривме за сите проблеми со кои децата во Македонија се среќаваат, а за кои порано беше срам и страв да се зборува, ги охрабривме децата да говорат за насилството, да нѐ препознаат како заштитници на правата на децата, како нивни застапници. Секако, имаме инструменти, индикатори, како да стигнеме до информации со проблемите со кои децата се среќаваат. Во 1993 година го отворивме СОС-телефонот за деца и млади, сега познат како „Ало, Бушавко„ 070 390 632 . Оваа линија за деца функционира 29 години, на него досега се имаат јавено над 21 000 деца, родители, старатели, најблиски, да пријават злоупотреба на децата,



насилство, прекршување на детско право. Ние ги користиме нашите механизми да се спротивставиме и често со помош на медиумите вршиме притисок, некогаш знаеме да бидеме гласни и повеќе од што можеби се очекува од нас, државните институции да ги ставиме во максимална функционалност и ефикасност, во одбрана на правата на децата. Да го почитуваат најдобриот интерес за детето. Мотото на Детската амбасада МЕЃАШИ е „Сите идеали на светот се помалку значајни од солзите на едно дете".

**Се покажа дека за да се подобри едно право на некое дете или барем да се почне со промена, за жал, треба да се види или доживее најлошиот пример или случка. Ништо не можеме отпосле да направиме со тие тажни и поразителни факти ни со црни статистики, но можеме на нивни темели и на база на извлечена поука да изградиме поправеден детски свет.**

- Во борбата за поправеден свет за децата урнавме многу табуа, стереотипи, отворивме и иницииравме решавање на многу проблеми кои ги засегаат децата, дадовме приоритет за важноста на почитување на детската личност и нив-

ните најдобри интереси. Го урнавме молкот на страдањето на децата од сексуална злоупотреба, од физичко насилство, за проблемите кои ги имаат кога нивните родители се разведуваат, од тагата поради тајноста на посвоените деца да немаат пристап до нивните биолошки родители, од секојдневните проблеми со кои се среќаваат децата, од меѓуврсничкото насилство, од тоа дека сè уште има деца без извод од матична книга на родените, деца чиј труд се злоупотребува, деца кои не се вклучени во основното образование или се спречени да го завршат. Но, она што најмногу загрижува последните години е загадувањето на воздухот и канцерогените честички кои ги дишат децата. Загадувањето на воздухот е еден од главните фактори за смртност кај децата, бидејќи тој воздух трајно ја преминува границата меѓу крвта и мозокот и трајно го оштетува детскиот мозок во развој. Поради негрижата и отсуство на мерки против екстремно загадениот воздух во Македонија на децата им е прекршено, загрозено најелементарното право – правото на живот според членот 6 од Конвенцијата за правата на дететот којашто ја ратификува Република Македонија во 1993 година.

**Вие бевте скенер и со Вашата работа го изнесовте на виделина фактот дека, всушност, децата не се девијантни кон општеството, туку дека сосема испревртено општеството е подевијантно кон нив. Дека нивното е, всушност, само одговор на неодговорното однесување на возрасните и дека сите заедно сме одговорни.**

- Општеството и институциите на државата често се девијантни кон децата. Наместо да им бидат поддршка и помош, често постапуваат спротивно на нивните потреби и интереси. Многу често кога не постапуваат соодветно или постапуваат погрешно, државата нема механизам за санкционирање на одговорните, туку напротив ги штити. И така само проблемите се продлабочуваат, а државата и институциите стануваат соучесници на нефункционалност на системот. Има многу примери во пракса. Отуѓувањето на детето од родителот е девијација на возрасните и општеството и таквото директно и неодговорно однесување го погодува правилниот раст и развој на детето. Тешко е од дисфункционални и нарушени поранешни брачни односи по напуштање на брачната

заедница родителите да бидат учесници во функционално и одговорно родителство. Заедничкото и одговорно родителство и по развод треба да е насочено кон она што е најважно, а тоа е најдобриот интерес на детето. Детето не треба да се чувствува дека е виновно за разводот и треба да




живее нормален живот, добивајќи го вниманието од двата родители подеднакво, бидејќи разводот на брачната заедница е престанок на бракот, но не и престанок на родителството. Мајката и таткото се подеднакво важни и значајни за правилниот раст и развој на детето и тоа во никој случај не треба да се става во ситуација да избира. Разводот е престанок на брак, не престанок на родителство, на детето му е потребна љубов од двајцата родители при процесот на растење во здрава индивидуа за да се избегнат девијантните појави во адолесценцијата. Детето не е виновно за настанувањето на разводот и не смее да чувствува никаква грижа на совест.

**Општеството навистина ги проголтува детските права. Најмладите како да се најдискриминирани и нема како да се бранат од возрасните, освен ако не им помогне некој возрасен. Младите треба да знаат дека постои решение за нивниот проблем, иако им изгледа како цел свет да се срушил врз нив. Вие тоа го посочивте низ бројни ангажмани и кампањи. Што посебно би издвоиле?**

- Живееме во целосно поделено општество

по етничка, социјална, образовна и каква било основа. Живееме со груби и агресивни, насилни однесувања кон оние поразлични од себе. Живееме во сегрегирано општество во кое учениците од различни етнички заедници учат во посебни училишта. Иако зборуваме секој на својот јазик, сепак ретко се разбираме кога треба да градиме доверба, заеднички вредности и живот. Токму затоа решивме да стартуваме со кампања „Поттикни мир", да ги раздвижиме нештата и да бидеме дел од промената, делувајќи индивидуално и како граѓанска организација, и на колективно ниво. Притоа, да побараме од државата да биде помобилна во однос на она што го бараме од неа, да негува, гради и промовира вредности како што се емпатија, солидарност, одговорност, дијалог и ненасилство.

**Генерално голема неправда е – децата со своето постоење го обојуваат светот со најтопли и највесели бои, а светот не ретко знае бесрамно да го обојува нивното детство во најтемни, сиви, тажни бои, во бојата на солзите. Сите треба да го менуваме односот кон децата и задолжително да се едуцираме за нивните права.**

**И во таа насока сторивте многу. Што е највредно во сето тоа?**

- Една од најтешките трауми која може да му се случи на дете е сексуалната злоупотреба. И за оваа траума некогаш се молчи долги години. Но, ние го кренавме гласот и јасно и гласно проговоривме за овие трауми кои ги трпат децата и баравме решенија. И превентивни, но и казнени. Силното застапување, залагање и лобирање на Првата детска амбасада МЕЃАШИ за построго санкционирање на сексуалните злосторници, родоскврнувачи, педофили, посебно кон деца под 14 години вродија со плод, од четири препораки три беа прифатени и мислам дека на овој начин има можност оваа патолошка појава да се стави под контрола, особено за рецидивизмот. Она што се залагавме беше прифатено, медикаментна терапија или хемиска кастрација, минимум 15 години казна затвор, но не прифатија носење на електронски алки откако педофилот ќе ја напушти институцијата затвор. Сметаме дека хемиската кастрација треба да биде задолжителна како мерка, особено за рецидивистите и тоа да се воспостави веднаш

по напуштање на институцијата затвор и на педофилот на тој начин ќе му се помогне да не го повтори делото, бидејќи Детската амбасада се залага за секој повторен случај, доживотна казна затвор. Ова не е телесно казнување, бидејќи се делува на психата, односно психичкото растројство што го има педофилот бидејќи тој не е способен да го контролира нагонот и либидото и на тој начин сметаме дека му помагаме и на педофилот, а воедно и на децата, да не се повторуваат овие дела.

**Сите вие од Амбасадата имате искуство во сите правци, длабоко, широко, долго, и секој од вас може да напише по една дебела книга од искуствата. Потсетете се кој Ви беше најтежок момент во сите овие 30 години, а кој најсветол и најголема гордост?**

- „Девојчето паднало на сукало и ја изгубило невиноста“, вака некако заврши случајот на тогаш деветгодишното девојче, силувано од пријател на мајка ѝ. Случај затворен! Во случаи на сексуални деликти, постапката за утврдување потекло на повредите не може да ја прави гинеколог, туку исклучиво лице од судска медицина кое е за тоа стручно. Но, тогаш никој не го пријавил случајот во судска медицина, каде што доколку имало случај на силување, тоа ќе било откриено поради спецификите на повредите. Интересен е податокот дека двете повреди кои ги констатирал гинекологот не можеле да настанат од еден пад, па дури и врз неверојатното сукало, туку биле направени во најмалку два наврати. Значи, случајот е затворен, нема ниту осомничени, ниту обвинети. Македонија ќе остане единствена земја во светот каде „од пад на сукало се губи невиност!“

Потоа, помогнавме на илјадници деца погодени од војната во поранешна Југославија, одговоривме на предизвиците за спасување и евакуирање на децата од Босна и Херцеговина и ги згриживме во Македонија. Одговоривме на косовската криза и работевме со децата во камповите во Радуша, Бојане, Чегране, Стенковец 1 и 2 во периодот 1999 и 2000 година. За време на конфликтот во Македонија во 2001 г. отворивме Прифатилиште за внатрешно раселени лица и згриживме 16 лица, тие во периодот од пет години беа згрижени во Детската амбасада

МЕЃАШИ. Тука ни се родија и три бебиња – Александар, Марија и Никола. Одговоривме на мигрантската криза. Имавме хуманитарна брза акција за помош на децата од поплавата во Скопје, на децата пребегнати од Сирија, а згрижени во Турција. Исто така, соодветно одговоривме со хуманитарна помош за време на пандемијата од Ковид-19 со дистрибуција на помош до соодветни институции со снабдување на скафандери, ракавици и маски...

**Поместувавте еден свет од внатре кон надвор, од невидливо кон видливо, поттикнувавте промени. Шетајќи наназад низ времепловот, се гледа колку вашата работа е донкихотска која на крај кога ќе се собере, пак дава поинаков ефект и заклучок дека ништо не било бесцелно. Дека МЕЃАШИ станал „морален“ дом на секое дете, босо, гладно и страдно, но и на она што има покрив над глава, а сонува за повисоки цели... Дека МЕЃАШИ станала како школа за трансформација кон демократија и детските права и успеала да наметне многу позитивни промени. Вредеше ли трудот?**

- Државата е повеќе насочена кон законските измени и што законските норми предвидуваат, а помалку или во одделни делови воопшто не се споменува како тие законски одредби се применуваат во пракса. Нема воспоставен систем на следење како законите се спроведуваат, ниту има информација дека е направена соодветна анализа колку средства се потребни за спроведување на законите. Пропустот во заштитата на детските права најчесто настанува при спроведувања на законите, а во одредени случаи тоа се случува поради законодавни празнини и несоодветно регулирање на одредени прашања. На пример, има закони каде што е предвидено дека детето има одредено право, но притоа не се прецизира како детето може да го оствари тоа право, во која постапка, пред кој орган и во согласност со кој закон. Ваквите законски решенија се неприменливи во пракса и наместо да претставуваат унапредување на правата на децата, тие претставуваат дополнителна пречка. Но, да! Вредеше трудот. Детската амбасада не само што стана школа за трансформација кон демократија и детските права, туку и го јакне и поттикнува детскиот активизам и учество. Име-

но, Македонија е една од ретките земји во светот која успеала по вторпат да подготви Алтернативен извештај за состојбата со правата на децата во Македонија – од перспектива на децата. Истиот да го достави, презентира и брани пред членовите на Комитетот за правата на детето при ООН. Децата наведуваат дека секојдневно се жртви на различни форми на насилство, помеѓу кои најзастапено е врсничкото насилство и потенцираат дека училиштата треба да направат многу повеќе за едукација на децата за спречување на овој вид насилство. Ги посочија проблемите во образованието, кои се бројни, вклучувајќи го и слабиот квалитет на наставата, недоволната грижа за хигиената, несоодветните услови за децата со попреченост и недоволната грижа за менталното здравје на децата. Но, сметаат дека загадениот воздух, особено во зимските денови, како и дивите депонии, фабриките во близина на населените места се дел од еколошките проблеми со кои се соочуваат децата и сметаат дека за истите не постои ниту доволна свест, ниту доволна грижа од државата. За одговорност и кривично гонење да не зборуваме. Наведоа многу други проблеми со кои се среќаваат децата. Очекуваме наскоро да стигнат конкретни препораки од Комитетот за правата на децата. Но, и конкретно нивно спроведување и реализација од државата Македонија. Тука ќе има уште неопходен наш ангажман, затоа што во секој извештај досега многу проблеми со кои се среќаваат децата, а се забележани во извештаите упатени до Комитетот, се повторуваат.

**Вредниот тим на Амбасадата, чиниш како со чингелаќе, мошне нежно и внимателно исплете мрежа од детските права. А, со беспоштедната упорност направивте луѓето сѐ повеќе да сфатат дека детските права не се едно или две и дека нема доза во која треба да се остварат детските права, туку тоа треба да се прави до последен процент. И нешто и да се среди, секогаш се јавуваат нови права кои ги заслужуваат наследниците на светот. Според Вас лично, кое е првото најнеприкосновено и врховно право на секое едно дете, каде било и да се наоѓа на Планетата?**

- Правото на здрава животна средина. Право на живот. Најпогодена популација од аерозага-

дувањето се децата. Загадувањето на воздухот има штетно влијание врз здравјето на децата. Негативните ефекти од аерозагадувањето врз децата почнуваат уште пред нивното раѓање. Загадениот воздух којшто го дишат бремените жени, може да доведе до оштетување на плодот и неговиот развој. Загадениот воздух влијае и на намалена телесна тежина при раѓање, предвремени породувања, разни аномалии кај новородени деца чии мајки биле изложени на загаден воздух во текот на бременоста. Децата кои дишат загаден воздух, имаат зголемен број на инфекции на горните и долните дишни патишта. Како резултат на честите инфекции на органите за дишење може да настанат трајни оштетувања на белите дробови и хронични болести кои ги носат целиот живот, како астма, алергии, хроничен бронхитис. Како резултат на загадениот воздух се јавува и пореметување во развојот на централниот нервен систем кај децата, промена на имунолошкиот систем, појава на малигни болести. Аерозагадувањето директно ги погодува децата и нивното право на живот. Имено, според податоците на Светската здравствена организација, повеќе од едно на секои четири смртни случаи на деца под пет години е директно или индиректно поврзано со изложеност на децата на аерозагадувањето. Децата се особено ранливи на штетните ефекти од загадувањето на воздухот. Децата вдишуваат поголема количина на воздух, а со тоа и поголема количина на штетни супстанции.

**Што уште би порачале?**

- Во наредниот период планираме да се насочиме кон остварувањето на следните долгорочни цели на организацијата како што се почитување и разбирање на правата на децата и детската личност; промовирање и унапредување на културата на мир и ненасилство уште од најрана возраст кај децата, мобилизирање, актуелизирање и преземање иницијативи и акции за добробит на децата; заедничко и одговорно родителство и по развод, децата да имаат право да си ги дознаат своите биолошки родители, право на здрава животна средина и чист воздух и борба во мобилизирање и градење на функционални институции кои постапуваат во најдобар интерес на децата.


САКАМ
ДА
ДИШАМ
САКАМ ЧИСТ ВОЗДУХ
PEACE
LOVE
HOPE
FAITH
JOY
KINDNESS

# КОЛЕ АНГЕЛОВСКИ

Амбасадор на Детската амбасада МЕЃАШИ



„ГОРД СУМ ШТО ИМА ЕДНА ТРОШКА
И МОЈ ПРИДОНЕС ВО ЦЕЛИОТ УСПЕХ!“

**Вашиот расказ за малата Ана, кој е и дел од оваа книга, а напишан во почетокот на деведесеттите години, е расказ кој наежува, во него нема измислено ниеден збор, ниедна запирка, ни еден извичник и со кој, чинам, временски отпочнува работата на Првата детска амбасада во светот. Од тогаш досега, Вие сте еден од првите поддржувачи и цело време амбасадор, временски долг, обемно широк ангажман и, пред сè, голем волонтаризам, за што мора да Ви се честита. Може да претпоставиме дека таа случка Ве мотивираше и Ве внесе во овој свет на борба за детското спокојство?**

- Јас голем дел од мојот професионален живот го поминав во Сараево и таму работев неколку филмови, и работев и неколку претстави во Театарот за млади, а таткото на Ана беше еден од актерите со кој се најдовме на повеќе линии, меѓу другото двајцата бевме и печуркари и планинари, така што јас бев многу емотивно врзан за Сараево и воопшто за Босна и Херцеговина. И кога експлодира војната и кога настана опсадата на Сараево и уништување на луѓето, навистина тоа многу ме погоди, затоа кога ме повикаа Драги и Горде да учествувам во нивната неверојатна работа, барем во тие првите години кога се беше на волонтерска база, навистина на драго срце прифатив да бидам на таа функција.

**Како познат и етаблиран режисер, одлучивте да влијаете не само со морална, туку и со конкретна поддршка и однатре. За што се врзуваат Вашите сеќавања од најинтензивниот период на волонтерството?**

- Во првите години, кога дојдоа првите бегалци од Босна и Херцеговина, многу се ангажиравме и спасивме многу луѓе и човечки судбини, со тоа што се грижевме да се сместат бегалците, да им се обезбеди храна. Пристигна и еден голем конвој од три огромни авиони од Шпанија, со лекови и разни потрепштини за бегалците. Додека, пак ние од овде испративме околу 500 – 600 луѓе, веројатно во подобри услови во Шпанија. Тоа беше навистина еден неверојатен успех, три огромни авиони на шпанската авиокомпанија Иберија, бесплатно го направија сето тоа, Владата на Република Македонија ни обезбеди авионите бесплатно да слетаат на аеродромот. Тоа беше еден навистина голем зафат. А, во една акција во Детското одморалиште Бунец во Маврово, неколкупати со свои луѓе лично дојде градоначалникот на еден град во Франција, Во-ан-

Волен, донесоа училиштен прибор во тоа детско одморалиште, каде беа сместени мајки со деца и една учителка којашто ги учеше. Меѓудругото, јас од градоначалникот побарав еден училиштен автобус кој ќе биде наменет за настава во природа. Од Франција како донација – подарок донесоа многу убав автобус за 60 деца, комплетно опремен, со два телевизори и видео за да можат децата да гледаат. Тогаш, на моја иницијатива се направи Амбасадата да се професионализира, затоа што не може исклучиво на волонтерска база да се бави една таква организација којашто во тоа време многу значеше на овие простори. Исто така, во периодот кога министер за внатрешни работи беше Љубомир Фрчковски, успеавме да добиеме повеќе од сто дипломатски пасоши кои ние ги поделивме на разни значајни луѓе од Европа и од светот за да нè застапуваат насекаде и да ни помагаат во одредени можности. Е, подоцна, затоа што откога завршија воените конфликти, тие големи хуманитарни акции веќе немаа смисла, организацијата почна да се занимава повеќе со правата на децата и можеби е единствена таква невладина организација којашто толку години континуирано ги застапува правата на децата.

**Меѓудругото, Амбасадата има свој симбол – Бушавко, тоа дете навистина постои и не е измислена маскота.**

- Тоа дете не знам на каков начин од Брчко дојде во Македонија, бидејќи разбрало дека мајка му е тука. Дојде кај нас во Амбасадата и успеавме да ја најдеме мајка му и ги споивме тогаш.

**Промената на јавната свест е прв чекор кон остварување на некоја цел, а јавните личности тоа може да го направат со својата работа. Апелиравте ли и други Ваши колеги да се вклучат, да помагаат, каде што треба?**

-Па, меѓудругото, му предложив на Благоја Чоревски-Чоре, којшто е навистина неверојатно активен на волонтерска база. Уште кога беше директор на Драмскиот театар, во деведесеттите години, се нафати да биде со нив и многу работи заврши. А за една годишнина на Детската амбасада, направивме многу убава претстава за деца, се викаше „Кловнови“, во која волонтерски, без пари играа Владимир Ангеловски Дади (неговиот брат, актер н.з.) и Драган Спасов-Дац. Не беше во програмата на Драмскиот театар, но ја направивме дополнително.

**Во седумдесеттите години Вие прв ја направив-**

**те детската претстава „Шекспир во приказни“, потоа со Ваша претставата „Чудовиштата од нашиот град“ официјално отпочна со работа Театарот за деца и младинци, на Фестивалот на детето во Шибеник бевте и селектор... Иако сте биле целосно посветен на детето, работата во Амбасадата вам ви ги продлабочи тие чувства, кои кај Вас очигледно се и самоиницијативно преземена обврска, штом во вашето режисерско творештвото провејувале доста долго?**

- Мојот режисерски живот започна токму со една серија на детски претстави во Драмски театар, подоцна јас направив навистина неколку извонредни детски претстави, коишто во тоа време ја обиколија цела Југославија и мислам тоа е банална реченица, ама навистина „детето е најискрената публика“. Да се работи претстава за деца е големо задоволство, затоа што тој фидбек што ти го пружаат децата како гледачи, како искрени примачи на тоа што ти им даваш, тоа е неописливо задоволство и тоа е нешто што ретко се доживува со возрасна публика. Така што, навистина е убаво да се работи за деца.

**Драмите отсекогаш ја допирале душата на човекот, и ја моделирале свеста на луѓето, нешто што можело да ја допре душата низ вековите истото ја допира и денес. Драмата се занимава со вредности и МЕЃАШИ се занимава со вредности, меѓутоа, и со конкретна борба...**

- Мојата работа во МЕЃАШИ би ја поделил на два периоди – првиот период кога беше волонтерска и кога сите некако погодени од таа војна што се случуваше во Југославија, со максимум сили и работа, се обидувавме да помогнеме на луѓе, на деца. Вториот период е професионалната работа на оваа невладина организација, која се нарекува Прва детска амбасада во светот- Меѓаши, каде што луѓето што работат таму се професионализираа и кога веќе имаше екипа којашто професионално се занимава со проблемите на децата во нашата држава во Македонија и каде што јас, да речеме, малку се тргнав настрана. Тие се толку добро известени, толку добро организирани, така што функционираат беспрекорно. Се разбира дека таму има луѓе кои сè уште волонтерски работат, но има една група кои што работат со целосно работно време некогаш и преку, во зависност од ситуациите. Не само во Македонија, туку и пошироко не верувам дека постои таква организација која се грижи за децата како што

е МЕЃАШИ. Тоа што го работат навистина е беспрекорно и под полна пареа. Секогаш имаат проблеми со финансиите, меѓутоа знаат како да направат програми за да обезбедат одредена финансиска поддршка и да можат да опстанат. Еве, веќе 30 години опстојува МЕЃАШИ со единствена кауза - правата на децата! Ине само што е една од ретките невладини организации која се залага за тоа, туку и со рејтингот секогаш некаде во врвот на довербата, меѓу населението, меѓу граѓаните.

**Иако и јас, и сите сме биле деца, и ден денес не најдов одговор на моето вечно прашање – зошто децата радоста бескомпромисно ја покажуваат, а тагата никогаш, знаат толку длабоко да ја сокријат во себе, и просто се чудам како успеваат да одглумат толку добро, што најчесто не можеме да дознаеме што точно ги мачи.**

- Ха ха, да ти кажам искрено ни сам не знам зошто е така, но знам дека кога сум правел претстави за деца точно сум знаел како да ги привлечеме децата да ја сакаат таа претстава. Се разбира дека никогаш не сум направил претстава во којашто има насилство, колку и такви претстави да биле во тренд и модерни, многу сум сакал на децата да им раскажувам бајки. Затоа што, во денешно време децата се нонстоп на мобилните телефони и на тие телефони можат многу работи да видат, непријатни и пријатни и убави и грди. Меѓутоа, јас кога ги правев моите детски претстави секогаш се трудев тоа да биде бајка, затоа што веќе во семејствата немаме баба која ќе ги седне внучињата, па ќе им раскажува приказни. Со нив децата се сплотуваат.

**Недостасуваат драми во кои ќе се опише и страдањето на децата она кое не го гледаме, децата жртви, запоставени, оние кои се оставени како гулаби сами да се снаоѓаат во светот.**

- Тоа е генерален проблем на нашиве телевизии, сè уште најдобри серии за деца се „Бушава азбука“ и тие јас што ги направив „Чудовиштата од нашиот град“, „Кловнови“, серии коишто колку и да помине време, тие пак ќе бидат најдобри. Добро е што Македонска телевизија повторно ја продуцира „Дајте музика“ тоа е многу убава, многу позитивна, многу откачена серија, ама штета што толку телевизии постојат во Македонија и никој од сопствениците и директорите не покажаа амбиција да направат програми плус. Порано во Македонската телевизија постоеше специјална Редакција за детски програми, па по-

стоеше Редакција за училишни програми, сега нема буквално ништо од тоа. Како да не постојат децата, се увезуваат детски серии или се пуштаат серии што сме ги снимале пред 30, 40, 50 години. Ех, кога ќе ми текне кои се луѓе беа уредници и на чело на тие детски редакции, врвни личности, врвни писатели, Оливера Николова, Васил Пујовски, тие беа уредници на тие серии и тогаш кога имаш таков состав на луѓе, тие ќе размислуваат „оваа година ќе снимиме ваква серија која што ќе биде позитивна, па една која ќе се бави со проблематика...“. Сега тоа го нема, сега најважни се политичарите и вестите.

**Дете – порака! Едно дете може да биде една цела слика за векот во кој живее. Едно дете може да биде и планетарна порака. Ја знаеме сите приказната за малото сираче Оливер Твист... Со само еден лик се дава слика, широката слика. Таква е Вашата приказна за Ана, нејзиниот корен е во војната, но е и расказ чија вистинитост останува да боли, иако работите се сменија. Ви искри ли однатре да ја преточите во драма, на театарската сцена?**

- Тоа е многу тешко. Нели постои романот „Дневникот на Ана Франк“, всушност, вистинит роман, којшто е светски познат и којшто зборува токму за тоа страдање на едно девојче за време на Втората светска војна, кога со години се крие на таван, на крај сепак ги фаќаат и ги праќаат во логор кај што завршуваат трагично. Сигурно денеска има многу такви приказни, особено со војните во Сирија, во Либан, во Иран, Ирак каде што милиони деца гинат, милиони деца се раселени, каде што милиони деца го изгубиле своето детство, каде што не знаат што е тоа радување, каде што се соочуваат со нишанот на калашников, така што тоа е голем проблем, жално е. Децата се можеби најголемите жртви на големите земји, на големите моќници коишто, ете, за профит за лични интереси уништуваат цели генерации деца, им го уништуваат детството.

**Во овие триесет години, што беше најголемиот предизвик и убавина да се работи со МЕЃАШИ?**

- Во почетокот главен збор имаше таа емотивна врска, не само моја, туку на сите луѓе коишто учествуваа во создавањето на таа организација, емотивната врска прво со државата Југославија, второ со судбината на тие луѓе коишто страдаа. Невини страдаат, заради разно разни интереси, политички, геополитички, геостратешки, каде што изгинаа толку луѓе, изгинаа толку деца...Таа емотивна врска со луѓето со



коишто инаку сме биле пријатели, другари, сме живееле заедно, секогаш е многу јака, таквите врски ти даваат мотив и желба за да учествуваш и да помогнеш колку што можеш. И тоа беше главниот мотив за којшто тргнавме сите ние, заедно со Гордана и Драги. Имаше многумина кои учествуваа во работата, во помошта, луѓето работеа по 24 часа. Уште една работа на која сум горд што, пред сè, благодарение на нив, е што станавме организација која е независна од ниедна влада. Сигурно дека сите влади досега даваат некоја финансиска поддршка, но никогаш не се врзавме за политика, за некоја одредена партија, туку секогаш се трудевме да сме објективни и да се бориме за она за што Детската амбасада е основана, а тоа е: правата на децата да бидат застапени во секојдневниот живот на Македонија!

**Се чувствувате ли посебно горд што направивте нешто што е со повисока вредност?**

- Сигурно, сигурно... Не можам да кажам дека јас сум тој што е најзаслужен, меѓутоа имам свој дел во таа лепеза на сè она што МЕЃАШИ го направи, воопшто, и за нашата држава и за децата во светот, и за децата во војната, горд сум што има една трошка и мој придонес во тоа.

# БЛАГОЈА ЧОРЕВСКИ-ЧОРЕ

Вицеамбасадор



# „СЕ ЧУВСТВУВАМ ГОРД, СО ПЕСНА ОДАМ ВО МЕЃАШИ!“

**30 години во континуирана заштита на правата на децата. Од моментот кога станавте член, потоа и Амбасадор на МЕЃАШИ, верувавте ли дека ова е идеја над идеите, да се биде дел од организација која под своја закрила ги има најмилите, најважните? Нешто, што мора да трае и не смее и не може да прекине.**

- Апсолутно. И мене ми претставува чест што сум член во таа невладина НВО организација, ми претставува и гордост што можам на извесен начин, онака како што јас си ги сакам децата, да им помагам, не директно, ама индиректно. За директно имаме СОС-телефони, а ние индиректно им помагаме на децата со тоа што постојано укажуваме колку треба да се сакаат тие деца и колку треба да ги почитуваме децата, зашто мислиме ако имаат 5, 6 години, тие се мали... Не, тие стануваат многу побрзо големи од нас големите.

**Како влеговте во ова „семејство“?**

- Преку Коле Ангеловски, низ разговор ми рече –„Ај дојди“, јас веднаш прифатив и тоа што посебно Драги, посебно Гордана, се ентузијасти со една прекрасна љубов кон сопствените деца и кон сите деца. Не можеш ти да бидеш со децата, ако не си „дечар“ во душа.

**Кој дел од работата со МЕЃАШИ Ве направи да ја кренете главата гордо нагоре?**

- Нешто на што посебно се гордеам е една случка кога во деведесеттите одевме во Атина, главниот град на Грција, со претставата „Едип“, ние глумците и балетот, со Зоја Бузалковска. И се случи една неприлика, намерно не држеа на граница. Јас имав амбасадорски пасош од МЕЃАШИ, им го покажав и им велам: „Срамота е да нè држите, ние сме ваши гости, вие сте нè поканиле“. Нè држеа затоа што пишувало Македонија, јас им го извадив и плакатот од Грција, на кој пишуваше: Претстава од Република Македонија. И верувајте дека не пуштија. Ние прво се вративме. Љупчо Петрушевски, директорот на театарот и јас на граница потпишавме изјави. Но, кога се вративме на наша граница, дојде еден Грк граничар и гевгеличанецот граничар ни вели: „Дојде некој ‚голем‘ и вели да ве пуштам“. Тогаш, пак ние не сакавме да се вратиме. „Ве моли, рече, ве моли! Дојде човек со автомобил што никогаш не сме го виделе, специјално за вас“. Една од ра-

ботите којашто помогна 80 отсто е пасошот на МЕЃАШИ, светски познат бренд. Тоа е една од големите привилегии што сум ја имал.

**Но, децата се пасош сами по себе.**

- Би требало да се, но во ваков учкуруш од свет, тешко.

**Што е она што сакате да се оствари во иднина како успех на оваа организација?**

-Нека продолжи вака. Мисијата е таа, секојдневна, секоја минутна, секоја секундна. Не смее да го снема МЕЃАШИ. Ние не добиваме ништо од државата како средства, речиси ништо, дури напротив сме напаѓани многу повеќе отколку што треба. Наместо да се гордее државата, ние сме им како товар. Волонтерски ја работиме целата работа, по ентузијазам е. Едно време СОС-телефонот ќе ни го запрат, па нема да имаш средства да платиш. Потоа ни ја дадоа линијата бесплатно. Тоа е една од паметните работи што мобилниот оператор и државата ги направиле.

**Неисцрпна е борбата за правата на децата, колку и да работиш секогаш ќе излезе нешто што треба да се дооствари.**

- Во право сте!

**Кој ги разбира подобро во основа човековите права – децата или возрасните?**

- Децата. Затоа што се чисти, затоа што се невини. Ние како растеме мислиме дека многу работи знаеме. Обратно. Јас во мојата професија сум секогаш дете. Вербата на детето ја пренесувам на сцена. Можеби затоа и сум добар. Затоа што вербата во играта која сте ја имале како деца, ние како постари, ја губиме. Замислата. Да замислиш дека си доктор. Како ние лесно сме глумеле доктори како деца? Сме глумеле авијатичар, сме глумеле машиновозач, во Ресен или во Битола, било каде... Сме играле со џамлии. Така што, таа чистота на детето е многу чудотворна. Таму нема формула, таму има искреност, сè додека тоа го има и во МЕЃАШИ, ќе биде сè во склоп и надоврзување.

**Каде се губи она праведното кога луѓето ќе пораснат?**

- Се губи затоа што стануваат злобни, малку или повеќе стануваат злобни. Сети се кога како деца ќе ни дадеа парче леб намачкано со пипер, а маст ако ти стават, ехее ти си цар во маало. Никој не се лутел, ниту сме имале болести како

сега, ниту ништо. Сега ми кажуваат: загаден воздух, од ова од она, а ние на што сме се грееле? На ќумур и на дрва и пак здрави.

**За глумците ќе речат под своите пазуви вечно го носат детето во нив. Ама велите децата се подобри глумци и од вистинските?**

- Така е. Големата верба е кај децата, кај нас има проба – професионална, ментална, психолошка. Ние сè правиме од почетна фаза додека да стигнеме до играта, имаме режисер, имаме колеги, вежбаме... Во детската игра нема тоа, сè природно доаѓа, веруваш дека си непобедлив во криенка - миженка, веруваш дека ти си некој друг кога играш баба Рога, и нема подготовка...

Многу има да се зборува за децата...

**Сега, повелете, маестро, со завршниот збор.**

- Се чувствувам горд, со песна одам во МЕЃАШИ. Особено кога ќе дојдат деца, кога заедно имаме разговори, на дадена тема, ах таа нивна невиност, на дете. Кога се радува – се радува, кога плаче – плаче од срце и душа. Кога му се јаде – јаде. Ние возрасните јадеме и кога не ни се јаде...



# ДРАГАН МИЈАЛКОВСКИ

Вицеконзул 1992-1996



# „ЕДНА ПЕСНА СПАСИ ДЕТСКА СУДБИНА!“

**На децата најважно е да им подадеме рака кога им треба, кога нешто ги мачи или нешто лошо им се случува. Вие го направивте тоа преку учеството во МЕЃАШИ , и тоа во најкризните времиња и воени конфликти. Долготраен ангажман на ѕвезда, што сите пријатно нè изненадува.**

- Во основа, ако на два дела ја делам мојата кариера, во социјализмот и потоа во транзицијата, можам да кажам дека во тие два дела, јас уште тогаш ги имав тие широки погледи, таа потреба да бидам секаде каде што ќе бидам и поканет и каде што ќе најдам добар мотив за да дадам дел од себе, дел од својата личност, дел од своето време, па дури понекогаш и дел од моите средства. Така што, порано често со моите колеги работевме со познати хуманитарни организации како што беа Републички Црвен крст, Градски Црвен крст Скопје и некои други низ Републиката. Добро беше за мене што си го усвоив методот да работам институционално, исклучиво со регистрирани организации. Инаку, индивидуално организирање нигде не поминува добро, освен, да речеме кај некои светски ѕвезди и нивните големи фондации. А, и причина беше што големите фирми не даваа доволно, затоа што цело време им ги оданочуваа нивните донации. Од ДДВ беа ослободени само кога донираа за репрезентативен спорт, надвор од Македонија, за балкански и европски првенства. А ние кога сме настапувале хуманитарно како организатори - поединци, сме се радувале во натура што ќе успееме да собереме, најчесто било пелени, лекови, храна, многу е тешко да се соберат пари. Но, и тоа е оправдано, затоа што се прават списоци и сè ќе се подели, на оние таканаречени штитеници. Јас во моето детство случајно сум бил штитеник во Дом за деца без родители во Загреб, затоа и секогаш излегував во пресрет.

**Како се случи да бидете штитеник во Загреб?**

- Не дека немав родители, но тие беа разведени, па не можеа да ме чуваат. Мајка ми се вратила во Скопје во 1952 година, а татко ми останал во Хрватска на служба, а судот ме доделил нему, кога сум имал две години. И тогаш тој ме дал во еден дом за деца без родители во Загреб, дом што го посетувала и Мајка Тереза. Подоцна, кога се отвори музејот, а и дојдов до некои моногра-

фии, прочитав дека навистина сум бил таму. А, дома имам една дописна картичка од милосрдните сестри кои мајка ми ги прашува за мене, а тие и одговараат на хрватски јазик: „Вашиот син Драган повеќе не е кај нас, Министерството за здравство на Хрватска го даде на посвојување во едно семејство“. Тоа го прочитал таткото на мајка ми, кој има работено во суд и викнал: „Што е ова, има ли закон, па барем да нè прашаат нас?“ Познати наши судии и правници му објасниле дека по сојузен закон мора мајката да се праша, иако судот одлучил да бидам кај таткото. Се качуваат во воз заедно со мајка ми, навредени од постапката и одат кај министерот и му велат: „Ние не излегуваме од канцеларија, овде ќе јадеме, пиеме и спиеме додека не го донесете Драган“. Три дена поминале, ме носат назад и потоа моите ме земаат и ме носат во Скопје. Затоа јас имам свој мотив, а не дека сум бил заинтересиран за пораст на мојата популарност или за моето естрадно битисување, таму сум бил по човечка линија, по линија на страдалник и затоа и така влегував во тоа секогаш несебично.

**Како се вклучивте во организацијата?**

- Прифатив, уште во 1992 година, кога Горде и Драги од МЕЃАШИ дојдоа кај мене во Пионерски дом Карпош, каде тогаш работев. Имав колега службеник кој беше по хуманизмот и заедно се приклучивме. Таму се одржа и Основачкото собрание, режисерот Коле Ангеловски беше избран за прв амбасадор, а јас бев избран за прв вицеконзул. За среќа имав некои потребни ресурси, имав комби за девет патници, имав озвучување, имав програма, можев да одам каде треба да одржам програма – да свирам, да пеам сам, било каде, во урбана или во рурална селска средина. Требаше да се делат храна, облеки, лекови, да ги делиш така, на суво, без некоја церемонијалност, не личи. Па се создава надвикување, галама. Не! Убаво, културно треба, со забава, со песна. За тоа бев јас таму. Па, ќе дојде и популарна водителка ќе води, ќе дојде професор, па дојде доктор... Имавме разни соработници. Имаше и телефонски отворени линии за СОС, за социјална помош...

**Како Ве доживуваа луѓето од таа друга страна кога ќе видеа голема музичка ѕвезда, кој како хуман човек се ангажира разнесувајќи облека,**

**храна, средства за хигиена, таму каде што беше потребно. Беа ли изненадени?**

- Моментот кога Гордана се јави од Сараево дека авионите на Палер Македонија ќе преземат мајки и деца, мене, дека живеам блиску до „Даре Џамбаз“, ми се јави секретарот на Градскиот Црвен крст, да одам да ги пречекам трите автобуси од аеродром и да ги однесам блиску до Зоолошка градина кај поранешна американска амбасада, во блиската детска градинка. Беше речиси полноќ, јас го палам комбито и возам. Тоа ништо не е ниту напорно ниту тешко, она што го владеете, тоа ќе спаси, не треба ни да размислувате, само имајте на ум тоа спасува ситуации, дури и расположение, дури и живот...

**Да, така е, му ја појачуваш надежта, силата на човек.**

- Одам таму, автобусите стојат во место, им се претставувам на возачите и им велам да одат по мене. Стигнавме, ги наредивме автобусите на ливадата за да ги сместиме и чекаме да дојдат секретарот Стојче со лекари, медицински сестри, со персонал, доброволци од Црвен крст и други стручни лица, да донесат храна, облека, вода, хигиенски средства, зашто градинката беше затворена, сè беше затворено, нема светло никаде, нема ни дежурен. Отидов одназад, гледам куќи, во третата ѕвонам, излегува еден човек по шорцеви и маичка и изненаден вели: „Што е Мијалковски во ова време, неволја некоја се десила? Од каде ти? На телевизија те имаше пред малку“. Па му кажувам дека носам бегалци и го прашувам дали има некој домар или домарка, што би ми отворила. „Аааа, вели, има во мојот двор, во мојата мала куќичка една кираџивка, задолжена за тоа“, па таа дојде со клучеви, отвори. Во тој момент бев зафатен со луѓето, ги држев во автобусите да не се растураат по ливадата. Кога ни отворија, им давам инструкции да влезат полека, да не се туркаат. „Уморни сте, ќе ви донесеме и храна и хигиенски средства и сè што треба.“ Една од мајките вели: „Благодарам, благодарам, децата еве тука ќе спијат на овие мали креветчиња, а каде ќе спиеме ние?“. „Да ви кажам невесто, вие на под, сакале нејќеле, имате покрив, имате санитарен чвор, децата ви се сместени како што треба, ќе ви донесат сè што треба, сигурно и душеци, па ќе си легнете. Јас сум бил на под три месеци

по скопскиот земјотрес“, и реков малку на шега.

Пак филмот ќе го вратиме назад, не се случајни луѓето коишто помагаат во овие општествени неволји. Тие се суптилни, се вклучуваа за помош во големи драми, неволји, но во такви моменти тебе, како помагач, не те интересира поединец, освен ако падне пред нозе, па да го кренам и однесам на болница, но во такви ситуации ти делуваш и размислуваш за сите. За целиот проблем. И помагаш.

**Секогаш треба да се делува.**

- Потоа имаше разни работи кои ги обавувавме, други активности, се рашири целата приказна низ Скопје, низ Македонија, низ Југославија, јас малку се повлекував, други доаѓаа, но едноставно секогаш бев на линија и мене ми е драго што сум дел во еден таков убав проект корисен за нашиот прилично растурен, а убав Балкан. Поширока е таа моја мантра за Балканот, не можам да го ставам во мало нешто. Толку убаво е, такви убавини да имаме, а такви неволји и такви проблеми да ни се случуваат, тоа се две неспојливи нешта. Ние сепак, сме упатени едни на други, мора да живееме заедно, мора да сме цврсто на земја.

**Треба конкретно дело, емоцијата не може да направи, рацете прават.**

- Се помага и се молчи. Одвреме навреме некои плакети ќе се добијат, некои признанија во животот, но најголемите признанија се ако си ги видел тие емоции на тие луѓе кога ќе изразат и благодарност, тогаш веќе си сигурен дека од сите нас е направено најдоброто.

**Колкава е моќта на волонтерството, каков ефект може да направи!?**

- Бев во Бунец, таму имаше неколку илјади бегалци, од разни возрасти, од деца до стари луѓе и им правам хуманитарен концерт на пладне. Грееше сонце, убаво време и на крај од концертот децата ги повикувам: „Ајде дојдете, фатете се едно по друго и ќе правиме воз, ќе играме“, им запеав песна од сараевската група „Проарте“, „Тиќе, тиќе, тачке...“. Заврши песната која во рефренот има многу силна порака и вели: „Тиќе, тиќе, тачке, нема више врачке, јер ко врати, мора да плати“. По концерот децата беа расположени, уживаа и одеднаш доаѓа една мајка и ми вели на босански: „Кој те прати?“. „Но, што е, да не нешто погрешив?“, прашав јас. „Не, не, вели, мојата ќер-

ка во Сараево доби шок кога играјќи си во дворот, во близина експлодира проектил и до овој ден, до оваа песна, таа не контактираше со мене, не зборуваше, ниту нешто пишуваше. Само молчеше, јадеше и пиеше. Кога ти рече: „Ајде деца, да играме и да пееме и да правиме воз“, таа истрча од моите раце, а кога заврши сè, тоа играње и пеење таа ме праша: „Мамо, дали виде како играв и пеев?...“ Како детево да се разбудило од некоја состојба. Шест-седум месеци мајка ѝ ја носела по клиники во Скопје, кај доктори, на психијатри и ништо не можело да се стори. Но, клучот бил во нешто друго. И, потоа, додека јас возев кон Скопје, анализирав и ми текна дека на песната и она што мајката рече: „Играше во двориште, падна проектил и таа занеме“, тоа значи како да примила некоја невидлива наредба „не смееш да играш повеќе“, тоа „пауууу“ кое одекнало, ја закочило без зборови . Никој не ѝ рекол со зборови, но тоа е забрана што потсвесно значи „стигнува зло, забрана, марш одовде, од двориштето, не смееш да играш!“, детето прима во себе и молчи, се исклучува од сè. Кога оној чичко рече: „Дојдете да играте и пеете“, сè се сменува и во нејзиното мозоче се создава идеја дека „сега може!“, нова афирмација на мозокот. Не е веќе забраната, туку сега доаѓа дозволата. Одобрувањето. Јас се шокирав и си мислам, замисли еден композитор Ѓорѓе Новковиќ, моја генерација кој веќе не е меѓу нас, кого го знаев лично, тој заврши Музичка академија во Сараево, ја основа групата „Проарте“ со која бевме на турнеја, се спријателивме и станавме многу блиски, имаше многу успешна кариера и многу хитови со сите најпопуларни југословенски изведувачи во тоа време, тој сега, со песната како композитор, како автор по толку години помогнал најмалку на едно дете, да му се случи освестување од некоја хипноза. Каква силна порака! И, во тие работи во некоја боја, во некоја слика, во некоја поезија, во некој контакт, во некоја личност, во било што може човек да најде спас, во нешто што му се прекинало во животот. Замисли да останел комплексот со години, со децении да се вкорени.

**Интересно, просто чудесно е колку децата го разбираат јазикот на пораките, јазикот на неправдите, секогаш точно знаат да оценат што е добро, а што не и искрено да реагираат, и ја-**

**зикот на музиката – во кој свет најмногу уживаат. Кога Вие би избирале, кој Ваш стих од сите испеани песни и хитови, би им го посветиле на сите деца во светот?**

- Па еве, на пример, на децата би им ја посветил песната „Чадорче" на којашто јас сум автор на текстот, а син ми Дарко Мијалковски е автор на мелодијата, песна испеана во серијата „Супер ѕвезда". Дарко има продуцирани 750 композиции за деца во таа серија од кои стотина имам јас, една од нив е „Чадорче", која во рефренот вели: „Кој си носи чадорче, не наврнува, сув поминува, а не настинува". Тоа е порака којашто практично покажува еден вид потреба од заштита, навреме да си имаш, да си чуваш едно чадорче, гледано како заштита, воопшто. Човек претходно, на некој начин, да се подготви и за не дај Боже...

**Сиромаштијата, од една страна, трката по кариера, од друга страна, се главни непријатели на детето. Вие сте семеен човек и дедо и со тоа и пример. Имавте ли двоумење во екот на најголемата слава како поп-пејач дали да ги одберете цврсто патеките по кои чекоревте, кои се многу возбудливи и привлечни, а водат само кон сцената и топ-листите, или првенствено семејството, децата, кои се нешто свето и незаменливо?**

- Светот јас го гледам креативно и уште од моето детство имав некој поширок светоглед, што посебно доаѓаше до израз во начинот на презентирање на приказните, кои тогаш ги слушав на Радио Скопје во една емисија „101 приказна", со гласот на Борис Мајсторов. Не само што ги слушав кога дојдов во Црниче, и се префрлив да учам во ОУ „Кочо Рацин" , јас веќе имав осум години и во маалото важев за раскажувач на приказни. Уште тогаш ги сакав народните мудрости, од нив учев многу. Да се вратам на конкретен одговор, сè е до домашното воспитание. Бев единец, немав браќа сестри и од моите дедо, баба, по мајка ми, слушав мудри совети, претежно од дедо ми. Тој ме учеше: „Секогаш биди добар, секогаш оди посети ги постарите", а бидејќи имавме куќи со капии во старите маала, ми велеше: „Тропни на капија, прашај ги како сте, што правите, здрави, живи сте, ајде пријатно". Вели: „Една минута е доволно за здрава комуникација." Живеевме во Пајко Маало кај црквата Богородица, тука беше и чаршијата и Бит-пазар, дедо ми општеше со за-

наетчиите и ќе му речеше: „Добар ден“ на секој кој му беше пријател, се поздравуваше со газди на дуќани, јорганџија, кујунџија. Тој направи еден таков гест кога се оженив, што не можам да го заборавам. Млад се оженив, немав ни 20 години, а мојата сопруга Ели 19, и не се работеше за зрелост, многу повеќе за храброст од двајцата нас. Немавме ништо повеќе од две чинии. Но, јас имав една среќна околност – повторно за хуманоста и за далекугледост се работи. Додека сум бил мал, дедо ми успеал да издејствува алиментација од татко ми и кога се оженив млад, ми ги даде парите. Тој ги чувал, не ги трошел, толку бил хуман, толку бил добар, што пари наменети за мојата грижа, замислете, ги ставал настрана за кога ќе притребаат за мене. Не помина една година, со тие пари и купивме малечко еднособно станче, потоа се роди и Дарко, па го продадовме малиот стан и на улица „Македонија“ купивме трособен стан и сè уште сме таму. Тоа е силата на семејството во таа смисла и грижата кон децата.

**Вие кон Вашите деца како постапувавте, ги оставате ли сами да си изградат светоглед?**

- Дарко беше седмо одделение кога почна да правиме муабет каде во средно. Кумот мој беше електроничар, имаше успех во сето тоа, подоцна ја отвори познатата фирма „Видео Дата“ и синот мој беше сведок на нивната работа. Тој сакаше да учи електро, математика. И како и секое дете почна да навалува за компјутер. Но, бидејќи учеше нижо музичко, знаев дека компјутерот ќе му послужи да прави песни. Подоцна и таков компјутер си доби, синтисајзер семплер и со тоа почна да си работи, од мал компонира. Во 1990 година, кога конкурираше на еден светски фестивал за забавна музика до 18 години, му примија две композиции, едната беше варијација на наша македонска народна фолк-тема, а другата беше забавна поп-композиција што ја отпеа на англиски јазик една негова другарка Холанѓанка, овде во Скопје, а потоа тој таму отпатува еден месец, помина едно големо убаво искуство, така што тој го виде светот, таа технолошка моќ и тежнееше кон тоа. Тогаш сфати дека повеќе сака организација, менаџмент, маркетинг, сето тоа го вметна во „Супер ѕвезда“, како проект. Сам си фати правец. Сега со семејството е во Австралија. Ви го опишав Дарко за да видите дека не е конформист, од

мене и од Ели го има земено тој ген за иницијативност. Процесот на репродукција е најсилниот закон и основната цел на постоење на човекот.

**Материјално човек може да има сè и пак да ја нема среќата бидејќи не е рамноправен. И сè да им оставиме, сите материјални богатства, сета уметност и музика, ако децата останат без своите права, тогаш што сме им оставиле?**

- Се е тоа синтеза, симбиоза, спојување на сите потреби и сите можности на човекот што може да направи, не по цена на здравје, не по цена на газење по луѓе, туку со добар план, со добра едукација, со држење на минатото, сегашноста и иднината во еден баланс. Нереалното да се тргне настрана, премногу конформизам настрана... Мора да си активен, мора психофизички да се грижиш за себе, затоа што она што ќе го оставиш како интегритет, целата личност, тоа им го оставаш на младите. Ретко прифаќаат од некои идоли од телевизија, и доколку тоа го направат, обично проблематично завршуваат ако се негативни ликови. Младите сега растат во самотија, многу луѓе не можат на децата да им обезбедат слободно време, додека се на работа родителите, децата да бидат правилно згрижени. Ние некако поминавме со релативна контрола врз децата, моите пораснаа кај другиот дедо. А таму имаа убава поддршка, дедото има убава градина, убав двор, беше весел, духовит, беше занаетски тип со манири и садеше сè и сешто, кајсии, патлиџани, пиперки, едно време овошки, грозје, беше тип на мајстор направи сам. Видоа што значи доброто опкружување. Од друга страна, јас во Пионерски дом се вработив во 1985 година, кога имав 30 години, а Дарко тогаш веќе имаше 13 години, беше во чувствителна фаза и што беше интересно, што претходно јас самиот имав сфатено, дека е добро секаде да го прошетам, по курсеви за странски јазици, по пливалишта, по спортови, на театарски и на музички спектакли, на концерти, со сите ѕвезди се знаеше, особено оние што дома доаѓаа имаше лично познанство, но да му овозможам сам да си создаде светоглед. Исто постапував и со ќерката, која е 7 години помала од Дарко. Кога дојдов во Пионерски, се потврди мојата пракса таму. Иако не сум педагог, немам завршено педагогија, но гледав како работат педагозите, и мајка ми беше

педагог едно време и на моите пријатели кога ќе побараа да ги примам децата на некој курс, им велев: „Не се лути, но прво ќе го донесеш кога имаме фолклор, нека гледа, гитара, хармоника, синтисајзер клавир... Нека гледа и само нека одлучи, а догодина ќе го запишеме. Зашто има родители амбициозни, преамбициозни."

**Некоја интересна случка од тој период?**

- Ќе ви раскажам анегдота за Симон Трпчевски, водечки светски пијанист. Во Пионерски почна како играорец. И додека музичарите одмораа на пауза, тој почна да им свири на нивните инструменти – тарабука, тапани, гитари, клавир, хармоника... Татко му беше судија во Судот за прекршоци, блиску до Пионерски кај фонтаната и доаѓаше кај нас на кафе и разговараме. Вели дека ќе му купи хармоника за дома да вежба. Симон отиде во средно музичко и потоа на Академија, и прва година оди кај моите соседи, професорот Борис и Људмила Романови, тоа се Руси кои предаваат музика овде, и Борис му даде уште повеќе крилја. Еднаш Симон со татко му Ѓоко дојде во Љубанци кај бегалците во детското одморалиште, дојде и Есма Реџепова Теодосиевска... И вели: „Чичко Драган, те молам на твојот синтисајзер да отсвирам една песна". До тој момент немав забележано дека тој знае и свири, ме изненади како ја отсвире една народна тема, но и со тоа како едно младо дете доаѓа на хуманитарна акција, покажува лична одговорност и има чувства, има емоции, има време да помогне. Тој е капацитет. Тој е креативец и хуманитарен. Има душа, широка, милосрдна, се зачудив толку мало дете, а желба да се појави пред бегалците.

**Која е најважната лекција која Вие ја научивте со Вашето присуство и ангажман во МЕЃАШИ? Се гордеете со своето дело и примерот што го дадовте?**

- Па, истиот сум не сум се променил од основањето до денес, еве 30 години. Такви се и тие Гордана и Драги, столбот на МЕЃАШИ. Тука беа и доктори, социолози, психолози, но зборувам за тие што имаа најголема улога и што помагаа на телефони на луѓе во траума што се срамат да побараат стручна помош. Радиооператорите одиграа улога кога немаше комуникации, тогаш радиоаматери со своја технологија се вклучуваа и од нив добивавме информации од терен.

Разменувавме информации со хуманитарците на Балканот, секоја чест за нив бидејќи дење-ноќе демнеа и пренесуваа. Ние, како држава, не бевме директно поврзани, телекомуникациите не работеа кон Белград и Загреб, јас не можев ниту на татко ми да му се јавам во Бјеловар во Хрватска, ниту тој мене. Таму живееше и таму почина, дури не ни знаев дека починал тогаш во тој бурен период од тие неколку воени години низ Хрватска и делови од Босна. Беше тоа страшен период, но ниту некој од нас не ја злоупотреби МЕЃАШИ за приватна потреба, дури ни за еден телефонски повик. Сите овие луѓе и оние институции кои ја помагаа МЕЃАШИ со средства, со материјали, со репроматеријали за работа, простор, беа драгоцени. МЕЃАШИ почна во една куќа во Дебар Маало, во куќата на Владо Шопов, брат на славниот поет Ацо Шопов во Дебар Маало. Друго, што најмногу ми се допадна во статутот е дадениот завет, бидејќи таа е регистрирана во Обединети нации и заветот гласи недвижниот имот што ќе го стекне во своето постоење, делување, развој, евентуално во случај на гасење се префрла во сопственост на Обединети нациии. Исто, за секоја неповолна ситуација за деца и злоупотреба веднаш се јавува во јавност Амбасадата и бара коректна информација од власти и не дозволува размавтување на негативен однос кон деца, никаква злоупотреба, максимална заштита. Сиромашна земја сме, ама за да одржиме однос кон децата и правата на децата, не сме толку бедни и сиромашни, туку да не се правиме наудрени. Е, и јас сум со таков став, сите тие се нечии деца, не во онаа социјалистичка смисла сечии и ничии, туку се наши деца, апсолутно наши, значи штом се иднина на овој дел од човештвото, наши се и наша задача е што можеме за нив да правиме да го направиме. Не можеме премногу, не можеме чуда, но барем минимумот, да се држи чекорот, да се внимава да знаат луѓе склони кон одредени девијантни постапки кон децата дека секој обид ќе им биде бесцелен и ќе бидат изнесени во јавност, тоа е една многу голема придобивка, зашто во кризен период и за време на војна се зголемува агресијата врз децата по сите основи, експлоатација на неверојатно ниво. Не сум слушнал кај нас, но во светот ги пуштаат во

рудници долу во онаа „прљавштина“ со раце да збираат ќумур или други ресурси, само затоа што се сиромашни или со проблеми во семејството. Да не зборуваме за други работи, за области многу осетливи со либидото на децата, пороци, наркотици, алкохолизам, девијантни појави во шоу бизнисот. Тие се лажат, и ќе цитирам еден интересен цитат од мили пријатели кои велеа „шаренилото лаже“ . Се е ова шаренило, примамува. Ќе види едно дете шаренило (светла, рефлектори, диско, клуб, бар) , кои може да го однестат во една апсолутно опасна ситуација. Мора на сѐ да се внимава со децата и во секој момент.



# ЉУБИША НИКОЛОВСКИ



# „АПЕЛОТ БЕШЕ ТОЛКУ ХРАБАР ЧИН, ШТО И МЕНЕ МЕ ЗБУНИ!“

**На почетокот на воениот конфликт со Босна и Херцеговина, кога луѓето беа принудени да бегаат од своите родни огништа, Вие работевте уредник на вести на МТВ (тогаш, единствена телевизија) и со Ваше одобрување педагогот Горде Пирковска Змијанац кон граѓаните упати апел за прифаќање на бегалците. Со тоа, на некој начин, ја аминувавте благородната идеја, која подоцна се разви во акција, организација и многу повеќе. Се сеќавате на тие моменти?**

- Ха, ха, сè ми се чини ако не се основачите на МЕЃАШИ, Змијанац кои од време на време ме потсетуваат, полека со текот на времето настаните почнуваат да ми бледнеат пред очите. Сепак ме враќате многу години station наназад кога бев млад новинар и уште помлад уредник. Се сеќавам дека се подготвував да влезам во студиото пред почетокот на Дневникот, а ако не грешам, во ходникот пред вратата на студиото беше Горде, но ми се

чини и Драги Змијанац и сакаа да упатат порака до македонската јавност да ги отворат своите срца и своите домови и да примат бегалци од завојуваната БиХ и особено жени со деца. Тоа беше толку храбар чин, што и мене ме збуни. Но, нивното барање звучеше логично и доволно хумано за да сфатам дека тоа и програмски ќе биде издржано. Сега веќе точно не се сеќавам што сум рекол, но тие влегоа и ја упатија пораката. А одзивот на граѓаните потоа стана историја.

**Во тој неочекуван и пресвртен период, сите на Балканот беа целосно збунети, не беше јасно што точно се случува и каква политика се води, кој е против кого... Во едни такви услови, Вашата одлука за емитување на апелот беше брза реакција, а, во МТВ за сѐ што одеше во етер, се одлучуваше на ниво на поширока консултација со другите главни уредници, дури и со повисоки инстанци. Помисливте ли на евентуални последици, на губење на работно место или Ве надвладеа хуман човечки рефлекс: веднаш да се спасуваат луѓе?**

- Во право сте. Тогаш МТВ беше единствена телевизија во државата која само што беше зачекорила во политичкиот плурализам, но времето беше турбулентно. На просторот на поранешна Југославија се водеа војни, а и Македонија беше во неизвесност со заминувањето на ЈНА. Така што Дневникот беше многу сериозна политичка емисија во која поради „грешка“, можеше да се има сериозни реперкусии, не само по кариерата, туку и безбедносно-политички. Дотогаш, но и никогаш потоа, никој не „упаднал“ во живо во Дневникот на некоја ТВ, а камоли на МТВ, а особено не „некоја тазе формирана НВО“. Мислам дека немав ниту време да се консултирам со некого од повисоките инстанци. Но, веројатно мојата младост и бунтовност ми наложија да направам нешто што можеби денеска не би го направил толку „преку нога“, како тогаш.

**Таа, сега веќе историска одлука, е Вашата заложба за МЕЃАШИ, без оглед што тогаш не можело ни да се насети дека во неа се крие зародиш на едно цело движење, понатаму. Потоа, низ годините, како течеше Вашата соработка?**

- Видете, историската одлука била на МЕЃАШИ, јас само сум се нашол на вистинско место во вистинско време. На крајот на краиштата јас само сум ја исполнил задачата на новинарството. Тие го почуствувале моментумот за хумана акција. И

тоа не било каква акција, туку акција за спасување животи, која имала далекусежно влијание врз текот на војната. Да бидам искрен, ретко кој тогаш сфаќаше што значи тоа „прва детска амбасада, но МЕЃАШИ во меѓувреме прерасна во „бренд“ на посебен тип НВО кој се грижи за правата на децата и кој стана сеприсутен во медиумите кога се разговарало на таа тема.

**Каков е Вашиот заклучок, дали нашите бројни медиуми посветија доволно внимание на работата на МЕЃАШИ во изминативе 30 години?**

- Да бидам искрен, како сега се поставени медиумите, за жал, нивен особен интерес се политичките збиднувања и многу површно се посветуваат на теми како што се заштита на правата на децата или на работниците или на групи на луѓе со посебни потреби. Оттаму можеби реално е недоволно, но сепак соодветно на медиумскиот простор со кој располагаат.

**Сметате ли дека е време главните медиуми да профилираат новинари кои целосно ќе ја следат и обработуваа тематиката „децата и нивните права“?**

- Времето одамна ги „прегазило“ медиумите. Тие тоа требало да го направат кога и МЕЃАШИ, односно кога за тоа станале свесни брачниот пар Змијанац.



Апелот што Гордана Пирковска Змијанац го упати на 12 април 1992 во Дневникот на МТВ

# ВЕСНА ДИМЧЕВСКА




# ХОРОТ „ПИКОЛО“ ОД ДМБУЦ „ИЛИЈА НИКОЛОВСКИ-ЛУЈ“ – СКОПЈЕ, КОЛЕКТИВЕН ЧЛЕН НА АМБАСАДАТА МЕЃАШИ!

Музиката е уметност, музиката чуда прави, а можеме ли да замислиме какво би било детството без музика, без песна, без мелодија, она што најдлабоко допира и најдалеку пренесува порака, па дури и лекува, во предмалку споменатиот случај на господинот Драган Мијалковски? Дури и во најтешките моменти, таа е мелем, ги развеселува детските срца, кои впрочем најмногу ѝ се радуваат.

**Во овие 30 години, Детскиот хор „Пиколо“ е музички заштитен знак на Амбасадата и колективен член. Тие се речиси и „врсници“. Диригентката Весна Димчевска ја открива нивната заедничка историја.**

- Хорот „Пиколо“ е формиран во Државниот музичко-балетски училиштен центар „Илија Николовски-Луј“, од Скопје. Како вработена во истиот, го формирав 1988 година и оттогаш сè уште го водам. Нашата соработка со МЕЃАШИ почна 1991 година, веднаш по нашиот целовечерен концерт насловен како „Духовна музика“, а одржан во Куршумли ан. Веднаш по концертот, ми се јавија Гордана и Драги Змијанац, основачите на Амбасадата, со предлог „Пиколо“ да стане нивни колективен член, а јас пак член на колегиумот. Прифатив со задоволство и станав дел од колегиумот. Одлуката со која „Пиколо“, се назначува за колективен член на Детската амбасада беше донесена на 22.11.1991 година и оттогаш, без разлика што Хорот си има своја матична куќа – училиштето, си има и почесно место во Амбасадата за деца МЕЃАШИ.

**Професорката ја истакнува својата среќа за заедничката работа со МЕЃАШИ.**

- „Во МЕЃАШИ наидов на сродни души, тие согледаа дека многу сакам деца и дека во недостаток на лично мои, се вложувам максимално во нив“, раскажува Весна.

**За време на војната во Босна и Херцеговина била инволвирана во активностите на Амбасадата, како логистика била покрај нив.**

- На 9 јули 1992 година, на Скопскиот градски стадион се одржа добротворен концерт со цел финансиски да им се помогне на босанските бегалци, во чија организација учествуваа и МЕЃАШИ. „Пиколо“ ја изведе „Хорот на Евреите“, од операта „Набуко“, од Верди... Таа ситуација, како и многу други, нè спои со бегалците уште



повеќе, се друживме, а со некои и ден денес сме во контакт.

- Следен голем чекор беше отворањето на Мировната конференција во Охрид, организирана од Хелсиншкиот парламент, на 40 земји од Европа и УСА, каде „Пиколо“, како претставник на Детската амбасада, изведе дел од својата програма.

Позитивно е што децата секогаш кога настапуваат за МЕЃАШИ чувствуваат радост, знаејќи дека учествуваат за добробит на сите нивни врсници.

**Волонтерството во Амбасадата за Димчевска, е позитивна работа.**

- Мене желбата ме водела цел живот. Чест ми е што сум дел, односно волонтер во оваа Амбасада. Горде и Драги многу ги почитувам и сакам. Тие навистина останале доследни на својата замисла и мисија. Во рамките на таа мисија се оствари и дел од мојата мисија, така што секој вградил значајно место во еден заеднички успех...

Но, она што таа вели е најглавно, што аудиокасетата која произлезе од Концертот на духовна музика, на која како композитор, аранжер и изведувач се појавува композиторот Димитрије Бужаровски, МЕЃАШИ ја дистрибуира до низа еминентни личности, миротворци низ цел свет, како порака од Првата детска амбасада од Македонија, како подарок и благодарност.

И на крај, како јаготка на шлагот, видеоспотот на божиќната песна „Тивка ноќ“ (Silent Night), од Франц Грубер, во аранжман на Димитрије Бужаровски, остварен на 23.12.1993 во Скопје, во соработка со Детската амбасада МЕЃАШИ и Каритас, а во реализација на МРТВ. Видеоспотот беше музичка порака за сите деца во светот.



Сеќавања
Јово Димитријевиќ
Новинар од Сараево

# „ТОА ШТО ГО НАПРАВИ МЕЃАШИ Е НЕМЕРЛИВО НА БИЛО КОЈ КАНТАР!“

– Драга Весна, само да знаеш колку се израдував кога ја добив Твојата порака со посредство на оваа „шејтан кутија“. Пред сѐ се интересирам за Твоето здравје. Често мислам на Тебе и на сите добри луѓе во Скопје каде поминав две години како прогонет од моето родно Сараево само затоа што ми натурија некој наципредзнак. Бев сам, а ВИЕ ме прифативте како нај-роден. Кога велам ВИЕ, тогаш мислам на сите добри луѓе кои се имаа собрано околу Детската амбасада за да им помогнат на луѓето од БиХ на чело со Коле, Гоца и Драги. Тука стекнав свој привремен дом. Вие, а и колегите новинари, посебно од РТВ Скопје, сте ми помогнале да си го повратам човечкото достоинство, да чекорам повторно исправено. Јас настојував колку толку да се оддолжам со своето вклучување во реализација на програмата на Детската амбасада околу грижата и згрижувањето на сите прогонети и бегалци. Твојата работа на музичка едукација ќе ми остане во вечно сеќавање, а посебно нашето дружење кога и со својата сестра знаеше да ме охрабриш и да ми ја повратиш вербата дека пак ќе се сретнам со своите најмили. Твојот Детски

хор, кој со задоволство го слушав, секогаш ме потсетува на Виенските момчиња. Драга Весна, (диригент на „Пиколо“) , тоа што го направи ДЕТСКАТА АМБАСАДА во Скопје е немерливо на било кој кантар. Зборовите на благодарност се само делче од она што би можело да се каже. Ние кои сега сме распрснати по цел свет, треба само да ја зборуваме вистината и ќе биде доволно барем така да им се оддолжиме на добрите луѓе од Детската амбасада, Скопје и Македонија. Јас од моја страна многу често, посебно кога ќе се случат некои катастрофи во светот, за жал, ги има сѐ повеќе, говорам дека примерот на Скопската ДЕТСКА АМБАСАДА треба да послужи како пример на многу хуманитарни и добротворни организации како да им се помогне на луѓето во неволја. Поздрав до Тебе и до сите добри луѓе од Детската Амбасада, до Скопје и до Македонија.

*(Јово Димитријевиќ почина во Канада на 16 ноември 2016 година. Тој беше врвен спортски новинар од Босна и Херцеговина, кој несебично се посвети на мисијата на Детската амбасада МЕЃАШИ. Ќе го паметиме по неговата ведрина, смисла за хумор, поддршката и охрабрувањето кои ни ги даваше постојано. Посебните луѓе и кога не се на овој свет, остануваат да живеат во нашите срца).*



Сеќавања
Методија Најчевски, чичко Мето

# „ЗА МОЈАТА РАДИОАМАТЕРСКА РАБОТА, ДОБИВ И ОФИЦИЈАЛНО ПРИЗНАНИЕ!“

Во не така далечната 1992 година во распаѓањето на СФРЈ кога отпочна војната во Словенија, јас бев вклучен во Хрватска како радиоаматер со својата кусобранова радиометарска станица, со цел да им помагам на граѓаните од тогашната СФРЈ, а најмногу на граѓаните од Република Македонија, без оглед на националноста. Преку радиоаматерите од речиси сите тогашни републики воспоставував радиоврски со пораки да ги пронајдат роднините, браќата, сестрите, посебно кои служеа во тогашната ЈНА. За мојата работа бргу се дозна и мене не ми е јасно како, ама ми се јавуваа од Србија, Хрватска, Црна Гора, Македонија речиси од секаде на Балканот со молба да дознаат дали се живи нивните најблиски, како се и дали им треба помош. Можам да речам дека многу бргу почна многу жестоката војна во Босна и Херцеговина.

Во меѓувреме МРТ сними за мене получасовен документарец како им помагам на народите. Кога почна војната во БиХ, бидејќи јавноста преку филмот беше запознаена, речиси од цела Ма-

кедонија бараа роднини, пријатели, војници да ги пронаоѓам преку етерот. Многу благодарност, посебно за босанските аматери кои, иако зафатени со војна, многу бргу и тие се зафатија со јака организација за пружање на нужни радиоповици, да пронајдуваат луѓе и да добиваме среќни и жалосни одговори.

По почнувањето на БиХ почнаа да се засолнуваат бегалци од БиХ кон Македонија и други републики од СФРЈ. Кога надојдоа голем број на бегалци од Босна, како дознале за мене не ми беше јасно. Станот мој се претвори во железничка чекална. Првите Босанци кои дојдоа во Скопје, од мене бараа да ги пронајдам низ тој вител на војна нивни роднини, пријатели итн. Во првите мигови сè додека имаа во БиХ телефонски врски, беше полесно бидејќи радиоаматерите од БиХ беа многу добро организирани. Откако се прекинаа телефонските врски поради бомбардирање на телефонските централи од страна на ЈНА, понатаму многу тешко одеше со радиопораките.

Еден ден дојдоа кај мене Миралем Зупчевиќ со својата фамилија, жената на познатиот шахист Бојан Кураица, спортскиот новинар од Сараево Јово Димитриевиќ и други. Собата се наполни со бегалци. Откако им ги остварив радиопораките, а некои и директно се слушаа со своите преку радиостаницата, пред да си одат, останаа Миралем и Јово и ми рекоа: „Чичко Мето, вака како што работиш, ти би требало да се приклучиш во Детската амбасада МЕЃАШИ.

Јас им реков знам дека таква амбасада е организирана во Скопје како членка на Босанската амбасада МЕЃАШИ, ама не знам ни каде се, ни каква им е целта. Јас сум организиран во ова радиоаматерско подрачје уште од 1947 година. Мислам дека беше Јово и ми рече: „Јас те пријавам за член на Детската амбасада зашто твојот ангажман околу радиоаматерството е исто хуманост, а и Детска амбасада работи на хумани работи. Гледаш, да не беа тие, кој ќе ги згрижуваше бегалците, посебно децата?“. Јас им реков дека се согласувам да бидам член. Следниот ден дојдоа Јово и Миралем и ми ја донесоа членската карта, а по ден-два дојде и генералниот секретар на амбасадата, Гордана Змијанац. Па, така и јас на млади години станав член на Првата дет-



REPUBLIC OF MACEDONIA

WAZ 15

# Z31VL

ITU 28

Qra loc:
KN Ø1RX

NAJČESKI METODIJA - METO
ul. JURIJ GAGARIN 45 - II/7 SKOPJE 91000

Honorary member of the
Children's embassy Skopje

**TO RADIO:** ______

QSO date: ______

at: ______ MEZ/GMT

Freq: ______ RST/M: ______

MODE: CW, SSB, FM ______

OP: ______ ☐ PSE QSL ☐ TNX 73 *Meto*

ска амбасада во светот МЕЃАШИ.

Како член на ПДАСМ дадов онолку придонес колку што ми даваа можностите. Мислам дека многу дадов. За мојата хуманитарна работа за време на војната во БиХ,од страна на Радиоаматерската асоцијација на радиоаматерите од БиХ добив признание. Такви признанија добија уште и двајца радиоаматери од Македонија, Јоле Јолески од Скопје и Цобе од Катланово. Можам да речам дека се издадени само 50 такви признанија од страна на БиХ наменети за радиоаматери од Европа и светот, за аматери кои беспрекорно работеле се до Дејтонската спогодба.

*(Драгиот чичко Мето нè напушти во 2012 година. Во годините на војна кога врските на бегалците со нивните најблиски во Босна и Херцеговина беа прекинати, тој со неговата радиостаница беше единствениот спас. Благодарение на неговиот бескраен ентузијазам и добрина, тој и неговата Блага им помогнаа на илјадници семејства во времето на тешката војна за да стапат во контакт).*



Сеќавања

# ЕСМА ПОМАГАШЕ СО ПОЛНО СРЦЕ ЗА МЕЃАШИ

На 13 април 1992 година, Есма дојде првпат во Детската амбасада МЕЃАШИ. Ѝ се јавивме да дојде со нас на аеродром оти бегалците ќе пристигнат утре. Да ги пречекаме.

„Секако, пиле, дека ќе дојдам" – рече.

Такси „Плава Лагуна" беа подготвени, му се јавивме на Вања Битољану (директорот на скопскиот аеродром), дали е сигурно дека авионот што вети дека ќе тргне за Сараево е обезбеден. Коле Ангеловски повторно преговараше и информацијата беше потврдена. Утредента со Есма заедно тргнавме кон аеродромот, каде слета авионот со 155 мајки со деца. Набрзо потоа Есма и Стево Теодосиевски станаа почесни конзули на Детската амбасада МЕЃАШИ.

На 1 јуни 1992 година тие одржаа хуманитарен концерт за децата бегалци и обезбедија парични средства во износ од 186 000 денари, кои беа дадени за децата бегалци сместени во Детското одморалиште „Страхил Андасаров" во село Љубанци – Скопје. Оттогаш секогаш кога ќе затребаше, Есма беше тука. Кога се работеше за хуманитарна активност, таа не се двоумеше. Беше жена со добрина. Жена со големо срце колку планина и по тоа ќе ја паметиме и ќе остане во нашите срца, засекогаш таа, наша и светска легенда и хумана музичка кралица!



Душко Арсовски
Новинар

# МЕЃАШИ - МЕЃНИК ЗА ЕДНА ГЕНЕРАЦИЈА

## (ПОСВЕТЕНО ПО ПОВОД 19 РОДЕНДЕН НА АМБАСАДАТА)

Кој како сака нека го нарече – интуиција, случајност, тајна врска... Без да размислам дека 29 април е роденденот на мојата ДЕТСКА АМБАСАДА си дадов рок дека дотогаш ќе го пратам мојот текстуален придонес во серијата што ја прават поранешни членови на ова благородно движење. Но, тоа нема да смени ништо во она што имав намера да го кажам. 19 години постоење се сами по себе доказ дека идејата беше оригинална и одржлива кога се роди МЕЃАШИ. И тогаш кога им помагавме на бегалците од Босна и Херцеговина и сега кога на многу деца од Македонија им треба различен вид помош, мисијата е иста – да се подаде рака кога е најтешко. Тоа МЕЃАШИ го прави 19 години, се чини многу подолго и од некои државни институции. На пример, првото седиште на Амбасадата беше во поранешно Це-Ка, каде подоцна се смести извршната власт. Идејата да се помогне беше јадицата на која се закачив кога првпат слушнав за Прва детска амбасада во светот, иако да признаам, не ми беше многу јасно зошто се вика така. Подоцна сфатив. Кога во Белград го сретнав Мишо Клачар, авторот на симболот „Бушавко“, кога на една работилница со Драги Змијанац во Германија бевме меѓу

одбраните претставници на невладиниот сектор од Европа, кога нѐ бараа македонските медиуми, кога членството на МЕЃАШИ се зголеми неколкукратно за кус период... сфатив дека ова е ГОЛЕМА работа.

Мојот удел во тој период беше токму медиумската промоција на идејата. Првиот авторски телевизиски проект ми беше емисија токму за Првата детска амбасада. Не се бројат настапите на локалните радија и телевизии низ Македонија кога со комбе минувавме по неколку градови во еден ден. Зборувавме за детските права во период кога на големо мнозинство од возрасните во Македонија им се уриваше социјалниот статус што имаше ефект и врз најмладите. Кажувавме кој каде греши и што треба да поправи и мислам дека успеавме да се наметнеме како организација, да кажеме гласно и да нѐ слушнат. Бевме репрезентација подготвена да настапи и на полноќ ако треба. Постоеше тимски дух којшто се градеше несвесно, спонтано и од срце, зашто ние бевме активни преку дружбата. Се случија илјадници пријателства од кои некои траат и денеска. Во секое време имавме кворум за работа, но и за слободни активности.

Ќе го паметам планинарскиот обид со воз до Осломеј, а оттаму пешки до Тајмиште. Но, и кога требаше Митко да го испраќаме во војска, па една група отидовме до Миравци... дел од нас спиевме на подот, зашто бевме повеќе отколку што имаше кревети во куќата. Во селото нѐ запаметија како другари од Детска амбасада. Паметам какво доживување беше кога се селевме од улицата „Чедомир Миндеровиќ“ во училиштето „Лазо Трповски“ . Денес многу работи се поинакви. Првата детска амбасада во светот е изградена институција која е активен учесник во креирање политики кои ги засегаат најмладите. И сметам дека тоа е огромен успех за организација која на почетокот наидуваше на отпор во некои политички кругови. Се намножија други слични движења, но треба да се признае дека идеологот е секако МЕЃАШИ. Долгогодишниот проект, СОС-телефонот за деца и млади, стана засолниште за многумина и гласен аларм за негативните појави во општеството и треба да се одржува и во иднина.

Не знам за другите, но за мене МЕЃАШИ е меѓник на две фази од животот кога научив лекции за толеранцијата, за тоа што значи да се помага, како да се создаде круг на искрени пријатели. И за тоа сум благодарен. Среќен роденден!



Евридика Шашкова

Новинарка, член на Собранието

# „ПРВАТА ДЕТСКА АМБАСАДА ВО СВЕТОТ МЕЃАШИ - МОЈА ЛИЧНА СКАПОЦЕНА ИСТОРИЈА“

На детската земја веќе одамна не се чувствувам како вонземјанин. Сега кога ќе се сетам на мојата примарна фасцинација од апсолутноста на една толку едноставна, а по својата порака толку грандиозна синтагма - се наежувам, сосема исто како и првиот пат кога ја слушнав. „Ништо на светот не вреди колку една детска солза“. Ми се залепи за срцето, ми се пикна под кожата...

Во тие рани 90-ти години бев адолесцент кој (по дифолт на возраста) трагаше по трајните вредности на постоењето. Но, во тие години и јас, и дел од вас, драги пријатели, бевме во константен шок од силината на военото лудило и од девастирањето на сите оние цивилизациски придобивки, кои дотогаш нам и на Европа ни беа заеднички именител. И токму тогаш, постојаниот порив - на злото да му се одговори со најдоброто од себе - ме однесе директно во тогашната, метар на метар, канцеларија на бул. „Илинден“ 66. Зад канцелариskиот намештај, кој очигледно бил последен крик на дизајнот некаде во

средината на 70-тите години на минатиот век и веќе беше подлегнал на забот на времето, седеа Горде и Драги (Змијанац, претпоставувате). Кога и денес, по толку поминато време, го прераскажувам овој момент, честопати не велам седеа, велам светеа. Однатре, од душа. Во колективниот балкански мрак што ни го темнееше духот на дневна основа, јас си видов моја иницијална светлина токму во зградата на некогашната Це-Ка и токму зад стариот мебел над кој имаше купишта материјали. Да не фетишизираме, она што толку силно зрачеше, всушност, беше најблагородната идеја која ги поведе Змијанци во авантурата што и до денес трае: да се биде мисионер за заштита на децата и нивните права, за почитување и развивање на нивните личности... А, ме поведе и мене, богами, со целата своја магнетна сила. Сето останато е моја мала, лична, но скапоцена историја... На детската земја веќе одамна не се чувствувам како вонземјанин, зашто по сета борба да се стаса секаде каде што треба да се подели хуманитарна помош и да се ублажи детската траума (во тоа време особено на децата – бегалци од војната во БиХ), да се пишува за детските судбини (првите билтени се дел од мене) или, пак, да се помага од седиштето на ПРВАТА ДЕТСКА АМБАСАДА ВО СВЕТОТ МЕЃАШИ и оттаму да се „пука“ кон светот со сите расположливи средства на алтруизмот, ме прави вистински сојузник на детскиот народ и верен чувар на нивните права и нивниот мир. И тоа поради наједноставната можна причина: „ништо на светот не вреди колку една детска солза“. Сè уште мислам така.




Мариа Доневска

Професорка на Институт за социјална работа и социјална политика, Филозофски факултет – Скопје


# „МЕЃАШИ, ЦЕЛО ВРЕМЕ Е БУДНА НА СИТЕ НЕПРАВДИ КОИ ГИ НАРУШУВААТ ДЕТСКИТЕ ПРАВА!“

Првата детска амбасада во светот МЕЃАШИ претставува феномен во македонското граѓанско движење. Од самиот почеток, на романтичен порив на македонските граѓани кои се во потрага, како би рекол унгарскиот филозоф Иштван Бибо за „мали сфери на слобода“, ја формираат како невладина организација.

МЕЃАШИ, цело време е верна на децата, будна на сите неправди кои ги нарушуваат детските права. МЕЃАШИ секогаш има нови идеи и иницијативи. Почнувајќи од спасување и згрижување деца од Босна и Херцеговина, преку организација на спортски, ликовни и образовни активности во кампови за деца за време на косовскиот конфликт, по внатрешниот конфликт во Македонија, згрижува 16 раселени лица од кризните региони. Тој хуманитарен пристап е карактеристичен за организацијата во која како член на Управниот одбор сум присутна многу години. Бев вклучена во доста интересни активности, пред сè

како едукатор, а исто така организирав и ги мобилизирав волонтерите – студенти од Институтот за социјална работа и политика при Филозофскиот факултет да се вклучуваат во активностите на МЕЃАШИ... Заедно со Гордана и Драги се преместував од просториите наспроти Руската амбасада во училишните простории на ОУ „Лазо Трповски“, до конечното седиште во зградата наспроти поликлиниката „Јане Сандански“ во Скопје.

Во МЕЃАШИ се родија првите идеи, неповторливи и спектакуларни за невладиното движење: детски амбасадори, СОС-телефон, детски работилници, постојан мониторинг на детските права и реагирање во случај на нивно прекршување. Гордана и Драги, од самиот почеток се поврзани со МЕЃАШИ и се препознатливи личности во македонскиот граѓански свет, осетливи, но и арбитрални кога треба да се бораат правата на детето.



Горан Величковски
Новинар

# „ПОДАДЕНА РАКА НА ИЛЈАДНИЦИ ДЕЦА, ЖЕНИ, СТАРЦИ“

Сè почна пред 20 години, во едно турбулентно и воинствено време. Во тој миг, сè уште недооформената Прва детска амбасада во светот МЕЃАШИ - Република Македонија се соочи со почетокот на босанската војна. МЕЃАШИ од Босна и Херцеговина упати апел до сите свои членки да помогнат во спасување на децата од воените жаришта. Гордана Змијанац, координатор на МЕЃАШИ во Македонија, Скопје, уште истиот ден преку медиумите упати апел за згрижување на децата. На апелот одговорија голем број семејства, но и институции како детски одморалишта, домови, хотели, Црвениот крст, Министерството за труд и социјална политика, како и многу невладини организации. Беа згрижени илјадници деца, жени, стари луѓе. Во текот на наредните две години МЕЃАШИ за своите босански „голготци“ обезбеди храна, образование, медицински прегледи, часови по изучување англиски јазик... На овој начин Македонија и НВО секторот на светот му покажаа висока граѓанска свест и човечност.

По извесно време, во 1993-1994 година голем број од бегалците од Босна и Херцеговина заминаа во САД и во западноевропските земји. Во оваа преселба беа опфатени над 4 000 луѓе, од кои 2 500 беа деца. Сето ова беше овозможено преку контактите и услугите на МЕЃАШИ (Македонија).



# Рајка Стефановска

Новинарка

# „НАШАТА РАБОТА ИМАШЕ ВИСТИНСКА СМИСЛА“

Во Македонија стигнав со ќерка ми, од Белград, каде бевме бегалци, откако мојот сопруг успеа да излезе од Сараево и да дојде тука со нас. Тоа беше авантура сама по себе. Бевме сместени кај неговите роднини за почеток. Сопругот за време на војната (1992/1993) беше дописник за Радио Скопје и заедно со колега од Телевизија Сараево, Лефко Мојсовски, организира конвој бегалци – Македонци.

Колегите од Радио Скопје многу ни помогнаа. Додека бевме во Скопје во 1994 година, учествувавме во работата на новосоздадениот магазин „Свет“. За весници пишувавме од Канада, додека „Свет“ не се изгасна. За Детската амбасада дознав уште од Сараево (каде што е покренат проектот со намера да им се помогне на децата со слаба имотна состојба).

Во Белград, преку Радио Југославија, каде работев на договор, испратив помош за деца со акцијата што ја организираше Детската амбасада. Така дознав дека Македонија отворила свое одделение. Кога стигнав во Скопје (и се сместив), отидов веднаш во нивните простории и на Драги му реков: „Јас сакам да соработувам со Вас“. Драги беше збунет, неколку пати трепна, а потоа ми одговори: „Пааа, ќе видиме...“ И така почна. Јас главно

работев преводи и кореспонденција, а што се однесува до Гордана и Драги, и ден денес ги сметам прво за пријатели, а дури потоа поранешни колеги на вреден проект. Имаше многу дружење, многу смеа и секако, многу, многу работа. Тој период ме исполнуваше во секоја можна смисла. Уживав во секој момент и бев свесна за тоа дека нашата работа ја има вистинската смисла.

Инаку, презимето ми е македонско, таткото на мојот сопруг беше Македонец. Мојот сопруг има голема фамилија, најмногу во Куманово, а еден дел во Скопје.



Лидија Мехинагиќ

Член на Собранието

# „СЕ ГОРДЕАМ СО МОЈАТА МАЛА, НО ЗНАЧАЈНА УЛОГА ВО ИСТОРИЈАТА НА ДЕТСКАТА АМБАСАДА“

Со МЕЃАШИ стапив во контакт кратко по моето доаѓање во Скопје од Босна, како бегалец. Инаку, сум родена во Скопје и имам живеено и растено недалеку од Гордана и Драги, во населбата „Ѓорче Петров 1“, но не бев ги запознала дотогаш, летото 1992 година, кога како бегалец од Босна, дојдов во својот роден град.

Во немањето никакви други активности, размислував што би можела да сторам да би си помогнала и себеси и на другите бегалци, кои несопирливо пристигнуваа од Босна, слушнав од татко ми за формирањето на една невладина организација, која им помага на бегалците и се пријавив, веднаш бев примена да бидам волонтер и оттогаш до денеска 30 години понатаму, Горде и Драги ми се не само лични пријатели, туку и личности кои не потклекнаа под огромните општествени, политички, економски и секакви други притисоци и останаа доследни на политиката на МЕЃАШИ која со својот јак тим ги вршат своите хумани задачи. Се гордеам со мојата мала, но значајна улога во историјата на Детската амбасада од самите почетоци, којашто ми беше инспирација и да ја напишам мојата автобиографска книга „Разрушени меѓници“, во која едно големо поглавје им посветив на МЕЃАШИ и на прекрасните луѓе кои поминаа, заминаа или останаа во него. Со голема почит, Лидија.



Јулијана Зоксимовска
Член на Собранието

# „МЕЃАШИ ЌЕ ЖИВЕЕ ВЕЧНО!“

Како вчера да беше кога беше новороденче. Се роди во тешки времиња за кои секогаш ќе се сеќаваме со тага и желба никогаш да не се повторат. И во тие тешки моменти, првите чекори ги направивме смело и бевме сигурни во тоа што го создаваме. Мислите, силите и желбите ни беа насочени кон иднината.

НИЕ СМЕ ИДНИНАТА!

Годините доаѓаат и одминуваат и секоја возраст и генерација носи свои убавини, така и со тебе секогаш има нови членови, нова иднина и сите заедно растеме... Среќна сум што сите мои пријатели од некогаш се и денес мои пријатели, многумина меѓу нас се нарекуваме брат и сестра, многу од нас МЕЃАШИ ја гледаат како своја дома... Дали има нешто поубаво од среќно семејство, среќни деца насекаде околу светот, а твоите членови се секаде низ светот?

Во моментов мислите ми се преполнети со илјадници мисли, моменти и спомени од нашето детство. Не знам кој момент да го одвојам, секој ми е подеднакво драг, како годините да не поминале, сите спомени ми се кристално јасни, како да беше вчера... Но, дали се воопшто битни годините кога знаеме дека Детската амбасада МЕЃАШИ ќе живее вечно, а со неа и нашите приказни, пату-

вања, дружења, проекти...

А, почетокот на нашата соработка започна во не баш убави моменти бидејќи тогаш беше време на лудило кога децата немаа никакво право. Беше војна и децата беа во рацете на возрасните кои одлучуваа за нивната судбина. Детската амбасада застана на нивната страна, сакаше да даде до знаење дека децата се наше непроценливо богатство и нашата иднина. Заедно со МЕЃАШИ пробувавме да создадеме убави спомени на децата кои се во камповите, пред да се вратат дома или да продолжат до нивната следна дестинација.

Нашата работа продолжи и по завршувањето на кризниот период со децата зафатени од незаборавната војна во бившите југословенски простори. Дружењето на младите нема граници, вери, материјален статус. Ние, тогаш деца/тинејџери, знаевме само едно – да се дружиме и да се дружиме, со многу од тие деца сè уште сме пријатели и сме во контакт, а со нашето дружење помагавме во создавање на една прекрасна организација за идните генерации за децата кои не беа ни родени.

Нашата задача беше промовирање на детските права. Центарот за другарување броеше многу членови, не само од Скопје, туку од целата територија на Македонија. Имавме многу семинари и обуки за правата на детето, а потоа се создаде и СОС-телефонот за деца и млади кој и денес работи и е на располагање на децата.

МЕЃАШИ допре до децата и тие знаеја дека има некој којшто е тука и може да ги заштити. Многу деца и млади го најдоа своето место во центарот за дружење сакајќи да помогнат на други деца, некои бидејќи беа повлечени и осамени. Освен дружењето, возрасните од Детската амбасада ни овозможуваа учество на разни семинари каде што учевме и ние како да се снаоѓаме во одредени ситуации, како да пристапиме кон проблем и ситуации во кои ќе се најдеме.

Еден од проектите кој би го одвоила се Детските работилници. Формиран со цел децата после училиште да имаат активности кои им помагаа во учењето. Имавме работилници за странски јазици каде што волонтерите од Филолошки факултет ги учеа децата англиски, германски, италијански, Јулијан ги учеше децата да прават оригами, Лидија го водеше Корпусот на љубовта каде што се садеа цвеќиња и се негуваше убавиот збор, учтивоста,

добрината и љубовта кон природата, животните, човештвото. Театарската работилница каде што Дац и Дејан ги подготвуваа идните актери да ја изиграат комедијата „Кловнови“. Сето тоа беше една жива енергија која постојано ѝ даваше пулсирање на Амбасадата. Во сите овие активности секој имаше своја цел, децата среќни, родителите задоволни нивните деца што се исполнети и полни со позитивна енергија, а волонтерите го правеа она што посакуваа да биде нивна професија и ова беше одлична можност да се справат со реалност надвор од учебниците.

Проект кој остави, исто така, голема трага и убави спомени и за децата и волонтерите е проектот „Летување во град“. Студенти претежно од Катедрата на Филозофскиот факултет за социјален труд и социјална политика реализираа летување во град за децата кои не се во можност да одат на летување.

Училиштата ги искористивме за одморалишта каде што децата од раните утрински часови до крајот на денот имаа активности слични на оние кои ги имаат децата во одморалиштата. Во сите овие активности бев дел и знам дека беа од големо значење за градење пријателство, убави моменти за паметење, искуства, надградување себеси и секојдевно учење.

Тоа што го научивме и добивме во Детската амбасада е непроценливо богатство. Нејзиното постоење и работење е битно за наредните генерации бидејќи децата се нашата иднина како што и ние бевме нечија иднина кога растевме и се оформувавме како личности, тие борци за правата на децата, луѓе полни со ентузијазам и добрина кои сакаат да создадат поубава иднина за сите. Би сакала да ве гушнам сите, вашата Јуле.

## Фросина Пандурска Драмиќанин



# „МЕЃАШИ МИ ПОМОГНА ДА РАСЧИСТАМ СО МНОГУ СТЕРЕОТИПИ!“

Во Првата детска амбасада во светот МЕЃАШИ почнав да волонтирам во текот на 2005 и 2006 година кога ја водев Работилницата по албански јазик, наменета за деца на возраст од 7 – 12 годишна возраст. Тогаш првпат научив колку е тешко да се работи со деца, но истовремено и колку таа работа исполнува. Иако резултатите не беа онакви какви што сакав да бидат, сепак бев среќна што можев барем малку од моето знаење да им пренесам на децата. Убаво беше да се пие кафе во МЕЃАШИ, во секогаш работна атмосфера и со креативни луѓе. Научив многу од Горде и Драги, од децата, колегите...

Во овој период бев дел од основниот тренинг за изградба на мир, во организација на Центарот за ненасилна акција кој се одржа во Травник, БиХ. Ова искуство ми отвори низа можности за други семинари и тренинзи, но она што е најважно е тоа дека овој семинар ми помогна да расчистам со многу стереотипи, илузии и дилеми поврзани со голем број прашања.

Бев среќна што преку МЕЃАШИ учествував и на едномесечната ПР школа организирана од НВО инфоцентар во мај 2007 година – курс којшто многу ми помогна и ми даде основа за професионално работење во комуникацијата со медиумите. Сигурно има уште многу позитивни нешта... но овие се меѓу најзначајните. Ви благодарам за сѐ. Искрено, Фросина.



Силвана Левајковска

Првата волонтерка на детската амбасада МЕЃАШИ

# „ВИЕ СТЕ ПОТКРЕПА НА СИТЕ ДЕЦА И НА НАС ВОЗРАСНИТЕ!“

Читајќи ги написите за Првата детска амбасада во светот МЕЃАШИ се вратив во минатото, кое не би сакала повеќе да се случи. Април, 1992 година го слушнав апелот на ТВ и македонското радио од Гордана Змијанац за прифаќање деца од Сараево. Во моментот ја запомнив адресата и телефонскиот број. Ми се разбуди желба да прифатам дете. Ѕвонев долго време, телефонот беше зафатен.

Утредента се упатив до нивниот дом во Ѓорче Петров. Дома беше господин Драги Змијанац кој не можеше да се тргне од телефонот кој непрекинато ѕвонеше. Неговите деца се подготвуваа на училиште, бараа да јадат, а тој беше зафатен. По претставувањето му кажав дека можам да останам неколку часа да помогнам, а тој да ги среди децата и да се одмори. По дадените инструкции, се јавував на ѕвонењето на телефонот и забележував. По неколку дена ме известија дека децата ќе бидат сместени по кампови.

Тоа време работев во ОУ „Борис Кидрич“- Сарај, а во близина беше кампот Чичино село каде се сместија многу лица од БиХ со нивните деца. Истите тие деца требаше да одат во училиште. Државата им обезбеди учителка на мајчиниот јазик, но гледајќи и слушајќи ги зборовите и делувањето на децата

кое го пренесуваа од кампот, ги интегриравме децата меѓу останатите деца во редовните паралелки. Го негувавме нивниот домашен јазик. Мојата активност во Првата детска амбасада на светот МЕЃАШИ продолжи понатаму - станав координатор во училиштето. Зачленив многу голем број деца (од БиХ и редовните ученици) независно од нивната верска ориентираност и ги вклучив во активностите што ги организираше Амбасадата. Секогаш кога нешто ми требаше да се реализира, тука беа Горде и Драги (работен прибор, социјални работилници, трибини, средби, посета во училиште, во кампот).

Животот течеше понатаму. МЕЃАШИ продолжуваше по својот макотрпен пат и покрај многуте сопки за нивното работење. Учениците кои ги учев од БиХ (никогаш не сум ги нарекувала бегалци, не можам ни денес) некои останаа, а некои заминаа во други земји. Не можам да ги заборавам моментите кога одев на роденден во кампот, нивните животни приказни. Додека сум жива ќе го паметам Сенад кој не беше во кампот, но беше сместен со мајка и татко во стара трошна куќичка. Кога го посетив дома, ми кажа дека многу сака да има топка, која ја оставил во Босна, брзајќи бакнувајќи го ѕидот од куќата, а сега нема пари да купи. При одење оставив пари да му купат топка, со која утредента дојде во училиште и не се одделуваше од неа. По неколкуте години останати во Скопје, требаше да се вратат назад во Босна. До ден денес, не можам да ја избришам сликата како сите заедно плачевме при доделување на свидетелствата. Сенад ме стегна околу половината и липајќи ми рече да дојдам во Босна со него.

Понатаму настапи период кога периодично се вклучував во активностите на МЕЃАШИ. Заедно направивме трибина за нобеловката Мајка Тереза во КИЦ, соработка со ЦРС за одредени проекти (соработка со родителите) итн. Секогаш кога ќе се обратев со идеја до Горде и Драги, беа расположени за соработка, а тоа и понатаму останува. Го следам нивниот развоен пат, делувања во различните проблематики за заштита на децата. Вие сте поткрепа на сите деца (не само на тие што имаат проблеми) и на нас возрасните. Сите овие години се наоѓате меѓу нас и Ви благодарам што постоите во нашава мала Македонија. Верував и верувам во Вас, продолжете ја вашата мисија. Гордана и Драги, секогаш кога се среќаваме имам чувство како да Ве познавам цел живот!!!




Сашо Трајкоски

Менаџмент-консултант, член на Собранието


# „МЕЃАШИ СЕ КАЛЕШЕ НИЗ МНОГУ СОЛЗИ И УСПЕСИ, НИЗ ПРЕПРЕКИ И ДОСТИГНУВАЊА“

Триесет години Меѓаши. Кога поминаа?

Се обидувам да се сетам на првата информација што ја имав за МЕЃАШИ, на првата средба, на првата активност...

Многу слики ми се мешаат, зашто се испреплетиле и со моите и со заедничките и со целиот изминат живот на Детската амбасада од нејзината колепка, преку детството, зреењето, мудроста.. .А, не беше ни малку лесен тој живот.

Се калеше низ многу солзи и успеси, низ препреки и достигнувања, низ безброј активности, акции и заложби за посреќно детство на секое дете.

Не се заборават случувањата од деведесеттите, на самото раѓање на идејата и посветата на организацијата, на воените слики од аеродромот во Сараево при повлекувањето и спасувањето на многу деца и нивните мајки, на пресретнувањето од страна на вооружените банди во Албанија, на хуманитарниот конвој кој го организираше Детската амбасада за помош на тамошните страдалници... Беше многу тешко да се преброди едно такво детство на организација што тогаш почнуваше силно и прагматично да го моделира своето влијание кон заштита на детските права.

Следуваат слики од Скопје, од каравани низ Македонија, од пресконференции од организација на свечено Собрание во Драмскиот театар, (баш пред некој ден, претурајќи низ личната архива го најдов и сценариото за тој настан), од пишувањето на билтенот, од создавањето и презентирањето на првиот алтернативен извештај за состојбата со детските права во Македонија... слики од дружби, разговори, од споделување убави монети за раѓањата и достигнувањата на нашите деца, слики од нашето зреење низ виорот на едно минато време...

А токму од целиот тој виор се изнаредија и храброста и одважноста, кои им помогнаа на нејзините клучни луѓе да истраат кон посветата на една доследна борба за детските права и правото на благосостојба на секое дете.

И се редат слики и за оние години кога веќе не бев активен член на веселата дружина во МЕЃАШИ, убави моменти на повторни средби, разговори со Драги, Горде, со сите што се или беа дел од Амбасадата, и секако, тука се и оние моменти на личната гордост кога ги читам написите или дознавам за постигнатите цели, за достигнувањата, за влијанието и моќта на Зборот на Првата детска амбасада во светот МЕЃАШИ.



# Борче Стојановски-Џеронимо

Волонтер

## „НЕ СЕ ИСТАКНУВААТ, АМА ТУКА СЕ ЦЕЛО ВРЕМЕ АКО ЗАТРЕБА НЕШТО!“

Соработката со МЕЃАШИ почна во првите години од нивното постоење. Видов на телевизија дека имаат ликовен караван на Скопскиот Плоштад и сам отидов да се запознаам и да ги прашам дали може да ми направат изложба, јас имам интересно хоби со кибритчиња (за 37 години сега имам собрано 3 000). Горде љубезно ме пречека, ѝ кажав јас за мојата идеја за изложба, таа рече тие сега засега такви услови немаат, а патем ја прашав дали може да волонтирам, рече: „Ако сакаш, уште денеска можеш да почнеш“. Вели: „Еве го дојден е глумецот Џумерко од Прилеп, ќе одат во еден магацин, ќе треба да земат алишта и со него можеш да појдеш како претставник од Детска амбасада“. Велам „Ајде, ќе одам со Џумерко“, со возачот и уште двајца-тројца отидовме во магацинот. Тогаш беше актуелен со улогата на Итар Пејо од „Солунски патрдии“ и додека чекавме да се среди документацијата, тој ни кажуваше смешки. Интересен прв волонтерски ден. Потоа се редеа настани, дојдоа бегалците од БиХ, одевме со нив во Чичино село. Кога беа пак бегалците од Косово, цело лето од мај до септември група луѓе одевме во скопското село Радуша, си игравме со децата, ги забавуваме, иако не разбиравме албански. Потоа кога се смири ситуацијата со бегалците, со МЕЃАШИ




учествував на разни настани, неколкупати сум бил со касичките по маркетите, водев и детска работилница за пишување писмо до непознато другарче, ги подучував децата, па им стигнуваа писма во Амбасадата, некои и дојдоа од Куманово и се запознаа. Во детските работилници се правеа разни рачно направени украсни предмети, а и новогодишни честитки и нив ги продававме волонтерите околу новогодишните празници на разни базари или во некои големи маркети.

Еднаш на Средно Водно се организираше трка со ролери меѓу децата. Пиевме топол планински чај. Имаше еколошко предавање, а јас од мојот расадник донесов дваесетина мали дрвца и ги посадивме. Дојдоа и многу родители со децата, а некои од нив беа познати личности, пејачи, спортисти... И

сега се прашувам дали од тоа што го виделе тогаш и некој го предложил некаде, тоа навистина не знам, но по година и половина првпат се одржа „Ден на дрвото“, манифестација на масовно садење дрвја... Се случуваа и семинари низ Македонија, а и во Романија една година, за младинци. Со уште неколкумина бевме таму 15 дена, прво на планина во близина на местото на замокот на Дракула, каде секоја вечер имаше различна презентација за нивната традиција, а потоа седум дена шетавме во нивниот главен град Букурешт. Тоа е бенефитот – се запознаваш со луѓе, создаваш нови контакти.

И секогаш Детската амбасада ги наградувала заслужните волонтери, па така јас добив лото со тоа што додека се организираше некој настан на плоштадот во Скопје, Тетово, Велес,Куманово, сето тоа се снимаше со хеликоптер и од него се фрлаа летоци за тој настан. Ми дадоа шанса да летам во хеликоптер и сите овие градови ги гледав одозгора и беше незаборавно искуство, три часа да се лета над Македонија.

Едно лето имавме и театар, децата глумеа. Имаше и спортска и ликовна и драмска работилница, а подготвивме и претстава со деца со попреченост, од 4-5 школи. Се собиравме во „Партение Зографски“ попладне од кај 16-17 часот. Потоа една недела сите заедно бевме на Пониква на одмор, на крај имаа и генерална проба, на која им дојдоа и родителите. Театарската претстава беше прикажана во триесетина градови низ Македонија.

Ме одушевува работата на МЕЃАШИ. Убава е. Нешто посебно, уникатно, тивко, мирно, да не се истакнуваат, ама тука се цело време ако затреба нешто. Е, сега како се снаоѓаат, тие си знаат, мора да се обезбедат пари за Амбасадата да функционира. Јас сè уште сум волонтер таму. Еден не може да направи нешто, но кога се здружуваат двајца, тројца, повеќемина, може да се поттикне нешто убаво. На 25-годишнината на свеченоста во Драмски театар добив статуетка меѓу заслужните, аплаудираше цела сала. Исто и од МКЦ од Битола добив благодарница за волонтеризам.

„Волонтерството во Меѓаши е задоволство“. Сакам да работам со деца и во нивни интерес нив да им биде добро, да се чувствуваат убаво, да имаа спокојно детство. Сега смислив и една лесна игра за деца, а тие ќе бидат добредојдени во музејот на кибритот, еден ден кога ќе го отворам.

Владимир Трајановски

# НОВОГОДИШНА ЧЕСТИТКА, 6 ЈАНУАРИ 2011

Не можам со зборови да ја искажам благодарноста кон сето она што го направивте за децата сиве овие години, сите спасени и заштитени животи. Ви посакувам во Новата 2011 година уште повеќе здравје, среќа и успех. Денеска гледав фотографии од времето на граѓанската војна во Југославија, фотографии од бегалците и фотографии од почетоците на МЕЃАШИ. Тогаш имав 12 години и се сеќавам на симболот на организацијата, дури во една пригода добив и едно списание кое Вие го издававте, кое и ден денес го чувам. Ме плени сета таа енергија, борба и желба за добробит и благосостојба на сите деца, тој хуманитарен и социјален момент, па МЕЃАШИ за мене претставува синоним за хуманост. Во тие бурни години за многу луѓе, во Охрид (каде што живеам) дојдоа многу деца. Во моето маало престојуваа две деца, Аднан и Ирфан, скоро мои врсници, кои ми станаа многу драги и со кои постојано сакав да играм и да се дружам. Гледам дека многу од тие деца, нивни блиски сега коментираат на тие времиња и на тие фотографии и драго ми е што се здрави и живи. Гледајќи ги тие фотографии, и јас се присетив на тие времиња. Ви благодарам уште еднаш и Ви посакувам уште поголем успех во иднина! Најубави желби, Владимир.

# ОПЕРАТИВНИОТ ТИМ ДЕНЕС





**Драги Змијанац**

Основач и претседател на Првата детска амбасада во светот МЕЃАШИ. Од нејзиното основање во април 1992 до денес се бори за правата на децата, детската личност и нивните најдобри интереси. Особено се залага да се руши молкот за страдањето на децата погодени од војната, децата-жртви на педофилија и сексуална злоупотреба, децата кои се исклучени од образованието, децата на кои им се злоупотребува детскиот труд. Тој се залага за сите прашања при остварување на правата на детето за заедничко родителство по развод, за правото посвоените деца да ги знаат биолошките родители, за одговорно родителство, борба за чист воздух и здрава животна средина и за градење култура за мир од рана возраст.

Драги Змијанац е лидер во македонското граѓанско општество, промотор на правата на децата во земјата и на правата и заштитата на децата од насилство и злоупотреба.



**Слободанка Богоевска** работи во МЕЃАШИ од 1998 година. Покрај континуираното водење на грижа за хигиената на објектот, Слободанче е посветена на работата на Дневниот центар за деца, обезбедувајќи храна, облека и други ресурси кои им се потребни на децата. Таа секојдневно ја прима и класифицира донираната облека и им ја распределува на граѓаните од социјално ранливи категории кои се обраќаат во МЕЃАШИ. Унапредувањето на благосостојбата на децата е нејзина главна мотивација за работа.



**Јорданка Черепналкова -Трајкоска**, во МЕЃАШИ од 2019 (септември) по вторпат, првиот пат на штотуку отворениот СОС-телефон за деца и млади во 1993 година до 1994 година.

„Тогаш како апсолвент на психологија во 2019 како пси-

холог со искуство. И повторно патот во Меѓаши и во 2019 започна со СОС-телефонот и продолжи и во проектите и меѓу волонтерите, и меѓу децата од училиштата со коишто МЕЃАШИ соработува и во мировните води. Во моментов е раководителка на Програмскиот сектор. Као секое дете, сака приказни, љубопитна е и се чувствува како во своја природна средина секогаш кога работи со деца и млади, непрестајно воодушевувајќи се на длабочината и остроумноста на нивната перцепција и размислување.“



**Жарко Змијанац** – раководител на Сектор за истражување, развој и одржливост.

„Работењето со посветен и професионален тим на остварување на организациските цели, визија и мисија, како и можноста да влијаеш во создавањето позитивни промени во општеството, каде што се цени иницијативноста и креативноста, каде вредностите претставуваат основа за ангажман, организација на која транспарентното и отчетно работење ѝ се од голема важност и која е жива и спремна за следење на современите начини на работење, за мене претставува голем предизик“.



**Ана Икономова** - вработена во организацијата од јануари 2013 година, на работно место стручно лице во Сектор финансии и заеднички служби.

„Кариерата како дипломиран економист ја започнав во 1990 година и своето долгогодишно искуство до вработувањето во МЕЃАШИ го стекнав во повеќе трговски организации, но секогаш во истиот Сектор финансии и сметководство. Секоја година посетувам семинари и обуки преку кои го надополнувам моето знаење како и за верификување на моето уверение за овластен сметководител. Работењето во МЕЃАШИ, која се грижи за правата на децата е дополнителен мотив во извршување на работните обврски.“



**Ана Битољану**

Мировна работничка, вработена во Програмата за мировно образование. Со Првата детска амбасада во светот МЕЃАШИ е од 1999 година како волонтерка и надворешна соработничка, а вработена е во МЕЃАШИ од 2015 година. Верува во ненасилство и заеднички акции, во солидарност и поддршка, во моќта на образованието, во луѓето... МЕЃАШИ со своите програми, акции, иницијативи се труди да гради подобра иднина за сите.



**Фатмире Ајдари** – во МЕЃАШИ од јули 2017 година.

„Разноликоста на нашето општество содржи многу убави нешта. А, тие ќе се откријат кога сите ќе се слушаат меѓу себе на ненасилен начин, за што Детската амбасада МЕЃАШИ се залага преку нејзините програми. Верувам дека патувањето наречено мир почнува со детски чекори.“



**Клементина Добревска** – „Најлесно е да работиш работа која те исполнува. Впрочем не одиш на работа, туку на секојдневна трка по предизвици од кои многу учиш, се надоградуваш, растеш! Така некако би ја опишала мојата работна позиција како СОС-оператор/ координатор на „Ало, Бушавко“. Детската насмевка е она што ме исполнува и што ме прави благодарна што 2021 ја започнав како волонтер во МЕЃАШИ. Убаво е да се слуша детскиот глас, детското мислење, а на детската креативност ѝ нема крај! Децата се толку чисти што работата со нив не може, а да не биде Љубов.“



**Гордана Пирковска Змијанац**

Во Детската амбасада МЕЃАШИ е од самото основање. Работи на повеќе програмски активности грижејќи се за целокупната дејност на организацијата и исполнувањето на мисијата

и визијата.

Сака предизвици и периодов, привремено е посветена и на работата на оперативната канцеларија како в.д. оперативна директорка. Она што ја исполнува и мотивира е можноста за личен придонес кон остварувањето на заедничката визија на Детската амбасада МЕЃАШИ за СРЕЌНО ДЕТЕ, а тоа подразбира, меѓудругото, вредносно втемелен, гласен и активен став против бројните неправди, квалитетно образование за секое дете/мировно образование, одговорност, непомирување со зло/употребите, омразата и говорот на омраза, дискриминацијата по кој било основ, предрасудите...

# СОБРАНИЕ, НАДЗОРЕН ОДБОР

**ЧЛЕНОВИ НА СОБРАНИЕТО НА ПРВАТА ДЕТСКА АМБАСАДА ВО СВЕТОТ МЕЃАШИ СЕ:**

Елена Јоциќ Блажевски,
Симонида Георгиевска
Драган Георгиевски
Магдалена Чоревска
Благој Чоревски
Весна Димчевска
Зумрета Јакупи

Ленче Здравкин
Евридика Шашкова
Наташа Стојковска
Никола Киселинов Боздоганов
Катерина Златановска Попова
Јулијана Зоксимовска
Коле Ангеловски

Драги Змијанац
Гордана Пирковска Змијанац
Ајрије Дачи
Роза Василевска
Виолета Павловска
Сашо Трајковски
Лидија Мехинагиќ

**ЧЛЕНОВИ НА НАДЗОРЕН ОДБОР НА
ПРВАТА ДЕТСКА АМБАСАДА ВО СВЕТОТ МЕЃАШИ СЕ:**

Снежана Јаневска
Елизабета Атанасова
Александар Ѓумберовски





**Зумрете Јакупи,**

Член на Собранието на Првата детска амбасада во светот МЕЃАШИ.

Моја инспирација за да станам дел од ова светско движење „Меѓаши“.

Јас првпат се запознав со Првата детска мабасада во светот МЕЃАШИ од 2002 год. кога организираа работилница на наставници (волонтери) од нашето училиште СМУГС „Д-р Панче Караѓозов“ со програмата за ненасилна разработка на конфликти во средните мултиетнички училишта.

Јас бев воодушевена од начинот, умешноста, блискоста, отвореноста и искреноста на персоналот на МЕЃАШИ - тренерите кои за неколку дена успеаја да ја смалат нетрпеливоста која владееше меѓу колегите (поради војната 2001) и да ја поттикнат позитивната енергија, дури да ја подобрат атмосферата во колективот, станавме повесели и друштвени.

Ова ми беше инспирација за активно и редовно учество на организираните работилници, обуки и тренинзи , потоа и самата се вклучив во организирање на разни активности во и вон училиштето преку мултиетничка соработка и другарувањето и со други училишта, се изведуваше и настава за учење на националните јазици (македонски - албански).

Со задоволство се сеќавам на успешниот проект „Сличностите нè зближуваат, а разликите нè збогатуваат“ со присуство на колеги, родители и ученици од различни националности. Особено се гордеам што со помош на МЕЃАШИ успеав да спречам организирана меѓуетничка пресметка во училиштето. Пријатно сум изненадена што проблематичните ученици кои ги ангажирав во работилници, станаа пријатели и ден денес се дружат.

Со голем ентузијазам се трудам да ги воспитувам, едуцирам и организирам учениците од различна националност во различни активности во духот на мирот, заемната почит, дружење, без предрасуди... Со цел да придонесувам во заедничкиот соживот во училиштето и пошироко, учениците да бидат амбасадори на мирот каде и да се. Секој мал успех мене ме мотивира да се ангажирам со поголема енергија за подемократско праведно и подобро

општество во реализација на мисијата и визијата на Првата детска амбасада во светот МЕЃАШИ.

Ми беше чест да станам дел од ова светско движење МЕЃАШИ кое несебично се залага за правата на децата (иднината на општеството), заштита, безбедност и вклучување на сите деца во образованието. Се бори против педофилија, родоскврнавење, сексуално злоставување, насилство, дискриминација, против експлоатација на детскиот труд...



**Елизабета Атанасова**
Член на Надзорен одбор

Мојата љубов кон ангажманот во Првата детска амбасада во светот МЕЃАШИ дојде преку учителката Роза Василевска. За да можев подобро да ги разберам грижите на децата и проблемите со кои се соочуваат истите, Горде и Драги ми овозможија да бидам дел од волонтерскиот тим на СОС-линијата. Така разбрав колку МЕЃАШИ е сериоза институција, никогаш не затаи ниту една дојава преку СОС-линијата, а голем дел од случаите се решија во најдобар интерес за детето.Сите дисфункционални појави преку проекти биле изработени и јавноста била запознаена за вредостите на секој чекор на МЕЃАШИ.Тимскиот дух, вклученоста на лица од светот на театарот, образованието, социјалната заштита, правото, психологијата, државиот и приватниот сектор, како и невладиниот сектор, е уште еден поздрав за успешно изработени задачи и активности.



**Катерина Златановска Попова**
Тренер за меки вештини & советник за развој на кариера, член на Собрание од 2021 година

„Со МЕЃАШИ ни се спојуваа патиштата неколкупати во текот на мојот професионален живот, почнувајќи од далечната 2000 година. Сепак, нашата долгорочна соработка се случи во 2019 година кога како тренер имав привилегија за прв пат да работам со тимот на МЕЃАШИ на нивниот личен и професионален развој, создавајќи програма прилагодена на нивните потреби. Запознавајќи ги душата и срцето, не

само на организацијата, туку и на луѓето кои се дел од неа, сфатив дека споделуваме слични вредности и дека мисијата на МЕЃАШИ се надополнува со мојата лична животна мисија. Едноставно се препознавме, ја препознавме меѓусебната желба, љубов, интерес, подготвеност и отвореност за реализација на активности за решавање на важни општествени прашања и мојата вклученост во работата на МЕЃАШИ се зголемуваше сосема природно и ненаметливо од година во година.“



**Елена Јоциќ Блажевски**
Член на Собранието

Огромна чест и задоволство ми е што сум дел од МЕЃАШИ. Во годините поминати во МЕЃАШИ, и како волонтер и како член на Собранието на МЕЃАШИ сум едно камче во мозаикот кој со останатите го правиме целосен. Промовирањето, заштитата на детските права се приоритет кој достојно во овие 30 години се работи со љубов. Работата ќе продолжи и понатаму. Достоинствено, верно, со голема љубов и труд ќе се одбележуваат уште многу јубилеи. Среќен роденден, Бушавко!!!



**Роза Василевска**
Член на Собранието

„Монографија не е само обичен збор. Монографија значи раѓање и живот. За раѓањето и животот на Детската амбасада МЕЃАШИ сведочат многумина, меѓу кои и мојата маленкост. Од друга страна, и МЕЃАШИ сведочи за нас и нашите изградени животи благодарение на сè што таа ни пружи – подигање на свеста за светот околу нас, а особено за правата на најмилите децата, Прва детска амбасада во светот, единствена по својата препознатливост. А, за тоа сведочат многуте насмеани детски лица, многу стоплени детски срца. Така сплотени продолжуваме и понатаму до следните монографии...“.



**Магдалена Чоревска**
Член на Собранието

Како педагог во ООУ „Круме Кепески“ имав многу убава соработка со МЕЃАШИ. Особено ми значеа активностите во Програмата за мировно образование којашто ми овозможи да стекнам подлабоки увиди во ненасилната разработка на конфликтите како и можност да се запознаам со многу мои колешки и колеги од различни училишта. Бев и сè уште сум воодушевена од организацијата на сите вработени во МЕЃАШИ, а особено од Драги и Горде Змијанац. Сега соработувам со нив како член на Собрание и ми е посебно драго.



**Симонида Георгиевска и Драган Георгиевски**
Членови на Собранието

Прологот на нашата приказна со МЕЃАШИ, за жал, е испишан преку една од свирепите природни непогоди кои го зафатија Скопје во последниве дваесетина години, наративно „поплавата во Стајковци“. Непосредно по грозоморните поплави, на 6 август 2016 година, волонтирајќи преку МЕЃАШИ, се организираа лекарски тимови од Детската клиника на кои подоцна им се придружи тим од Клиниката за кожни болести и од Клиниката за инфективни и фебрилни состојби и останати, со кои 20 дена без исклучок континуирано го посетувавме Стајковци, каде што локализиравме привремена амбуланта. Им беше пружена помош на сите лица кои имаа потреба, давајќи приоритет на децата кои не заслужија да бидат сведоци на една таква сурова незгода. Амбициозноста, посветеноста и филантропските пориви на тимот на МЕЃАШИ кои ја кулминираа нивната хуманост во текот на овој несакан брутален случај, беше стимулот кој нè воведе да сме дел од Собранието на МЕЃАШИ.

Тамошната слика и голготите на кои бевме сведоци се работи кои тешко се заборавaат и можеби поводот за оваа наша соработка е нешто на кое не сакаме да се сеќаваме, но чинам дека преку него успеавме да ја одбраниме каузата на МЕЃАШИ, вклучително и последниве 8 години работа за правата и заштитата на децата.

Ви благодариме МЕЃАШИ што сме дел од тимот.

# СОНЧЕВИНА ВО ДЕТСКИТЕ ОЧИ

Билтен на Детската амбасада Меѓаши,
„Ние сме иднината“ бр 3, 1995 година

(На сите вработени и соработници од Првата детска амбасада во светот МЕЃАШИ - Македонија)

Во борбата за светлината,
го разоткривам вашето постоење,
се надраснавте до ѕвездени простори
сред времето како свеж процут
за човековото опстојување сред војните и ужасите.
Илјадници насолзени детски очи се вперени кон вас,
очи исплашени, збунети од виорите на војната.
Илјадници детски усни растреперени, бараат помош, милост и човекова добрина со испружени раце кон вербата во човекот.
Вие се надраснавте, над времето и просторот.
Во вашите прегратки згрнавте-прегрнавте
НЕЗГРИЖЕНИ, ОСАМЕНИ И ИСПЛАШЕНИ ДЕЦА.
Сончевината ја видоа на вашите лица, чела,

мајчинскиот насмев од вашите лица,
топлината на родниот дом во вашите прегратки.
Запревте потоци детски солзи,
спасивте невини детски животи од канџите на војната,
спасивте нејаки, немоќни луѓе.
Во очите на децата израснавте до изгревот на Сонцето,
до сребрените сончеви хоризонти.
Ги враќате нивните најубави детски спомени,
ја осмислувате нивната иднина во светот на убавината.
Со вашата љубов
место тага во нивната детска душа, посеавте верба и надеж,
место солзи, ѕвезден сјај.
Вие докажавте како се сака, како се жртвува човек за ЧОВЕКА.
И ја откривте големата ЧОВЕКОВА ЉУБОВ
на оваа света МАКЕДОНИЈА.
Илјадници ви се поклонуваат со љубов
за ВАШЕТО ГОЛЕМО ЧОВЕКОВО ДЕЛО.

**Ванѓелко Лозаноски**
Професор во СУЦ „Крсте П. Мисирков“ - Демир Хисар


Иако најмалечка и
најмлада земја на светот,
Детската земја не се
брани со војска, полиција
и царина. Детската земја
нема граници бидејќи:
„Каде започнува светот
со граници, таму
престанува детството.“

# ВОЈНАТА!

Сте размислувале ли некогаш на тема војна? Што е војната? Се бориш за својот живот, животот на најблиските, гладуваш, немаш ни основна храна, немаш облека, немаш огрев, немаш лекови, немаш електрична енергија, немаш пари, немаш слобода на движење, луѓето се напнати и преплашени, фрчат куршуми, паѓаат бомби, летаат шрапнели, луѓе во крв, повредени, настрадани... Бегаш од својот дом. Во непознат правец. Дома, на работа, на училиште, на улица, на секое ќоше некој може да те убие. Тебе или најблиските.

Во таа ситуација сѐ повеќе до израз доаѓа човечката злоба, омраза, себичност, егоизам, завист, лудило, сите негативни карактеристики. Наоколу е безвластие, секојдневието и судбината ти се во рацете на воените профитери.

Губиш сѐ што ти е најважно. Остануваш во плач, во солзи, на улица, немоќен гледаш што се случува и немаш моќ што било да сториш. Трепериш. Се тресеш од страв, тага и болка.

За жал, лесно до тоа човек може да дојде. Иако не сме верувале до пред некоја деценија и сѐ ни било само од слушнато од баби и дедовци кога ни раскажувале, како приказна пред спиење. Но, потоа преку ноќ сфативме дека тоа во еден миг, сето тоа може да стане ужасна реалност.

Но, надежта, верата, љубовта, би изгубиле смисла, ако човек се предаде. И во најтешкото сфаќа дека во ниеден момент не смее да го изгуби спартанскиот дух. И дека мора да победи! На свој начин. Да се бори. Да бара помош... Има луѓе, ќе се најдат. Ќе помогнат. Дум спиро, сперо!, рекле. Додека дишам, се надевам и тоа е она што треба да нѐ води и во најтешкото, да бараме спас за својот живот...

***

„Имаше многу смеење со тато", никој не остана рамнодушен на оваа реплика со која заврши филмот „Животот е убав" (1997), во кој Гвидо

Орефиче, италијански Евреин и сопственик на книжарница, ја користи својата плодна фантазија да го заштити својот син од ужасите на интернирањето во нацистички концентрационен логор.

Во филмот: таткото Евреин на својот син животот во логорот за време на Втората светска војна му го претставува како забава во која на крај наводно ќе има и награда, а филмот немаше на светот да му ја соопшти таа вистина толку болно, ако сето тоа, сите тие ужасии, не беа видени и прикажани низ детските очи.

Никој не остана рамнодушен ни на едно детенце, децении подоцна, кое бегајќи од војната во Сирија, заврши меѓу дивите немирни морски бранови и брегот, чиниш спие во најсладок сон, во желба (неостварена) наскоро спокојно да грицка пуканки и да гледа филм во некое модерно европско кино, како можеби и погореспоменатиот филм. Случајот, по кој понатаму светот ја промени и глобалната политика кон мигрантите. Ајрлин! Дете – порака!

Никој не остана рамнодушен ни на громогласното смеење на едно тригодишно девојче од Сирија, кое во видеото што кружеше се смее на секоја детонација на експлозија. Само затоа што нејзиниот татко, Абдула Аби Салва ѝ објасни да го победи стравот со смеење, откако девојчето играјќи со пиротехника се уплашила и тој ја убедил дека звукот на експлозија е детска игра, која подоцна ја проширил и на воениот звук. Така, малечката Салва секојпат кога ќе слушнала експлозија, помислувала дека станува збор за игра и се смеела.

Ах, кога би сакале да ги дознаете сите ужасии на една војна, не барајте ги нивните статистики, тие се поразителни. Пребарајте писмо кое дете го напишало во врска со тоа. Или фотографија. Сè ќе ви каже.

Се сеќавате ли на книгата „Дневникот на Ана Франк“? Најпознатата книга за Втората светска војна. Или барем најпознатиот наслов. Детските книги се како огледало во кое јасно гледаш што се случувало.

Децата се попогодени од војните и кога би сопреле сите војни, би ги имале најсреќните мали суштества на светот. Во војна луѓето стануваат ѕверови, се убиваат, прават злодела, војната

е полна со омраза, напнатост, кукавичлук, луѓето бегаат на сите страни... Но, дали е само доволно да не се остане рамнодушен, а да не се стори ништо?

Кога сите само би тагувале и би сметале дека само тоа е доволно, ќе има ли ефект? Што мислите? Не, секако дека не. Човекот не треба да заборави дека е човек, помош треба да даде. Нема човек кој во себе нема барем некоја искра на добрина или способност. За време на неприлики, обврска е да се распламти таа искра, пред сè, кон секое дете кое настрадало. Така се раѓа јунаштвото.

***

Не се продава добрината, таа или ја имаш во себе или не, но поради тежината на тоа време, основачите на Амбасадата целосно ги отворија душите кон добрина за да помогнат во злодоба.

Една личност, со својата идеја го прави првиот чекор во таа насока... со еден навидум обичен апел од Гордана Пирковска Змијанац ... И така се раѓа детскиот дом наречен МЕЃАШИ.

Замислете, војна е, а едно дете нема каде да оди, да се засолни, да се спаси. Целото трепери.

И одеднаш, среде таа неволја и песимистички поглед на животот, здогледува подадена рака која живот значи. Знак на спас.

Штом се завојува, правиш сè за да избегаш од бомби и куршуми, од сите тие стравотии, и... наидуваш на некои луѓе чии очи те гледаат полни со љубов.

Никулците на МЕЃАШИ се токму таа надеж, тој светол сноб зраци, тие топли дланки подадени кон едно дете.

А приказната за МЕЃАШИ, кога не би била сурова реалност, би била бајка. Таа почнува на таков начин, а потоа по нивниот пример тргнуваат и многу други миротворци кои прават сè што можат за да им го разубават животот на децата настрадани во војните.









НЕКОИ ОД ОВИЕ ДЕЦА, ПОРАДИ ВОЈНАТА, ВЕРОЈАТНО ЗА ПРВПАТ СЕ РАЗДЕЛИЈА ОД СВОИТЕ РОДИТЕЛИ

# РАСКАЗИ
# И ПРИКАЗНИ...

# ИМА НЕКОЈА ТАЈНА ВРСКА

Билтен на Детската амбасада Меѓаши, „Ние сме иднината“ бр 1, 1993 година

За Босна учевме на училиште. Слушавме вицови за Мујо и Хасо. Првпат поминав низ Босна кога одевме низ матурски екскурзии... Сутјеска... Неретва... Тјентиште... Вовчето „Пампур“, мало како од каубојските филмови. Бев вчудоневиден од убавината, од дивината, од големината на таа земја. Потоа станав артист и почнав да снимам филмови. Разни. „Народен пратеник“, „Коњух планином“, „Среќните умираат двапати“, „Неретва“, „Сутјеска“, „Азра“... се дел од филмовите што ги снимав низ Босна. И тогаш запознав многу краеви и многу луѓе од оваа прекрасна земја. Во Босна војска отслужив, шоферски положив, се заљубив, се одљубив, режирав претстави, бев селектор на Шибеничкиот фестивал на детето и цела ја прокрстарив. Бев член на жирито на куклениот фестивал во Бугојно. Мои претстави учествувале на фестивалите во Брчко и Јајце. Босна сум ја запознал во сите временски услови. Сум скијал на Јахорина и Бјелашница. Сум се смрзнувал на Макљен, Прозор, Коњиц, Горни и Доњи Вакуф, Бусовача... Сум се капел во Неретва, Јабланица, Босна... на море во Неум. Кога цветаа липите сум шетал низ Мостар, Требиње, Тузла, Бања Лука. На есен сум планинарел и собирал печурки во Чемерно, Требевиќ, Пале... УБАВА И СТРАШНА ЗЕМЈА!

**САРАЕВО**

Најмногу време имам поминато во Сараево. Единствен град. Друг таков нема. Измешани цивилизации, култури, вери... Баш чаршија, Веќницата, хотел „Европа“, „Кикиќ“, „Слога“, Народно позориште, Камерниот театар, Театарот за млади, Академијата... најубавите буреци, ќебапчиња во сомун, палата Нурија, „Сирано“ , „Мориќа хан“, Скендерија, Жељо, Сараево, најдобрите кошаркари,„Бијело дугме“, Кемал Монтено, Даворин Поповиќ... Сликари, артисти, писатели, филмаџии, театарџии, спортисти, рокери, пијаници и трезни, другари и пријатели.

Сараево го помнам само по убаво. Првпат во него престојував кога имав 20 години, последно пред година и пол, три месеци пред да започне војната. Што ли останало сега од овој град?

**АНА**

Во Сараево како во ниеден друг град имам многу пријатели: Тото, Пфко, Мима, Малецни, Тања, Штеф, Дубравка, Ѓоко, Вучко, Нека, Чоле... Суљо, Мујо, Фата. Некои од нив не се повеќе меѓу живите. Некои се ранети и сакати за цел живот.

Ана е девојче од седум години, моја пријателка. Татко ѝ Драго - Хрват по потекло, е артист во Театарот за млади и мој другар веќе 20 години. Мајка и Жељка – Србинка, весела и убава, секретарка во театарот, а пријателка веќе десет години. Ана е значи дете од мешан брак. Што е по националност? Каде ќе припадне? Во која мапа ќе ја вкалупат? На која енклава ќе ја придодадат?

Ана е паметно, убаво и пред сè многу љубопитно девојче. Сè ја интересира. Ѝ раскажував разни приказни од грчката митологија, Илијада и Одисеја... Приказни од Шекспир... Постојано имаше некои свои и чудни коментари. Многу ја сакаше природата, беше планинар и стручњак за печурки. Од кога почна војната, додека работеа телефонските врски, бев во постојан контакт. Не сакаа да излезат од Сараево, очајни и гладни. „Станав стручњак за парадајз чорби од туби, се шегуваше Жељка, алиштата како на закачалка ни висат“.

Последен пат разговарав пред три месеци... Беа живи, стандардно изгладнети, а поголемиот дел од денот го поминуваа во подрум, пркосно решени да издржат и да останат во Сараево до крај... додека се живи. И тогаш Ана ми рече: „Чичко Коле, во ред е, не е ни така страшно, единствено ми е жал што можам така млада да загинам“. Оттогаш не знам ништо за нив! Се молам!!!

Каква врска има сево ова со Детскиот конзулат? Не знам. Мислам дека има. Голема врска! Огромна врска!

ИМА НЕКОЈА ТАЈНА ВРСКА!!!

**Коле Ангеловски**, амбасадор на Првата детска амбасада во светот МЕЃАШИ.

# ИМА НЕКОЈА ТАЈНА ВРСКА

ЗЕМЈА

За Босна учевме на училиштето. Слушавме авиони за Мујо и Хасо. Прв пат помислив кога Босна кога одевме на матурски екскурзии... Сутјеска, Неретва... Тјентиште... Вокето "Пингур", мало како од мурбшките филмови. Без вчудоневиден од убавината, од дивината, од големината на таа земја. Потоа станав артист и почнав да снимам филмови. Разни. "Народни практики", "Жинко пламинов", "Срећните умираат два пати", "Нереtва", "Сутјеска", "Аура" ... се дел од филмовите што ги снимав низ Босна. И тогаш запознав многу краеви и многу луѓе на оваа прекрасна земја. Во Босна војска отслужив, шоферски положив, се залубив, се одлубив, режирав претстави, бев селектор на Шибеничкиот фестивал на детето и шела ја прокрстарив. Бев член на жирито на Куклениот фестивал во Бугојно. Мои претстави учествуваат на фестивалите во Брчко и Јајце. Босна сум ја запознал во сите временски услови. Сум скијал на Јахорина и Бјелашница. Сум се сончувал на Маљлвц, Пренѕр, Кљанц, Горњи и Доњи Вакуф, Бусовача... Сум се капел во Неретва, Јабланица, Босна... на море во Неум... Кога цветаа липите сум шетал низ Мостар, Требиње, Тузла, Бања Лука. На истите сум планинарел и собирал печурки по Чемерно, Требевиќ, Пале... УБАВИ И СТРАШНИ ЗЕМЈА!

САРАЕВО

Најмногу време имам поминато во Сараево. Единствен град. Друг таков нема. Измешани цивилизации, култури, вери... Баш чаршија, Вејнињата, Хотел "Европа", "Кошев", "Слога",



Народно позориште, Камерниот театар, Театарот за млади, Академијата... најубавите бурекџ, ќебапчиња во ќевап, Палата Нуриџа "Сараево", "Моришк хан", Скендерија, Жељо, Сарајево, најдобрите пиццарии, Бијело дугме, Кемал Монтено, Дино од Поповиќ... Свингари, артисти, писатели, филмаџии, театраџии, спортисти, рокери, пијаници и грешни, другари и пријатели. Сараево ги помним само по убаво. Прв пат во него престојував кога имав 20 години, последен пред години и пол, три месеци пред да започне војната. Што ли остануло сега од мој град?

АНА

Во Сараево, како во ниеден друг град имам многу пријатели: Тото, Ифеј, Мимо, Малпиќа, Тања, Штеф, Дубравка, Гоги, Вучко, Нена, Чиле, Сува, Мујо, Фата... Некои од нив не се помеѓу живите. Некои се раселени и секаде за цел живот. Ана е девојче од седум години. Мојата пријателка "Тата и" Драго - Храст по потекло, е артист во Театарот за млади и мој другар веќе 20 години. Марја и ЖелькаСрбинка, весела и убава жена, секретарка во театарот, а пријателка веќе 16 години. Ана е значи дете од мешан брак. Што е

по националност? Каде ќе припаѓа? Во која вера ќе ја вклучат? На која пивчава ќе ја приклучат?

Ана е паметно, убаво и пред се многу љубопитно девојче. Се ја интересира. И раскажува разни прикажни од Грчката митологија, Илијада и Одисеја... Прикажни од Шекспир... Поставува многу нешто свои и чудни коментари. Многу ја сакаше природата, беше планинар и стручњак за печурки. Од кога почна војната, додека работеа телефонските врски, бев во постојан контакт. Не сакаа да излезат од Сараево, иако и гладни. "Сечам стручњак за парадајз ворби од туби" - се шегуваше Желька, "кошчињата како на ливчалки ни висат".

Последен пат разговарав пред три месеци... Бев живи, стандардно последниот го поминуваше во подрум, тргаше решени да издржат и да останат во Сараево до крај... додека се живи. И тогаш Ана ми рече: "Чичко Коле, во ред е, не е ни така страшно, единствено ми е жал што можам толку млада да загинам". Од тогаш немам ништо за нив! Се молам !!!

Каква врска има сето ова со Детскиот конзулат !? Незнам. Мислам дека има Голема врска! Огромна врска !!

ИМА НЕКОЈА ТАЈНА ВРСКА !!

ГЕНЕРАЛЕН КОНЗУЛ

Коле Ангеловски

2 ГЕНЕРАЛЕН КОНЗУЛАТ НА ПРВАТА ДЕТСКА АМБАСАДА ЗА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СВЕТЛИНА НА КРАЈОТ ОД ТУНЕЛОТ

Билтен на Детската амбасада Меѓаши, „Ние сме иднината“ бр 2, 1994 година

Да не беа специјалните темни очилца на нејзиното убаво, црномуресто главче, ќе си помислевме дека ова седумгодишно крупно девојченце само сака да стане член на Детската амбасада, како впрочем најголемиот број деца кои доаѓаат тука.

Но, малата Лиле Ивчева имаше голем проблем. Кај нас ја наведоа патиштата што водеа до негово решавање.

Долго го запознаваше секој еден од нас, внимателно допирајќи го со нежните прстиња. „Чичко Драги, вие сте многу добар човек“ - беше првата реченица што Лиле, ослободена од срамежливоста што дотогаш како да ја кочеше, ја кажа со призвук на новостекнатата доверба.

Лиле не можеше да гледа. Така родена, таа во Сојузот за слепи лица беше само бројка повеќе во списокот на членовите, сѐ додека не дојде време да тргне на училиште.

Тогаш од Велес беше повикана во Скопје, во специјализираниот Дом за слепи, каде требаше не само да посетува часови, туку и да живее таму за цело време на нејзината едукација. Два месеци јуначки го поднесуваше тамошниот живот, без никакви услови и речиси без никаква грижа на персоналот. Родителите самоиницијативно си ја побараа Лиле назад, решени да ја одведат дома и за неа да најдат учител кој приватно би ѝ држел часови. Во оваа збрка се појавува г-ѓа Вера Цуракова, психолог од Велес. Оваа прекрасна, самопрегорна и широка жена ќе стане носител на една нова и посреќна епизода во животот на Лиле.

Вера ја запозна Лиле во состојба на депресивна исцрпеност што резултираше со тешко стапување во контакт со луѓето и со чувство на недоверба кон нив. Од почетокот таква беше и со Вера. Но, нивната секојдневна дружба и учење доведуваше до постепено „кршење на мразот“ кај Лиле. Дури и љубов се роди меѓу нив двете. „Со намера низ игра да излеземе од состојбата на депресија, прво научивме да гледаме на часовник, а потоа да вртиме на телефон – вели Вера и додава, а нас-



REPORTAGE

# СВЕТЛИНА

## НА КРАЈОТ ОД ТУНЕЛОТ

WE ARE THE FUTURE

9

коро почнавме и со едукативна настава за прво одделение". Лиле се радуваше на секоја новонаучена информација. Нејзината натпросечна интелигенција ја натера Вера да размислува за идејата Лиле да оди во редовно училиште. Водени од нескротливата желба – Лиле да живее нормално како и нејзините врсници, Вера, родителите и самата Лиле, со тропнувањето на првата законска врата, го означија почетокот на борбата.

Поминуваа низ многу бирократски бариери, разговараа со многу советници, компетентни луѓе.... Најнапред, сите тие ја разубедуваа Лиле да се врати во Домот за слепи велејќи ѝ дека нејзината желба е противзаконска. Изманипулираното дете се согласи. Но, новонастанатата ситуација не ги поколеба, во веќе одамна започнатата борба, ниту родителите, ниту Вера која стапи во контакт со проф. д-р Олга Мурџева Шкариќ (член на Колегиумот на Детската амбасада) која, пак во потполност се согласуваше со мислењето на Вера.

„Ако детето може да ја следи наставата во редовно училиште, тогаш нема никаква потреба тоа да оди во специјализирана установа" – беше нивни заеднички заклучок. Двете жени за време на една

од посетите на г-ѓа Невена Пачемска, советник за специјални училишта, го искажа својот став дека тие, како психолози, не можат да дозволат детето да биде изманипулирано од законот. Сложувајќи се со ова, г-ѓа Пачемска ги испраќа во Министерство за образование и физичка култура од каде што по многу перипетии успеваат да добијат дозвола Лиле да се запише во редовно училиште, но само како обид. Со тоа за првпат во Македонија, силата на еден закон падна пред желбата на едно дете, голема колку и самиот свет.

Лиле, како интелигентно, мило и трудољубиво дете, лесно и целосно беше прифатено од децата, учителката Љубица Тодорова и директорот на ОУ „Благој Кирков". Основните познавања од Брајова азбука ги пренесе љубезниот физиотерапевт од болницата во Велес, г. Кире Димитриевски, кој го имаше истиот хендикеп како и Лиле. Проблем беше набавката на Брајова машина.

На сцена повторно стапува г-ѓа Шкариќ, препорачувајќи ѝ на Вера во овој проблем да се јави во Детската амбасада.

На малата Лиле Ивчева ѝ излеговме во пресрет, стапувајќи во контакт со г-ѓа Барбара Кавена (адвокат од САД, на службен престој во нашата земја). Оваа хумана жена, заедно со своите пријатели од Тексас, собраа финансиски средства потребни за купување на толку потребната Брајова машина. Г-ѓа Кавена лично ѝ ги врачи парите на малата Лиле.

Неколку месеци потоа, повторно со несебична помош на Вера, семејството Ивчеви доби нов стан...

Сега Лиле е едно весело и палаво девојче кое живее сосема нормално како и нејзините врсници. Има неколку најдобри другари и од училиште редовно се враќа со по некоја петка. Од родителите за својот осми роденден доби хармоника, а чичко Кире физиотерапевтот, вети дека ќе ја научи да свири.

Се прашуваме, каква ли е нејзината визија за надворешниот, никогаш невиден свет на возрасните по сето она што Лиле го преживеа за толку кратко време?

**Евридика Шашкова,** новинарка

# ЗА ПОМАЛКУ СОЛЗИ

Билтен на Детската амбасада Меѓаши, „Ние сме иднината“ бр 3, 1995 година

„Сите идеали на овој свет се безначајни во споредба со детската солза.“ Дали ова мото некој некогаш го има сфатено? Можеби, некогаш, во некоја војна водена од некои големи идеи гледаа како умира ИДНИНАТА во најчувствителниот момент на нејзиното издигање и растење.

„Ние сме иднината“ пишува на плакатите на Првата детска амбасада во светот – МЕЃАШИ, Република Македонија. Каков апсурд – речиси во секоја војна најмногу страдаат децата, а зарем не велат дека таа кланица наречена војна започнува токму поради нив, за нивната подобра иднина. Не се знае точно колку деца загинале, колку се раселени, колкав е бројот на оние кои не знаат каде им се родителите, оние кои останале сирачиња, оние чие школување нагло завршило во одделение коешто требало да биде само еден чекор до образованието...

Кога пред три години се основа Првата детска амбасада во светот – МЕЃАШИ, основната замисла беше да им се помогне на децата во образованието; усовршување, запознавање на светот преку милионите деца кои живеат во него. Со тврдењето дека децата се посебна нација, се дојде и до реализација на идејата за Детска земја. На почетокот тоа беше селото МЕЃАШИ кое се наоѓа на тромеѓето на Босна и Херцеговина, Хрватска и Србија. Војната го спречи создавањето на детскиот свет во Босна, но самата идеја продолжи да живее благодарение на брачниот пар Гордана и Драги Змијанац. Може да се каже дека денес во светот постојат неколку Детски амбасади, но единствено оваа, во Македонија, работи со „полна уреа“, наспроти многуте тешкотии со кои беше соочена.

Поради воената ситуација, Детската амбасада во Македонија на почетокот имаше хуманитарен карактер. Требаше да се направи сè за да се спасат што е можно повеќе деца од Босна и Хецеговина и овде да им се овозможат основни услови за живот и понатамошно школување.

Покрај тоа, беше обезбедена помош и за голем број социјално загрозени деца. Направени се и психоздравствени проекти од кои најзначаен е СОС-телефонот за деца и младинци.

Верувам дека цел еден број од ова значајно списание би можел да се исполни само со основните информации за работата и успесите на оваа невладина организација, но сакам да нагласам дека од особена важност е тоа што овде разбраа дека не е доволно да се лекува болеста, туку треба да се работи на нејзиното спречување, посебно ако е толку опасна како омразата. Се одеше чекор по чекор – од основањето на Центарот за другарување, дописната школа, новинарските секции, ликовниот караван, сè до основањето на Детската земја.

Првото детско парче земја во Македонија се наоѓа во Скопје. Промоцијата на Првата детска уличка беше одржана на 10 јуни 1994 година. Улицата се наоѓа покрај училиштето „Лазо Ангеловски“. Затворена е за сообраќај, неубави зборови и однесување, а отворена за дружење, смеење, другарство. Основна замисла на овој простор да се отвори можност за игра (кошаркарски табли, маси за пинг-понг и слично). Ова е само прва реализација на Детската земја, а во иднина ќе има и повеќе. Задача на основачите е да ги штитат Детската територија и објекти од каква било злоупотреба (воена, верска, национална...)

Ваквите проекти наменети за најмладите генерации имаат за цел проширување на нивниот видик и сознавање на светот и вистинските вредности низ дружење, размена на информации, меѓусебно запознавање, што секако ќе ги намалат недоразбирањата кои доведуваат до отуѓување и на крајот до конфликт. За да нема детски солзи на светот, за да можат новите генерации на оваа планета да го подарат најдоброто од својот ум и да гарантираат иднина на своите наследници, неопходно е младите да се одвлечат од улиците, од загадувачите на природата и луѓето. Детската амбасада дава најдобар можен одговор на предизвиците на времето, впуштајќи се во борба за секој млад живот. На денот на промоцијата на детската улица во Скопје, на посетителите им се делеа слатки. На јарболот висеше знамето, а на кошаркарското игралиште се

натпреваруваа најдобрите млади кошаркари од двете скопски населби. Сето ова го разубавуваше ликовниот хепенинг.

Цел еден свет со деца и за деца, но не верувам дека и возрасните би се противеле да живеат во него.

**Рајка Стефановска,** новинарка


ЗАПОМАЛКУ
СОЛЗИ

Рајка Стефановска

WE ARE THE FUTURE

9

# „МАЈКО, КАДЕ СИ“

Билтен на Детската амбасада Меѓаши, „Ние сме иднината“ бр 1, 1993 година

Од овој период спомените се проектираат во бесконечна низа. Тоа беше време на солзи, маки, прегратки, очај, време на изгубени деца... Во буквална смисла на зборот – изгубени деца. Ќе се потсетиме на едно такво дете преку текстот на сараевскиот новинар Јово Димитриевиќ.

Октомври 92. Дождливо време. Во собата 315 од некогашната Це-Ка на Македонија сместена е Детската амбасада МЕЃАШИ во Република Македонија. Вообичаена атмосфера. Телефоните ѕвонат. Во малиот простор сместени се десетина луѓе – Драги и Гордана Змијанац, режисерот Коле Ангеловски, актерот Миралем Зупчевиќ, десетици волонтери. Луѓе со многу трпение. Секој што дошол, мора да биде сослушан. На многумина ќе им се помогне, посебно на децата. На вратата се појави едно момче со бистар поглед, но тажно и преплашено. Прашува: „Ова ли е амбасадата за нас децата?“ Гордана (Змијанац) му одговара потврдно, а момчето ја почна својата приказна: „Ја барам мајка ми. Од Горажде сум. Татко ми остана во Босна, а јас со мајка ми и брат ми дојдовме овде. Пред два месеца во возот кај Куманово ја изгубив мајка ми. Слушнав дека е некаде во Скопје, а можеби и не е... Се викам Демир и ве молам, помогнете ми...“ Му понудија сок. Не сака. Не сака ни сендвич. Си ја сака мајка си. „Саима, Саима се вика мајка ми“, кажува низ солзи... Луѓето од Амбасадата почнуваат да вртат по телефоните. Гордана на едниот, Миралем на другиот. Се јавуваат по центрите за бегалци. Го бараат кампот на Водно. Им кажуваат дека таму има една Саима... „Ве молам најдете ја, а ние ќе чекаме“, порачува Гордана.

Чекаме. Сите бараат, сите апелираат, но Саима никаде ја нема. „Да не се преселила на друго место“, си велиме. Овде ни беше последната шанса. Демир почнува да плаче. И таман кога веќе сакавме да ја прекинеме линијата, некој од другата страна на телефонот викна: „Чекајте, еве ја.“ Демир ја зеде слушалката и по десетина секунди слушнавме крик, „-мајко, мајко...“

По неполн час во Детската амбасада Демир и мајка му се гушкаа.

**Јово Димитријевиќ** - новинар од Сараево

# СОНИШТАТА НА САЊА

Билтен на Детската амбасада Меѓаши, „Ние сме иднината“ бр 3, 1995 година

Војната е најголемо зло, но сепак кога е далеку од нас само е констатација. Што направи војната во животот на четиринаесетгодишното девојче од Сараево, Сања Калајџиска?

Во нејзиното семејство, таткото Славчо, мајаката Алмира и братчето Сањин, се оствари клетвата- да имаш, па да немаш. Детската соба, своите играчки, книгите, училиштето, другарите, роднините на мајка и, својата улица и омилената клупа во паркот, Сања ги остави во разурнатото Сараево и ги замени со малата собичка во кампот за бегалци „Чичино село“ во Скопје.

Покрај неколкуте фотографии кои потсетуваат на среќните времиња, Сања од таму ги понесе и своите соништа. Соништата за балетот, за поубавата утрешнина и сите убави човечки особини што ги има во себе. И покрај сè што и се случи, Сања сепак верува во луѓето, вели дека не знае да мрази, а пријателството за неа е нешто најскапоцено.

Ова исклучително надарено девојче своите мисли ги забележува во своите песни и раскази во кои стојат трагите на преживеаното, но и нејзиниот оптимизам и надежта. Сања е одлична ученичка, посебна склоност има кон странските јазици, одлично го познава англискиот јазик.

Иницијативноста што ја поседува е зачудувачка за нејзината возраст, таа со отворено срце му пишува на канадскиот амбасадор, Црвениот крст на Холандија и на други хуманитарни организации. На своите кревки плеќи Сања ја презеде одговорноста за целото семејство.

За Првата детска амбасада во светот во Македонија вели дека е место каде заборава на проблемите и се чувствува како дел од едно големо семејство. На прашањето што е татковина, одговара дека тоа е простор што грее и зрачи. За неа татковина е Босна и Херцеговина, зошто таму е родена, Македонија зашто ја прими кога и беше најтешко, а се надева дека татковина ќе и биде и Канада, каде што ќе има можност да ги развива и изразува своите способности и ќе ги добие сите шанси што и припаѓаат...

**Автор Аида Николовска, МТВ**

# ПРИФАЌАЊЕ БЕГАЛЦИ

20 Јуни е Меѓународен ден на бегалците. Нивниот прв чекор кон правата на децата што ги оствари Првата детска амбасада во светот МЕЃАШИ - Република Македонија, беше прифаќање на бегалците, тие се пионери во оваа област, во цел свет. Доаѓањето на првите бегалци од Босна и Херцеговина го означи почетокот на активностите на Детската амбасада. Легендата вели: Гордана Пирковска Змијанац, која тогаш работела во Издавачката куќа „Детска радост“, гледајќи прилог на тогаш најпознатите југословенски вести „Јутел“ за формирањето на Детската амбасада МЕЃАШИ стапила во контакт со новинарот Горан Милиќ. Со „решителен обид кон непознато“ ја отпочнала целата акција, која набрзо прерасднала во нешто големо и значајно – спасување на илјадници детски и човечки животи. Без разлика на етничка, верска, социјална, просторна припадност. Но, војна како војна, секогаш е збунувачка, па затоа и првите реакции од некои луѓе не биле прифатени со задоволство. Пирковска Змијанац и ден денес со кнедла во грлото се сеќава дека од одредени личности кои на тоа гледале со предрасуди добила и коментар дека со тоа вршат „механички прилив на муслимани“.

Сепак, идејата да се спаси и помогне била посилна, како волонтери и тогаш сè уште на ниво на аматери, деноноќно помагале и биле внесени во прифатнички акции - бегалците доаѓале и по копнен и по воздушен пат. Тие заедно со десетици волонтер(к) и ги сместувале во прифатилишта и кампови околу Скопје, обезбедувале храна и средства за хигиена од разни донатори од земјата и од странство, лекарства, средства за образование на децата, помагале и ги решавале нивните проблеми. А, потоа ги испраќале на побезбедни дестинации, каде ќе се отворела шанса. Амбасадата МЕЃАШИ ја обезбеди и првата дестинација за 107 бегалци, кои од Македонија се преселија во Франција. По ова, многу бегалци (мајки, деца, стари и болни луѓе) по организиран пат беа префрлени од Македонија во Бугарија, Шпанија, САД, Турција, односно во држави кои можеа да им пружат подобри услови за живот.

***

МЕЃАШИ се вклучи во несебично давање помош и за време на војната во Македонија (2001

година). Нејзината мисија продолжи и за време на косовскиот и македонскиот конфликт. МЕЃАШИ беше активна и за време на косовскиот конфликт (1999-2000 година). Во партнерство со Каритас- Есен, во камповите Радуша, Стенковец 1 и 2, Непроштено, Радуша, Бојане и Чегране, волонтерите на Амбасадата секојдневно организираа спортски, ликовни, образовни и творечки активности за децата бегалци. Во акцијата влегоа над стотина волонтери кои во прифатилиштето на ПДАС МЕЃАШИ згрижија 16 раселени лица (од кои 8 беа деца) од кризните региони во Македонија. Во ова прифатилиште се родија Александар, Марија, Никола... Б.Ј. е една од мајките што се породи за време на престојот во МЕЃАШИ.

- „Ние живеевме во Арачиново, куќата ни е срушена, но она што ги заменува сите стравови и неубавини е раѓањето на нашето чедо после 8 години живот без рожба. Сега сме сместени во МЕЃАШИ, а ангелчево наше ни дава желба да истраеме", зборуваше тогаш мајката.

Секојдневно, раселените деца таму добиваа љубов, образование, забава и игра.

Еве како тогаш зборуваа и дечињата што беа дел од прифатилиштето на МЕЃАШИ.

С. (12 години): „Многу добро се сеќавам кога за првпат дојдов во Првата детска амбасада во светот МЕЃАШИ. На почетокот бев тажна и ми недостасуваше домот, не спиев навечер и се прашував себеси дали некогаш ќе се вратам дома. Тука времето бргу ни поминува и тагата полека одминува. Во Амбасадата има многу работилници како: литература, драма, уметност, англиски јазик, француски јазик, математика и компјутери. Јас се дружам со сите деца, но најголем дел од времето поминувам на компјутер. Исто така, сакам и спорт, најмногу кошарка. Благодарение на Првата детска амбасада во светот јас навистина ги проширив своите знаења за многу корисни нешта. Иако МЕЃАШИ ми е втор дом, сепак сакам да се вратам назад во мојот дом..."

И. (12 години): „Беше многу тешко да се заборави минатото и моментите кога јас и моето семејство го напуштивме нашиот дом, бегајќи од виорот на војната. Тоа беше на почетокот, но сега е малку поинаку. Можеби немам доволно простор за живеење, но сепак, подобро отколку да се жи-




FIRST CHILDREN'S EMBASSY
WE ARE THE FUTURE

вее во страв. За сето ова, многу им должам на МЕЃАШИ како и на луѓето кои ги среќавам таму секојдневно и кои ми помогнаа многу...“

Луѓето кои тогаш беа прифатени од Првата детска амбасада во светот МЕЃАШИ во 2006 година се вратија во своите домови, поточно си изградија нови живеалишта, по петгодишен престој во Амбасадата МЕЃАШИ. Тие никогаш нема да ја заборават подадената рака во мигот кога најмногу им требаше.

(Тоа го забележа новинарот Горан Величковски, во публикацијата „Позитивни примери од граѓанското општество“, 2009 https://www.slideshare.net/MEGJASHI1/ss-27439267)

****

Во прифатилиштето на МЕЃАШИ до септември 2006 година беа згрижени 4 семејства или вкупно 16 внатрешно раселени лица од село Арачиново од конфликтот во 2001.



# ЖИВ УЧЕБНИК!

Работата на МЕЃАШИ слободно може да се смета како жив учебник по право на децата. Нивните заложби се првенствено ниедно дете да не трпи насилство, болка, страдање и неправди. Но, правата на децата најчесто се само на хартија. Оттука е потребна постојана борба и акција, каква што тие водат сиве изминати 30 години.

За само една година се проценува дека преку милијарда деца на возраст од 2 до 17 години биле жртви на различен тип насилство (или биле занемарени).

Преживувањето на насилство во детството влијае на здравјето и благосостојбата во текот на понатамошниот живот.

Насилството врз децата може да се спречи. Превенцијата е битна. Спречување и сузбивање на насилство бара напори на системско решавање на сите четири меѓусебно поврзани нивоа на ризик (поединец, однос, заедница и на општество). Токму во едно општество во транзиција, каде се случуваа низа негативни процеси како нуспојави на трансформација на општеството, а децата беа многу на удар, МЕЃАШИ одигра голема улога.



# **СОС-ЛИНИЈАТА** - НАДЕЖ ЗА МНОГУ ДЕЦА

Децата претставуваат ранлива група во секое општество на кои треба да се внимава како на цвет покрај пат

Добро е да се знае дека на СОС-телефоните секогаш ќе се јави некој со кој може да се поразговара. Разговорите ги остваруваат психолози, педагози и други стручни лица, како и волонтери од најразлични професии (психолози, социјални работници, педагози и семејни советници).

СОС-телефонот за деца и млади, всушност, е најголемата гордост и достигнување во работата на МЕЃАШИ, функционира од октомври 1993 година и на него за 29 години се регистрирани повеќе од 20 000 повици.

Детскиот СОС-телефон претставува служба за директна помош и поддршка на децата, младите и нивните семејства. Принципот на работа се состои во телефонски разговор за проблемот, при што операторите не нудат готови решенија за проблемот, туку се разговара за можни алтернативи за решавање за проблемот за кој се јавиле. Децата се јавуваат на СОС-бројот затоа што: тие се инволвирани во семејните проблеми и зависни од постапките на возрасните, најчесто заради проблеми при бракоразводни постапки, проблеми со физичко семејно насилство, насилство во воспитно образовни институции, сексуална злоупотреба, правни совети и информации, проблеми во меѓусебна комуникација, стручни совети и консултации за психичката сотојба на децата и млади, проституција, питачење, малолетничка деликвенција, проблеми со зависности, здравствени проблеми, љубовна врска малолетник со возрасен, информации за бременост, проблеми со докажување на татковство и проблеми со посвојување, деца жртви на насилсво од возрасни, насилство на улица меѓу врсници, институционална злоупотреба, злоупотреба од страна на медиум, финансиски проблем, здравствени, проблеми со старателство и гледање на своите деца.

Функцијата на СОС-телефоните е од огромно значење и важност, бидејќи тие претставуваат значаен механизам на поврзување со децата што овозможува гласот на секое момче и девојче да биде слушнат. МЕЃАШИ, при интервенцијата на овие случаи, соработува со Народниот правобранител, а за одредени случаи кога е потребно ја насочува својата интервенција кон полицијата, судовите, Центрите за социјална работа, учи-

лиштата и други релевантни институции.

Паралелно со СОС-службата неколку години функционираше и бесплатната правна служба, која писмено се обраќаше до надлежните институции и од кои бара подетално да го разгледаат случајот и доколку има прекршување на детските права, бара да се реагира според нивните надлежности и во најдобар интерес на децата.

На СОС-телефонот на МЕЃАШИ најмногу се јавувале Македонци, Роми, Албанци и други и јавувањата се најмногу од градските средини. Македонски телекомуникации од 2005 до 2010 година овозможуваа бесплатна линија за сите до СОС-телефонот за деца и млади. Низ годините често се апелираше до претставниците на Владата, локалната самоуправа, телекомуникациските служби и социјално одговорните бизнис партнери финансиски да ги поддржат СОС-линиите кои им помагаат на децата. СОС-телефоните во повеќето европски држави се третираат како јавен интерес и се сметаат како потреба на граѓаните и државите ја преземаат обврската за нивната финансиска одржливост.



Меѓаши информираше дека за таа цел побарале од Агенцијата за електронска комуникација бројот 0800 1 2222 да се хармонизира со европскиот СОС-телефон за помош и поддршка на деца и млади 116 - 111.

Амбасадата своевремено се обиде да обезбеди финансиска одржливост со поттикнување на бизнис-секторот за поголема социјална одговорност, со продажба на новогодишни честитки и со донација на граѓаните во касичките поставени на повеќе локации во Републиката. Сепак, овие средства не беа доволни.

А, Комитетот за правата на детето при Обединетите нации, испратил препорака до Владата на Република Македонија за хармонизација на бројот со другите европски линии. И покрај тоа, СОС-телефонот не беше финансиски поддржан од државата, владата беше глува.

Тешко одеше со обезбедување на средства за одржливост на линијата, но борбата на МЕЃАШИ не прекина.



# СОС-телефонот предупредува - насилството врз децата е двојно зголемено

Бројот на телефонските повици мотивирани од разни форми на насилство е двојно зголемен, се вели во полугодишниот извештај за работата на СОС телефонот на Првата детска амбасада на светот-Меѓаши.

Евидентирани се 22 пријави од страна на родители и наставници за насилства врз децата, груби кршења на нивните права и злоупотреба. Децата биле психо-физички и сексуално злоупотребувани.

Најчест мотив за јавување на СОС-телефонот се љубовните и личните проблеми. Не помали се и проблемите во семејствата каде што постојат нарушени брачни односи, алкохолизам, наркоманија...

Младите, мотивирани од желбата да си помогнат, отворено зборуваат за своите проблеми.

- Зачудува фактот што адолесцентите повеќе сакаат да зборуваат за своите проблеми со непознат по телефон, отколку со сопствените родители, вели Вера Глаткова, психолог и волонтер на СОС-телефонот.

- Недостатокот на комуникација ги ограничува односите меѓу децата и родителите. Воспитно-образовниот процес е сведен само на образовна релација со што длабоко се дехуманизираат и семејството и училиштето, се вели во извештајот на Детската амбасада.

Развивањето на демократското општетство кон кое се стремиме не е можно без едукација на децата за човековите права уште од најмали нозе. Повеќе од потребно е да се воспостави граѓанско образование низ кое ќе се поттикнува критичко мислење кај децата засновано на вредностите: хуманизмот, културата, религијата, екологијата, странски јазици.

-Децата можат да бидат нашите најдобри учители. Тие знаат како да растат, како да се развиваат, учат, чувствуваат. Она што е потребно е простор за сето тоа. Децата со право се жалат дека возрасните не ги разбираат, ги игнорираат, не ги почитуваат, вели Глаткова.

Детската амбасада апелира да им посветиме повеќе внимание на децата и сите заедно да се потрудиме да им овозможиме здрав и среќен живот, повеќе внимание и љубов.

(Љ.Б.)



*Децата со право се жалат дека возрасните не ги разбираат, ги игнорираат,не ги почитуваат*

# Советувалиште и СОС телефон за деца и млади




СОС телефонот за деца и млади кој функционира веќе 12 години во состав на Првата детска амбасада во светот „Меѓаши" во иднина благодарение на поддршката на „Македонски телекомуникации" ќе биде бесплатен. Новиот број кој веќе е во функција и на кој младите ќе можат да побараат помош и совет е 0800 1 2222, а ќе биде достапен секој работен ден од 8.30 часот до 20.30 часот.

Првата детска амбасада во светот, вчера истовремено промовираше и бесплатно СОС советувалиште каде децата и младите преку директен контакт со стручни лица, ќе можат да зборуваат за своите проблеми. Ова советувалиште ќе работи секој ден од 16 до 20 часот, во просториите на оваа невладина организација во населбата Аеродром.

-Главната причина за реализација на проектот е во зголемениот степен на н... силство врз децата во си... сфери на живеењето, ... оттаму и заедничкиот ст... со „Македонски телеком... никации" е дека треба да ... преземат соодветни акци... за негово намалување. Откога постои телефоно... регистрирани се околу ... илјади повици, а голем ... бројот на лица кои побар... ле директна помош. Ка... одговорни луѓе има... обврска да интервенира... во оваа насока и истовре... но преку спотот во еле... тронските медиуми и бр... шурата да се подигне ни... то на информираност ... граѓаните со што ќе делу... ме и превентивно, велат ... „Меѓаши", каде во моме... тот се ангажирани 22 воло... тери, стручни лица кои ... ботат на ова проблематик...

Според Славе Млад... новски, менаџер за над... решна комуникација ... „Телеком" со овој проє... се продолжува општесте... но одговорна мисија на о... претпријатие. (Д.Т...

## БРОЈ НА ПОВИЦИ И РАЗГОВОРИ СПОРЕД ПОЛ И ВОЗРАСТ

(од 1 јуни до 15 ноември 1997 год.)

| Месец | Број на јавувања | Број на разговори | Пол М | Ж | до 12 год. возраст | од 13-18 год. | над 18 год. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| јуни 97 | 115 | 76 | 8 | 58 | 4 | 45 | 27 |
| јули 97 | 51 | 26 | 5 | 20 | | 19 | 7 |
| август 97 | 47 | 27 | 3 | 24 | 1 | 15 | 11 |
| септември 97 | 100 | 60 | 6 | 54 | 1 | 33 | 25 |
| октомври 97 | 78 | 50 | 12 | 41 | 3 | 29 | 18 |
| ноември 97 | 25 | 13 | 2 | 11 | | 8 | 5 |
| ВКУПНО | 417 | 251 | 34 | 217 | 9 | 151 | 91 |

Извештај од работата на С.О.С. телефонот за деца и млади при Првата детска амбасада во светот „Меѓаши" во период од јуни 97 до ноември 97

## МОТИВИ ЗА ЈАВУВАЊЕ

(ИЗРАЗЕНИ ВО ПРОЦЕНТИ)

| ВИД НА МОТИВ | 1994-1995 | 1995-1996 | 1996-1997 |
|---|---|---|---|
| МЕЃУПОЛОВИ ОДНОСИ | 54,7% | 46,1% | 40% |
| ЛИЧНИ ПРОБЛЕМИ | 14% | 16% | 17% |
| СЕМЕЈНИ ПРОБЛЕМИ | 8,7% | 10,2% | 13% |
| НАСИЛСТВО | 3,5% | 6,8% | 2,8% или 5,6% за една година |
| КОМБИНИРАНИ ПРОБЛЕМИ | 6% | 6,9% | 10,5% |
| УЧИЛИШНИ ОДНОСИ | 4,9% | 4,5% | 3,7% |
| ЗАВИСНОСТ | | | 1,2% |
| ЗДРАВСТВЕНИ ОДНОСИ | | | 2,6% |
| ДРУГАРУВАЊЕ | | | 5% |
| ДРУГО | 8,2% | 7,8% | 5% |

Од табелата може да се види дека доминираат јавувањата за проблеми во меѓуполовите односи со 40%. Забележлив е постојан пораст на јавувања за лични, семејни и комбинирани проблеми

ПУЛС, 12 март 1998



# 17 MAJ
# МЕЃУНАРОДЕН ДЕН НА СОС-ЛИНИИТЕ ЗА ПОМОШ И ПОДДРШКА НА ДЕЦАТА ВО СВЕТОТ

Детската амбасада МЕЃАШИ од 2004 е член на CHI (Child Helpline International ) Светска мрежа на СОС-телефони за деца и млади. За одбележување е и моментот на запознавањето меѓу претставниците на СОС-телефоните за деца од Балканот, како и договорот во 2009 да започнат активности со кои би се зголемил квалитетот на услугите и опфатот на децата во регионот.

Родители на деца со посебни потреби се обраќаат на СОС-телефонот да го изразат незадоволството и да побараат помош и поддршка затоа што сметаат дека овие деца се обесправени во општеството.

Во некои случаи граѓаните се обраќале за помош и со директни посети во СОС-службата на Детската амбасада и преку електронска пошта. Најголемиот дел од јавувачите биле од женски пол, иако не постои голема разлика во однос на бројот на повици остварени од јавувачите од машки пол.

***

Има многу случаи поддржани преку СОС-линиите, запишани и останати како доверливи разговори во дневникот на јавувањата.

***

Загрижени граѓани честопати се јавуваат во МЕЃАШИ и пријавуваат случаи во кои деца работат тешки физички работи.

Граѓаните, исто така, се јавувале за да ги информираат за разрешницата на некој случај за кој заедно постапувале, но најголема мотивација за СОС-операторите е кога некој ќе им се јави за да се заблагодари за поддршката и помошта која ја добил од СОС-службата и да каже дека многу му значело тоа и дека му помогнале.

***

- „Благодарна сум што ми се даде прилика да волонтирам на СОС-бесплатниот телефон за деца и млади. Уште од самиот почеток со доверба ми беа доверени одговорни работи за да ги завршам, тоа е многу поттикнувачки момент за млад, неискусен, штотуку дипломиран педагог како мене, кој има амбиција и ентузијазам да нау-

чи. Ми се допаѓа тоа што постои голема флексибилност меѓу вработените во Детската амбасада МЕЃАШИ, луѓето со кои работам на СОС-телефонот се многу позитивни, достапни за сите нејасностии со кои јас се соочувам, вистински топли говорници за сите оние кои се јавуваат на овие телефони. Се чувствува дека оваа работа ја работат со љубов и со мерак“, е изјава на Ивана Иванова, волонтерка.

***

Со само еден телефонски повик на СОС-линијата децата сиве изминати три децении можеа да добијат помош и информации, стручен совет, психосоцијална поддршка или едноставно да разговараат за проблемите со кои се соочуваат.

1. Децата се незаштитени и постојано изложени на насилство и злоупотреба, претежно од страна на возрасни лица.


СПЕКТАР

# Во ВИТЕЛОТ на ЖИВОТОТ

2. Најголемиот број на пријави се однесуваат на проблеми во семејството каде се нарушени семејните односи и релации.

3. Децата молчат и трпат насилство. Тие ретко го пријавуваат насилството бидејќи се плашат. Оние кои се јавуваат, се возрасни лица блиски на семејството, сведоци на агресијата на која се изложени децата.


телефон за деца и млади
02 246 6588


СТОП!
На насилството врз децата
15 години за децата
МЕГАШИ
1992-2007
Прва детска амбасада во светот
СОС ТЕЛЕФОН ЗА ДЕЦА И МЛАДИ
0800 12222
(Бесплатна линија)

МЕЃАШИ како организација која се грижи за заштита на децата и нивните права потсетува на значењето да се признае болката која децата ја претрпуваат насекаде низ светот како резултат на физичко, ментално и емоционално злоставување.

Од Детската амбасада секоја година потсетуваат но не само на збор, тие не седеа со скрстени раце - постојано вршеа мониторинг на работата на државните институции во процесот на заштита на децата и имплементација на Конвенцијата за правата на детето и имаа констатирано неефикасност на државните институции.

Еве што порачуваа:

- Неопходно е државата да преземе синхронизирано дејствување на сите релевантни институции, преземање на обврските и одговорностите предвидени со Уставот и Конвенцијата. За таа цел потребна е подобра соработка меѓу граѓанските организации и институциите на државата задолжени за спроведување на грижата и заштитата на сите деца во Македонија!

***

Но, во принцип, што и да им се случува, генерален заклучок со години е дека децата жртви, немаат храброст да пријават насилство и да ги пријават своите родители, бидејќи се доведува во прашање нивната иднина и се чувствуваат немоќно.

- Молчат, трпат, и не кажуваат кој ги тепа. За да се ослободени децата, потребно е тие да се чувствуват заштитено, разбрано и прифатено!, посочуваше Драги Змијанац.




# МАКЕДОНИЈА ДЕНЕС

ВЕСНИК ЗА ЛУЃЕ СО СТАВ

Број 2058 година VIII · понеделник 21 ноември 2005 · излегува секој ден освен во недела

цена 10 денари


ЦРВЕНА ТРЕВОГА ЗА ЗЛОУПОТРЕБА НА ДЕЦАТА ВО МАКЕДОНИЈА

# ДЕТСТВО ВО СЕНКА НА НАСИЛСТВО

*Бројот на повици на СОС-телефонот во однос на изминатите 2-3 години е четирипати зголемен, а предничат проблемите поврзани со насилството и друг вид злоупотреба што претставува реален одраз на моменталната состојба во која се наоѓаат децата и младите во Македонија*

Само последните пет месеци на СОС-телефонот на Првата детска амбасада во светот „Меѓаши" побарале помош 610 деца. За цела измината година претходно беа регистрирани 414 случаи. Бројот на повици во однос на изминатите 2-3 години е повеќекратно зголемен, а предничат проблемите поврзани со насилството, што претставува реален одраз на моменталната состојба во која се наоѓаат младите во Македонија

ЦРВЕНА ТРЕВОГА ЗА ЗЛОУПОТРЕБА НА ДЕЦАТА ВО МАКЕДОНИЈА

# Детство во сенка на насилство

Само последните пет месеци на СОС - телефонот на Првата детска амбасада во светот „Меѓашии" побарале помош 610 деца. За цела изминатата година претходно биле регистрирани 414 случаи. Бројот на повици во однос на изминатите 2-3 години е повеќекратно зголемен, а предничат проблемите поврзани со насилството, и друг вид злоставување што претставува реален одраз на моменталната состојба во која се наоѓаат младите во Македонија.

Податоците ја вклучуваат црвената тревога за злоупотреба на децата во Македонија. Алармантноста на состојбата ја потврдува и статистиката која говори дека меѓу оние коишто се јавуваат за помош се малолетници и млади луѓе од 18 до 25 години. Доминираат јавувачите од женскиот пол.

Генерално, во најголемиот број случаи мотив за јавувањето се семејните проблеми (23 %), потоа проблемите врзани со насилство (16%), а не се исклучок ни љубовните, здравствените, училишните, половите, проблемите врзани со зависности и други. Податоците по одредени возрасни групи, говорат дека голем мотив за јавување на СОС-телефонот се и меѓуполовите односи на младите, кои штотуку влегле во оваа сфера на животот, збунети и без искуство, како и без соодветен пријателски соговорник, се обраќаат за да ги поделат своите љубовни проблеми, како симпатија, вљубеност, интимни односи, несакана бременост и заштита, разочарувања, неверства, напуштеност и слично.



СОС-телефонот за деца и млади, оваа година наврашува 15 години од своето постоење и таа е отворена за сите возрасни групи, за сите соговорници. Податоците за доминацијата за јавувачите се во склад со постоечките сознанија на психологијата на адолесцентите - дека младите луѓе во потрага по својот идентитет, љубопитно се отвараат за разни форми и модели на комуникација од кои очекуваат информации, инструкции, умеења и најмногу од се, поддршка во обликувањето на својата личност. Доминацијата на женските соговорници се објаснува со социјалната фацилитација кон женскиот пол кога е во прашање отварање на својата интима и барање помош од други. СОС-телефонот на "Меѓашии" за деца и млади - 0 800 12222, за различни видови насилство, претставува база на податоци, индикатор за состојбата на децата во Македонија. Податоците кои ги изнесува говорат дека ситуацијата во земјава, кога станува збор за злоупотреба на децата - е се поалармантна.

*Бројот на повици на СОС-телефонот во однос на изминатите 2-3 години е повеќекратно зголемен, а предничат проблемите поврзани со насилството, што претставува реален одраз на моменталната состојба во која се наоѓаат децата и младите во Македонија*

Затоа, неопходно е да се здружат силите за почитување на детската личност и права, преку застапување на детските интереси, збогатување со содржини кои детството го прават сигурно и творечко. Неоспорно е дека грижата за децата треба да биде перманентна, затоа што децата тоа го заслужуваат.

Како обид за заштита од насилство, присилна работа или друг вид злоупотреба на децата, низ целиот свет и оваа година беше одбележан светскиот ден на детето.

Светскиот ден за превенција на децата од злоупотреби е само симболичен ден кој треба да ја алармира и мобилизира јавноста, како и повеќето организации да се посветат на давањето поддршка на децата - жртви на какво било насилство.

Анета РИСТЕСКА

# СИРОМАШТИЈА

Првата детска амбасада во светот МЕЃАШИ постојано потсетува дека кога се зборува за сиромаштијата и социјалната исклученост, неизбежно е да се споменат и децата. Конвенцијата за правата на децата е ратификувана во многу земји, но сепак голем број деца живеат во сиромаштија.

Во Европската Унија во 2007 година податоците велат дека од 72 милиони луѓе кои живеат во сиромаштија, поголем дел се деца. Во ЕУ семејствата со деца под 16 години е поверојатно да се најдат во ризик од сиромаштија за разлика од останата популација.

Состојбата во Македонија не била подобра. 8 % од децата не се имунизирани, а дури 2 % не се пријавени во матичната книга на родените. 18 000 деца се надвор од образовниот процес, а токму тие деца се на ризик да станат деца на улица. Има околу 2 000 деца на улица, од кои над 1 000 се во Скопје.

Во 2008 година, УНИЦЕФ проценува дека во Македонија имало околу 28 000 деца под ризик на кои им е обезбедена различна социјална заштита во земјата, деца-жртви на насилство, негрижа и злоупотреба, децата лишени од родителска грижа и децата од сиромашни семејства што се корисници на социјална заштита. И околу 1 000 „деца на улица“, од кои 95 отсто се Роми.

Сепак проблемот со детската сиромаштија не може да се реши веднаш. Тоа треба да се постави како приоритетна цел и сите страни треба активно да се вклучат во нејзиното искоренување.

„Државата мора да најде решение, децата не смее да се оставени на немилост и под ведро небо, центрите за социјална работа треба да се на терен, да ги евидентираат овие семејства. За да им обезбедат социјална поддршка, треба да ги евидентираат во извод на матична книга на родените и ги кочат во образованието и барем на еден од родителите од тие семејства да им обезбедат вработување“, бараше преку медиумите Драги Змијанац.

***

Како глобален проблем може да се истакне невклученоста на децата Роми во образовниот процес (посебно во предучилишното образов-

ние), недоволен број на згрижувачки семејства, насилството во училиштата и како тоа да се надмине, центри за рехабилитација и згрижување на малолетни деца – зависници од опојни дроги и заштита на децата од секаков вид злоупотреба.



4 Весник **Дневник** СРЕДА 3 МАЈ 20..

НВО „Меѓаши" тврди дека институциите немаат стратегија за вклучување во образованието

# Осумнаесет илјади деца, наместо во училиште, питачат или чуваат добиток

СНЕЖАНА КАЛАБАКОВА-ЖАКЛИНА ЃОРЃЕВИЌ

Нивните родители сметаат дека е подобро децата да ги вршат полските работи, отколку да одат на училиште

За заменик-министерот за образование, Тале Герматичиоски, акцијата на „Меѓаши" е предизборна активност



ПОПИС

## Во Македонија има 3,6 отсто неписмени лица

МАКЕДОНИЈА ДЕНЕС • ПЕТОК 13 ЈУНИ 2003

СВЕТСКИ ДЕН ПРОТИВ ЗЛОУПОТРЕБАТА НА ДЕТСКИОТ ТРУД

## Дете во училиште е дете помалку на улица

*Од Првата детска амбасада „Меѓаши" потсетуваат дека состојбата со детскиот труд во Македонија е неодржлива. Според нив, Министерството за труд и социјална политика и Министерството за образование и наука треба да подготват национална програма за акција за ефективно елиминирање на најлошите видови на искористување на детскиот труд*



Детскиот труд кај нас и во светот се злоупотребува, а децата се беспомошни и не можат да се спротивстават. Тие се загрозени во најчувствителниот период од својот живот. Акцент на оваа проблематика беше ставен в петок, со што беше одбележан 12 јуни, Светскиот ден против злоупотребата на детскиот труд.

На овој ден во многу држави се организираат јавни предавања на теми од областа на злоупотребата на детскиот труд, дебати на слични теми, средби со инспиративни личности од областа на образованието, како и средби со деца активни во борбата за искоренување на најлошите форми на злоупотреба на детскиот труд, каде што тие го имаат главниот збор.

„Секое дете во училиште е дете помалку на улица", беше мотото на акцијата „Образование за сите", реализирана од Првата детска амбасада „Меѓаши", на почетокот на април годинава во Скопје. Напротив, мислиме дека се сè уште на улица. Најголем дел од нив се декорирани. Статистичките податоци говорат дека во нашата земја има 87.749 неписмени лица од кои 67.254 се од женски пол, а 1.079 од нив се девојчиња на возраст 15-19 години. А. неписменоста директно е поврзана со злоупотребата на детскиот труд. Дете кое не знае да чита и да пишува нема да знае кои се неговите права и не може да се одбрани кога ќе биде загрозено. Образованието е човеково право и според Универзалната декларација за човекови права донесена пред 55 години и според Конвенцијата за правата на детето. Фактот дека илјадници се лишени од ова право треба да нè засрами и да нè загрижи.

На 12 јуни 1999 година Меѓународната организација на трудот ги донесе „Конвенцијата 182" и „Препораката 190" за најлошите форми на искористување на детскиот труд. Тие досега се ратификувани од 137 земји во светот, меѓу кои во 2002 година и од Македонија. Членот 6 од Конвенцијата предвидува секоја земја потписничка да преземе обврска да подготви програми за итно дејствување за приоритетно елиминирање на најлошите видови детски труд. За жал, Македонија како земја потписничка сè уште нема изготвено таква програма за акција.

Од Првата детска амбасада „Меѓаши" потсетуваат дека состојбата со детскиот труд во Македонија е неодржлива. Според нив, Министерството за труд и социјална политика и Министерството за образование и наука треба да подготват национална програма за акција за ефективно елиминирање на најлошите видови на искористување на детскиот труд, а во процесот на креирање на оваа програма треба да ги вклучат и невладините организации.

А. П.

---

МАКЕДОНИЈА

ДНЕВНИК, ЧЕТВРТОК, 20 НОЕМВРИ 2003

СО АЛАРМАНТНИ ПОДАТОЦИ СЕ ОДБЕЛЕЖУВА СВЕТСКИОТ ДЕН НА ДЕЦАТА

## Голем страв во малите детски коски

**Во Македонија секоја година повеќе 1.000 деца стануваат жртви на полови напади, жртвите најчесто се на возраст меѓу 11 и 18 години, а најмногу од извршителите на овие кривични дела се родители, пријатели или соседи**



ИНФО

### На улица 2.000 деца

НАСИЛСТВОТО ЗА СПАСУВАЊЕ ДЕЦАТА

ПОЛОВИ НАПАДИ ОД НАЈБЛИСКИТЕ

### Тато нè тепа ако одиме кај мама

# БЕЗ ДОКУМЕНТИ

Според Конвенцијата за правата на детето, секое дете има право на здравствена заштита. Принципот на недискриминација е основен за остварување на сите права, без оглед на какви било разлики меѓу децата.

Првата детска амбасада во светот МЕЃАШИ, жилаво се бори да се отстрани оваа голема неправда со која живеат многу деца, најмногу Роми, зашто жално и недозволиво е во 21 век сè уште да има деца без никаква документација за нивното постоење овде и сега... Децата без документи како да не постојат, скратени им се сите права, здравстена заштита, образование, топол дом, затоа тие се најчесто на улиците.

Овие луѓе не можат да извадат лични карти бидејќи немаат постојана адреса на живеење, а над сè затоа што институциите не се координирани меѓу себе - оние коишто ги издаваат овие документи и другите одговорни институции, како и Министерството за труд и социјална политика.

Во 2020 година беше донесен Законот за лицата без регулиран граѓански статус со кој е предвидено овие лица да се запишат во посебна матична книга на родени, со што ќе им се овозможи пристап до образование, здравствена и социјална заштита. Сепак, со евидентирањето во посебната матична книга, децата не се стекнуваат со државјанство, за што е неопходен упис во редовната матична книга на родените. Подзаконските акти неопходни за спроведувањето на Законот не беа донесени во законски определениот рок, ниту плановите за пристап до услугите кои произлегуваат од Законот.

Според членот 15 од Универзалната декларација за човекови права од 1948 година, секој има право на државјанство и на ниту едно лице не смее произволно да му се одземе државјанството.

На СОС-телефонот за деца и млади најчесто се обраќале за проблеми со кои се соочуваат при добивање социјална и здравствена заштита – неможност да добијат матичен лекар за своите деца, неможност да добијат социјална заштита според Законот за детска заштита и слично.

Амбасадата веќе 30 години дава поддршка на овие лица преку дневниот центар но и во вид на облека, обувки, храна, материјали за децата како тетратки, боички и слично, но исто така и ги упатува и до соодветни организации што имаат фондови и се специфично насочени кон решавање на овој проблем.

## Kronikë

*Nuk janë të rralla rastet kur turistë apo qytetarë të vendit kanë denoncuar në Polici se kanë qenë të plaçkitur tinëzisht nga fëmijët, të cilët duke bërë lypsarin në rrugë, fusin dorën në xhepin e tyre. MPB apelon për kujdes gjatë ecjes nëpër qytet, ndërsa sektori civil kërkon zgjidhjen e çështjes së mbi dymijë fëmijëve të pastrehë, të cilët për të mbijetuar detyrohen të vjedhin, të bëjnë prostitucionin dhe çka jo tjetër*

Mensur KRASNIQI

TURISTËT DHE QYTETARËT NË SHËNJESTËR TË PLAÇKITËSVE-FËMIJË

# Po nuk u "mëshirove", të vjedhin nga xhepi



### MPB: Ka raste të vjedhjes profesionale

### Devijimet, pasojë e gjendje socio-ekonomike

ШТО СО ДЕЦАТА ОД УЛИЦА?

# Да се спречи детската експлоатација

*Децата што заработуваат буквално на улица раскажуваат тажни приказни. Државата овој проблем го маргинализирала и единствено невладините организации, како Првата детска амбасада "Меѓаши" се обидуваат да излезат на крај со него*



А. ПЕТРОВА

/ulica.doc/winword



Македонија 7

"МЕЃАШИ": СЕ ЗЛОУПОТРЕБУВА ДЕТСКИОТ ТРУД

# 2.000 деца се на улица

1.500 деца не се евидентирани во извод од матичната книга на родените, 18.500 деца не одат на училиште и околу 2.000 деца секојдневно живеат на улица, без родителска грижа, покажуваат неформалните податоци на Првата детска амбасада во светот "Меѓаши". Од таму тврдат дека и покрај тоа што Македонија пред 11 години ја ратификувала Конвенцијата против спречување на најлошите форми на злоупотреба на детскиот труд, состојбата со искористување на детскиот труд во земјава и натаму е алармантна. Најчесто жртви на оваа злоупотреба на детскиот труд се деца кои доаѓаат од сиромашни семејства, семејства со низок социјален статус и семејства кои живеат во ризик.

"Децата кои живеат во вакви околности и услови најчесто се принудени од нивните родители да питачат за да обезбедат некаква материјална егзистенција. Повеќе години наназад укажуваме дека државата има обврска овие деца да ги вклучи во училиштето, на тој начин и може да им се помогне да се описменат, да стекнат други навики и знаења и вештини кои ќе им помогнат да излезат од магичниот круг на повеќедецениска експлоатација и злоупотреба", велат од "Меѓаши".

Комитетот за правата на детето при ОН веќе ѝ укажал на Владата дека државата треба да ги истражи основните причини за да се спречи злоупотребата на детскиот труд, особено во неформалната економија. Се препорачува да се обезбеди бесплатно задолжително предучилишно образование, зголемување на јавната свест за борба против искористувањето на детскиот труд и рушење на бариерите за вклучување на женските деца во образовниот процес.

Од "Меѓаши" констатираат дека е потребно Владата, работодавците, граѓаните, како и граѓанските организации да се вклучат во борбата против детскиот труд. *(Р.Ф.)*

ВО ЗАГРЕБ

## Потпишан договор за партнерство меѓу МПМ ...

ShËNohet dita botërore e fëmijëve

# Shteti ua kthen kurrizin fëmijëve



УЛИЦИТЕ ПРЕПЛАВЕНИ СО НЕРЕГИСТРИРАНИ МАЛОЛЕТНИЦИ

# Фантомски деца питаат низ земјава

Праксата се објавува бројка за овие несреќници зато ... не се регистрирани ... па оттаму заклучок ... не е должна да се грижи за нив.



ДРЖАВАТА ВЕТУВА ДЕКА ЌЕ ПОМОГНЕ

# МЕЃАШИ: ВНИМАВАЈТЕ НА ДЕЦАТА!

Исчезнувањето на деца е последица од повеќе можни причини: родителска негрижа, потфрлување на институциите или организирана мрежа препродавачи на деца, но не смее да се оттргнат и сомнежите дека деца се киднапираат и за трговија со органи, за питачење, за детска порнографија, детска проституција, посочуваше Детската амбасада. Исчезнувањето на деца во земјава почна уште во раните 90-ти години на минатиот век, за кои сѐ уште не се знае дали се живи и здрави. А од 2000 до 2009 година за исчезнати биле пријавени 51 дете, најдени се 49, а од нив 4 биле починати. Малолетните деца се изнесувале од земјава преку нелегални премини и завршувале во Косово, Србија или Романија, а се шпекулираше дека цената се движела од 5 до 30 илјади евра. Од 1987 година во Македонија мистериозно се исчезнати десетици деца.

Во 2010 година исчезнаа три деца од Скопско и од Кумановско и иако полицијата за пронаоѓање побарала помош и од Интерпол, истрагата немала никаков конкретен ефект. МЕЃАШИ укажуваше дека децата од руралните средини и од сиромашни семејства, кои живеат во супстандардни услови се најчеста мета на криминалот со трговија на деца.

Но, се случувало и родители да пријават дека нивните деца се киднапирани или исчезнати, а всушност станувало збор за проблем во самото семејство, доколку е дисфункционално. Во оваа категорија спаѓаат и случаите кога тинејџерки „исчезнуваат“, а тие всушност го напуштиле домот бидејќи сакале да се сретнат со некого или да се омажат.

Центрите за социјална работа треба да се на терен, со засилен надзор и контрола на овие семејства. Не е доволно да им се даде само социјална помош, потребна е и психолошка помош, поддршка и едукација на родителите. Во одредени случаи, центрите за социјална работа можат и да употребат мерка привремено или трајно одземање на родителското право за да не се случи децата да бидат злоупотребени и киднапирани, беа дел од посочувањата на Детската амбасада.

***

- Навременото пријавување и брзата реакција од полицијата во првите 24 часа од киднапирањето или грабнувањето се најзначајни, упатуваа апели

и инструкции МЕЃАШИ до Министерството за внатрешни работи, со што беа согласни и стручњаците, кои велат дека покрај потерницата, полицијата треба да преземе и оперативни мерки за пронаоѓање на овие деца.

***

На 29.9.2011 година МЕЃАШИ и Центарот за исчезнати и експлоатирани деца во Југоисточна Европа (Southeastern Europe Centre for Missing and Exploited Children –SEEC) имаа работна средба на која се разговараше за можностите за воведување посебен 116 000 број за помош на исчезнати деца во Македонија, како и за можностите за формирање на Македонски национален центар за исчезнати и експлоатирани деца. Состанокот беше организиран на иницијатива на Грчката невладина организација „Насмевката на детето“ (Smile of the child).

Поради фактот дека воведувањето на 116 000 – Европскиот број за помош на исчезнати деца и формирањето на Националниот центар за исчезнати и експлоатирани деца може да се оствари само преку соработка со владините и невладините релевантни институции во земјава, на состанокот присуствуваа претставници од Министерството за труд и социјална политика, од Министерството за надворешни работи, од Агенцијата за електронски комуникации, од Народниот правобранител, од Националната комисија за правата на децата во Република Македонија, од Центарот за социјална работа, како и претставници од Македонската национална коалиција на граѓански организации за правата на детето (Отворена порта, Ла страда и Хопс) и претставник на мисијата на УНХЦР во Република Македонија.

И покрај сите напори за воведување на 116 000 како и европскиот број за деца 116 111 се‘ уште нема разбирање и поддрша од горенаведените инситуции!

***

Трговијата со луѓе е голема опасност која ги демне децата. Овие случаи поттикнаа сомнежи дека децата се грабнати и преку соседните држави префрлени во Европа за да бидат продадени. Про-

давање на деца и свесно непријавување на новороденчиња беше присутно, особено кај ромската популација.

На СОС-телефонот на МЕЃАШИ биле пријавени и неколку случаи кога родители сексуално ги експлоатирале своите ќерки и ги принудувале на давање сексуални услуги на возрасни лица. Дури 90 отсто од жртвите биле малолетници од 14 до 17-годишна возраст.








Дали денес
го гушнавте
вашето дете?
15 години за децата
Мегаши
1992-2007
Прва детска амбасада во светот
СОС ТЕЛЕФОН ЗА ДЕЦА И МЛАДИ
0800 12222
(Бесплатна линија)


Дали денес му кажавте
на вашето дете
колку го сакате?
СОС ТЕЛЕФОН ЗА ДЕЦА И МЛАДИ
0800 12222
(Бесплатна линија)
ПРВА ДЕТСКА
АМБАСАДА
ВО СВЕТОТ
РЕПУБЛИКА
МАКЕДОНИЈА

# СЕКСУАЛНА ЗЛОУПОТРЕБА!

Многу будно и со благовремени реакции Детската Амбасада ги следеше случаите на сексуална злоупотреба врз децата, кои најчесто биле жртви на познајници, роднини и луѓе блиски до фамилијата. Полициските билтени се преполни со случаи на насилници што ги намамиле децата во своите домови или искористувале кога биле сами дома за да ги нападнат. Понекогаш ја злоупотребувале и нивната психичка состојба, па со вербални закани, заплашување и физичка сила сексуално ги злоупотребувале.

***

Една од многубројните активности на МЕЃАШИ беше и Меѓународната супервизија – студија на случај, на тема Детето-сведок и сексуалната злоупотреба врз деца, со присуство на странски супервизор, организирана 2010 година. Овој настан имаше за цел обезбедување поефикасен систем на директна помош на оваа категорија деца во регионот, преку зголемување на свеста за проблемот, како и повисока експертиза на професионалците од таа област.

Во рамки на супервизијата, беше направена презентација на три случаи на сексуална злоупотреба врз деца пријавени на СОС-телефонот за деца и млади при МЕЃАШИ. Проектот се спроведуваше во рамките на Регионалната програма „Детство без насилство – кон подобар систем на детска заштита во Источна Европа“ и во истиот беа вклучени организации од седум земји.

***

Децата честопати се и во канџите на проституцијата, во синџирот на малолетничка проституција децата, девојчиња, но и момчиња, со пари, подароци, облека, мобилни телефони, прошетки по туристички места биле намамувани во кревет, а по некогаш и за канта сирење или за вреќа брашно. Станува збор за прикриени форми, кои тешко се откриваат, но испливуваат на површина кога некој ќе проговори за тоа. МЕЃАШИ за секој случај кој излегуваше на виделина децидно бараше надлежните институции да преземат мерки со цел да се спречи ширењето на ваквата девијантна појава и да се заштитат децата.

На СОС-телефонот во една година имало пријави за три случаи за малолетничка проституција, што е уште еден показател дека станува збор за прикриени форми, кои тешко се откриваат. Од она што како податоци го имаат во СОС-телефонот, најмалата жртва на сексуална злоупотреба во земјава има само три години, а најмалиот сторител што извршил сексуално насилство има само 12 години.

А, годишните анализи на МВР, пак покажуваат дека секој четврти ден се случува сексуална злоупотреба на малолетници во земјава. Само во една година биле пријавени 90 случаи, во кои биле сексуално злоупотребени 75 малолетници, за што се поднесени кривични пријави против 97 лица.

***

Центрите за социјални работи се бранат дека не можат да влезат во семејствата ако нема дојава, училиштата се фокусирани само на едукацијата на децата, полицијата реагира само по пријава, а родителите се презафатени со своите бизниси и немаат време за своите деца, а честопати станува збор и за лоша комуникација меѓу нив. „Тогаш кој ќе се грижи за децата?“, јавно прашуваше Змијанац. Тој како основач и претседател на МЕЃАШИ, во име на организацијата обвинуваше дека државните органи малку прават за превенцијата од оваа појава.

Превентивните активности треба да бидат насочени кон организирање јавни кампањи за отворање на прашањето за скриена проституција и трговија со луѓе меѓу младите во општата јавност и зголемување на свесноста за постоење на овие појави, иницирање на координативен мултисекторски пристап кон проблемот на скриена проституција и трговија со луѓе меѓу средношколската популација врз принцип на споделена одговорност со вклучување на сите релевантни актери (родители, образовни институции, релевантни министерства, локални невладини и меѓународни организации кои работат на проблемот и слично) како и обука и вклучување на медиумите како најмоќен инструмент за актуелизација на проблемот.

Центрите не се достапни по редовното работ-

но време, ниту за време на викенд или празнични денови и тогаш им е оневозможена помош на жртвите!

Змијанац апелира да се заштитат децата жртви на време. Исто така, не смее да се открива нивниот идентитет, зашто во еден случај токму во Штип, при судењето за дело „посредување во вршење проституција“ се самоуби девојчето жртва, кое беше повикано во улога на сведок во постапката.

***

Во Македонија, уште во 2010 се создаде дебата околу односот на родителите кон присуството на децата на интернет-мрежата за дружење „Фејсбук“. Децата ги демне опасност и дома. Интернетот не е сосема безбедна сфера за деца, внимавајте, постојано апелираа од МЕЃАШИ. Со напредокот на информатиката, цел свет им е на дланка и секојдневно прво на најраспространетата социјална мрежа „Фејсбук”, а потоа и на другите социјални мрежи се објавуваа фотографии и податоци на деца. Социјалните мрежи се идеални за врбување на потенцијаните жртви. Честа е појавата кога возрасни „врбувачи“ отвораат лажен профил, претставувајќи се како малолетници. Потоа започнуваат комуникација со „врсници“, сè до моментот кога жртвата прифаќа средба.

Господинот Змијанац, во 2010 г. преку интервју за Би-би-си упати порака до оние кои сметаат дека „Фејсбук“ профилот е приватен простор и не дозволуваат родителите да го гледаат:. -„Би им препорачал да ја посетат страницата ’Безбедно на интернет’ затоа што таму има конкретни и полезни упатства колку треба да се биде внимателен во однос на користење на современите комуникациски системи и колку децата, па и родителите, од неинформираност можат да бидат жртви на упад во приватноста.“

Дека „Фејсбук“ стана значаен феномен и во Македонија покажува податокот што Дирекцијата за заштита на личните податоци уште од 2010 година има службеник задолжен за контакт со оваа социјална мрежа.

(За опасноста на интернетот говори и случајот на млада девојка од Охридско, која преку интер-

нет стапила во контакт и врска со одредени лица, а потоа беше пронајдена измрзната во шума во снег и покрај диви животни).

***

Несомнено, МЕЃАШИ реагираше јавно на случаите со кршење на детските права и нивно злоупотребување. На 18 јули 2008 година по повод случајот со економска, сексуална злоупотреба на дете (14 г.) од страна на родител М.А. (32) од село Долно Ѓуѓанци, повторно повика на најостра осуда и казна за „родителот“ со одземање родителско право, гонење за кривично дело сексуална злоупотреба на дете, трговија со малолетно лице и подведување на проституција за остварување финансиска добивка.

И, повторно ги потсети одговорните државни институции дека Република Македонија ја има ратификувано Конвенцијата за правата на детето (1993), Конвенцијата на Советот за заштита на деца од сексуална експлоатација и сексуална злоупотреба (2007) и Конвенцијата која се однесува на забрана на најлошите видови детски труд (2001), а во врска со зачестените случаи на сексуална злоупотреба на децата кои во последно време станаа зачестен пример на најсурово кршење на правата на децата, повреда на нивниот физички, психички, здравствен и морален интегритет.

Тие побараа:

- Одземањето на родителското право во вакви случаи е неминовно. На децата им се потребни не само биолошки, туку одговорни родители кои совесно ќе си ги вршат своите родителски обврски и кои ќе им овозможат на децата услови за правилен раст и развој;

- Надлежните органи треба да ги заострат санкциите за сторителите на ваквите злоупотреби, а училиштата, центрите за социјална работа, здравствените установи, граѓаните, како и семејството при најмали знаци за постоење злоупотреба на децата во која било форма да дејствуваат поактивно во доменот на нивните ингеренции, да го пријавуваат случајот и да ги охрабруваат децата во пријавувањето сексуално и секаков вид друго насилство;

-Центрите за социјална работа треба да бидат помобилни, поефективни и континуирано да ја

следат состојбата на можни злоупотреби на деца во семејства во ризик како и преземање содветни мерки со што превентивно би дејствувале.

- Родителите имаат посебна одговорност во грижата, заштитата и обезбедувањето сигурно детство на нивните деца. Одговорното родителство е најдобра превентива од злоупотреба на децата.

ПЕТОК, 7 ОКТОМВРИ 2005 | Дневник | СКОПЈЕ 15

ЈАВУВАЊАТА НА СОС ТЕЛЕФОНОТ НА „МЕЃАШИ" ЗГОЛЕМЕНИ ЧЕТИРИ ПАТИ

# ФИЗИЧКОТО И СЕКСУАЛНОТО НАСИЛСТВО-СЕКОЈДНЕВИЕ

*Даниела ТРАЈКОВСКА*

За последните четири месеци на бесплатниот СОС телефон 0800 1 2222 на „Меѓаши" се јавиле 426 деца и млади, од кои 267 девојчиња и 159 момчиња, кои побарале помош поради психичкото, физичкото или сексуалното малтретирање. Во оваа невладина организација додаваат дека бројката е за четири пати поголема во споредба со минатата година кога беа регистрирани само 414 случаи.

- На 10 мај годинава е пријавен случај на силување на девојче од страна на нејзиниот полубрат. Бидејќи родителите не и веруваат, се јави на СОС линијата при што побара да ја упатиме на лекар, а сакаше и да го пријави случајот. Имавме јавување и од 17-годишно момче кое по сексуалното малтрети-



*На СОС телефон најчесто се јавуваат младинци и деца*

го продава своето тело. Кај него постоеше страв да разговара со стручни лица за да не покрене судска постапка со што случа-

та. Голем е бројот на младите девојки кои се пожалиле и на психичко малтретирање од страна на своите професори, кои им се обраќале со вулгарни

зборови, или се обиделе сексуално да ги малтретираат, вели Маја Корубин, кординатор во невладината организација „Меѓаши".

**ЗА ПОСЛЕДНИТЕ ЧЕТИРИ МЕСЕЦИ НА БЕСПЛАТНИОТ СОС ТЕЛЕФОН 0800 1 2222 НА „МЕЃАШИ" СЕ ЈАВИЛЕ 426 ДЕЦА И МЛАДИ, ОД КОИ 267 ДЕВОЈЧИЊА И 159 МОМЧИЊА, ЗА РАЗЛИКА ОД МИНАТАТА ГОДИНА КОГА СЕ ПРИЈАВЕНИ 414 СЛУЧАИ**

- Јавувањата не се само од Скопје, туку и од цела Македонија. На 29 август добивме писмо од родител кој живее во Битола дека неговите деца на возраст

од седум и 10 години се сексуално и психички злоупотребувани од страна на мајката која е алкохоличар и нејзиниот пријател. Карактеристичен е и случајот од Велес поврзан со сексуално злоупотреба на мало дете од очувот. Ова го пријавил дедото кој тогаш изразил загриженост и за другото свое внуче кое исто така живеело со мајката. Ова се само мал приказ од секојдневните јавувања, вели Корубин.

Таа додава дека во зависност од случајот јавувачите се упатуваат до правната служба, или на разговор со стручни лица. Дел од случаите се пријавени и во Центрите за социјална работа, и на увид кај Јавниот правобранител. СОС линијата во чии рамки функционира и бесплатното психолошко советувалиште е отворена секој работен ден од 8.30 до 20.30 часот.

## ОД „МЕЃАШИ“ ИЗЈАВУВААТ - СОСТОЈБАТА Е АЛАРМАНТНА

# Сè повеќе жртви на сексуално насилство

**Радмила Стојмировска**

Зголемен е бројот на жртви од сексуално насилство во земјава, покажале преслушаните телефонски јавувања на СОС-броевите, рекоа од првата детска амбасада „Меѓаши“ на вчерашната прес-конференција.

Најголемиот број јавувања на СОС-телефоните се поврзани со насилството. Од јануари до јуни годинава од 451 повик, околу 20 отсто се поврзани со насилството. Тука се вклучени физичкото и сексуално малтретирање што се случуваат во домовите, но и во училиштата. Најчести жртви во инцидентите се децата.

- Треба да им помогнеме на децата да проговорат за насилството што е извршено врз нив. Најчесто на нашиот СОС-телефон се јавуваат нивните родители и блиски. За жал, во последно време е зголемен бројот на жртви од сексуално насилство. Последен е примерот од пред една недела, кога татко сексуално ги малтретирал своите три малолетни ќерки. Затоа сите институции во државата што се задолжени за заштита на децата треба да се погрижат да го решат овој проблем - рече Драги Змијанац.

Детската амбасада „Меѓаши“ 13 години ги регистрира повиците што ги упатуваат граѓаните на СОС-линиите и подоцна влијае на одлуките за казна што ги даваат институциите на системот.

- Секое дете има право на безгрижно детство. Сакаме на секое дете да му го обезбедиме тоа и најстрого да ги казниме сторителите. Имаме добра соработка со народниот правобранител и месечно испраќаме по десет барања за да се преземат мерки во интерес на детето. За поголемиот дел од нив добиваме повратен одговор со информаци[...] што е направено и што е [...] план да се прави. Добро с[...]работуваме и со Хелси[...]шкиот комитет за човеко[...] права и со невладините о[...]ганизации во земјава. З[...] жал, соработката со Це[...]трите за социјална рабо[...] не е на завидно ниво, но [...] иднина се надеваме де [...] ќе се подобри. Ние с[...]реќни што казните за н[...]силниците се зголемија [...] 3 на 5 години - рекоа од а[...]басадата.

На бесплатниот тел[...]фон 080012222 на „Меѓ[...]ши“ граѓаните може да [...]јавуваат секој ден од 8 [...] 20 часот.

Дневник 7.10.2005



СПОРЕД ЈАВУВАЊАТА НА СОС-ТЕЛЕФОНОТ ВО „МЕЃАШИ“

# Сексуалното малтретирање во пораст

**Просветните инспектори понекогаш не ги пријавуваат случаите на сексуално малтертирање во училиштата за да не му наштетат на угледот на училиштето, велат во Детската амбасада**

ДАНИЦА ТУНТЕВСКА

Бројот на децата во Скопје и во другите градови што се сексуално злоупотребувани во семејството и во околината се зголемува од година во година, а има и сè повеќе случаи на педофилија и сексуално малтретирање на ученици од страна на нивните наставници. Ова го покажуваат сè поголемиот број јавувања на млади на СОС-телефонот во Детската амбасада „Меѓаши“, кои бараат помош за вакви проблеми.

Според Гордана Змијанац, проект-менаџерка во „Меѓаши“, контактите со децата покажале дека педофилијата и сексуалното малтретирање во основните и во средните училишта во школите се во пораст. Младите се жалеле дека наставници и професори вербално или со гестови сексуално ги малтретирале, а понекогаш се случувало и да ги допираат.

- Децата се јавуваат и кажуваат дека многу професори имаат педофилско однесување. Им зборуваат вулгарни работи или им покажуваат гестови со сексуална конотација. Ретко се случува да ги допираат, но и тогаш децата не знаат да препознаат дека се работи за сексуално малтретирање. Мнозинството колегите на таквите професори знаат што се случува, но не реагираат. Дури и просветните инспектори, кои се надлежни за таквите случаи, понекогаш не ги пријавуваат професорите, за да не му наштетат на угледот на училиштето или за да се заштити Министерството за образование - вели Змијанац.

Таа посочи случај во еден мал град, каде што ученичка забремeнила од професор, но ниту нејзините родители ниту директорот на училиштето не го пријавиле случајот. Родителите се плашеле од осуда на околината, а училиштето сакало да го заштити својот углед.

Последното јавување на СОС-телефонот за сексуално малтретирање во училиштата било од една девојка од Скопје, која пријавила наставник од едно скопско основно училиште кој ги фаќал девојчињата за задникот и им зборувал вулгарни работи. Тој ги принудувал девојчињата да ја посетуваат неговата секција, каде што потоа сексуално ги малтретирал. Волонтерите од СОС-телефонот случајот го пријавиле во училиштето и кај Народниот правобранител, по што наставникот бил отпуштен од работа.

На телефонот се јавила и девојка, која раскажала како другарка ѝ ја силувал нејзиниот полубрат, бидејќи и тој бил силуван од нивниот татко. Во Амбасадата стигнало и писмо од Битола, во кое таткото се пожалил дека мајката алкохоличарка сексуално ги малтретирала децата и ги принудувала да се соблекуваат и да ја гледаат додека води љубов со нивен роднина, при што роднината ги допирал.

Податоците на МВР покажуваат дека последниве години се намалува бројот на случаите на полови напади врз деца. Во 2003 година биле евидентирани 52 вакви случаи, во 2004-та имало 39, а во првите шест месеци од годинава биле пријавени 11 случаи. Според статистиката, понекогаш повеќе лица вршат полов напад врз едно дете.

Од службата за СОС-телефонот велат дека многу од случаите на сексуално малтретирање не се евидентирани, зашто не се пријавуваат поради срам или поради страв од насилникот. Искуството на волонтерите покажало дека децата-жртви речиси никогаш самите не се јавуваат за да пријават сексуална злоупотреба, туку тоа го прават родителите, другарите или членови на семејството.

- Децата сакаат да кажат некому за малтретирањето, но немаат храброст. Најчесто се плашат од одмазда на личноста што ги малтретира, бидејќи таа им се заканува со лошо ако кажат некому. Затоа и ја чуваат мајката во себе, понекогаш и со години. Децата се плашат и од реакцијата на околината и на родителите, кои понекогаш не им веруваат дека такво нешто им се случило - вели Маја Корубин, координаторка на СОС-телефонот за деца и млади.

Волонтерите велат дека ваквите случаи најчесто ги пријавуваат родителите, бабите и дедовците или пријателите на жртвата. ■

## Ако си жртва јави се

Децата што сакаат да разговараат за сексуално малтретирање или да пријават таков случај, можат да се јават на бесплатниот СОС-телефон за деца и млади 0800 1 22 22, секој работен ден од 8.30 до 20.30 часот.

Во Детската амбасада „Меѓаши“ функционира и бесплатно психолошко советувалиште, кое работи од 16.30 до 20.30 часот. ■

# РОДОСКВЕРНАВЕЊЕ

Во Македонија има казнена законска основа за досудување најстроги казни за педофилите и сексуалните насилници над деца, но сепак судиите и понатака досудуваат благи казни. Силувачи на деца се шетаат слободно бидејќи во многу случаи полицијата, вештите лица, социјалните работници и обвинителите не се кадарни да обезбедат несоборливи докази. Дури и необученоста на гинеколозите за правилно да документираат силување, придонесува да не може да се донесе обвинителна пресуда. За да биде успешна истрагата, но и детето да не доживее дополнителни трауми, бидејќи секоја истрага значи за неговата психа повторно доживување на силувањето, од Детската амбасада МЕЃАШИ бараа формирање на прифатни центри за силуваните деца, како и поголем број на згрижувачки семејства.

***

Исто така, активно и доста успешно лобираа за измени во Кривичниот законик за построго казнување на педофилите и сторителите на ваков вид кривични дела, со барање за минимум 15 години казна затвор до доживотен затвор. Тогаш, за полов напад врз дете од страна на возрасно лице, беа зголемени на минимум десет години затвор, а за дела кои се сторени на грозоморен начин или од страна на повеќе сторители или во случаи кога жртвата добила тешки повреди и трајни последици, предвидена е казна доживотен затвор.



Нова Македонија | Вторник, 27 мај 2008

**Хроника** 15

# Инцестот е чедо на моралниот вакуум

**„Меѓаши" регистрирала пораст на сексуалната злоупотреба во сите видови и форми, а 13,5 отсто од јавувањата на „црвениот" СОС-телефон биле за злоупотреба на деца**

**Наташа Бошковска**
**Бранислав Закев**

Не знам чиј син сум, на братот на мајка ми или на таткото на мајка ми. Го прашав постариот господин дали ја запознал мајка му. Ми кажа дека затропал на нејзината врата. А по мала пауза проговори: „Ух, добра женска", раскажува познат скопски психијатар случај од својата богата практика.

Со овој пример од својата долгогодишна психијатриска практика се обиде да ни каже дека инцестот и силувањата не се нова појава кај нас. Но веднаш додаде дека нивниот број се зголемува. Или, пак, сега полесно се зборува за нив.

И од првата детска амбасада „Меѓаши" велат дека сексуалната злоупотреба е во пораст.

-Во 2007 година 13,5 проценти од вкупниот број јавувања на нашата СОС-линија се најлоши форми



**„Меѓаши": Доживотен затвор за сексуалната злоупотреба**



Околу 70 проценти од случаите на сексуална злоупотреба остануваат непријавени поради стравот и срамот што децата ги чувствуваат, реакцијата на средината, како и стравот од неизвесноста на последиците со кои ќе се соочат. Првата детска амбасада во светот „Меѓаши" повикува на најостра осуда и казна за сторителите на сексуалната злоупотреба на деца.

Социолозите

# „Учителот по мандолина” на 8 мај седнува на обвинителна клупа во Општински суд Скопје 1

Судењето на наставникот по музичко воспитување и библиотекар во ОУ „Коле Неделковски", Миливое Ристиќ (40) од Скопје, обвинет за вршење на блудни дејствија врз 10 ученички од второ и трето одделение од истото училиште, како што дознава „Дневник", ќе почне на осми мај, во Општинскиот суд Скопје 1.

Судијата Марија Иванова Бојациева, која го води овој предмет, верува дека случајот ќе биде решен пред истекот на мерката притвор што му е изречена на Ристиќ, што значи најдоцна до 19 мај.

На првото рочиште ќе бидат сослушани обвинетиот Ристиќ, директорката и педагогот на училиштето во кое тој работел и лекар од Болницата за душевни болести „Бардовци". Децата, како што е најавено, нема да присуствуваат на судењето бидејќи нивните искази дадени во истражната постапка се доволни за водење на процесот.

Обвинителниот предлог покренат од Општинското јавно обвинителство во Скопје го товари Ристиќ за сексуална злоупотреба на ученички, од кои повеќето биле членови на мандолинскиот оркестар што тој го водел или, пак, биле зачленети во училишната библиотека.

Постапката со која тој, притоа,( можеби и со години) се служел била следнава. Под изговор дека треба да вежбаат свирење на мандолина, Ристиќ за време на големиот училишен одмор собирал по пет-шест ученички во просторијата на библиотеката. Од нив тој избирал една со која дента сакал да ги задоволи своите болни нагони. Ристиќ девојчето го седнувал во својот скут, обично свртено со грбот кон него. Потоа, тој почнувал со настраностите. Девојчињата на кои тој им се заканил дека ќе бидат избркани од училиштето доколку не ги посетуваат часовите по свирење мандолина, молчешкум ги поднесувале неговите допири по нозете и градите, милувањата по целото тело и неговите бакнежи.

Според досието за боледувањата во 1993 и 1994 година, Ристиќ боледувал од „манијакална депресија". Исто така, тој, според кажувања на негови колеги, бил и посетител на музички сеанси во Диспанзерот на невропсихијатриската болница „Бардовци", но за тоа не се најдени документи во неговото досие.

Минатата недела, инаку, министерката за образование и физичка култура Софија Тодорова ја разреши директорката на ОУ „Коле Неделковски"-Јелица Шуковиќ, поради одговорност за нанесената штета на учениците, кои психофизички биле малтретирани од страна на наставникот Миливое Ристиќ.

(Н.Н.С.)



Бројот на пријавени случаи на насилство на СОС-линијата на „Меѓаши" постојано расте

## Сексуално злоупотребено 14-годишно девојче со знаење на родителите



# ДНЕВНИ ЦЕНТРИ

Владата на Република Македонија своевремено направи напори да ја намали злоупотребата на детскиот труд со отворање на дневни центри, но според Првата детска амбасада во светот МЕЃАШИ, дневните центри не се трајно решение што ќе им ги обезбедат основните права на децата, а тоа се право на дом, образование и заштита од злоупотреба на детскиот труд.

Најчесто овие деца по престојот во Дневниот центар повторно завршуваат на улица и на старите навики за преживување (собирање старо железо, пластика, препродавање ситни дребулии и питачње). Сиромаштијата ги тера да работат. Детскиот труд е тесно поврзан со сиромаштијата. Во дневните центри на децата им се дава оброк, облека, вршат основни хигиенски потреби и добиваат основни воспитно-образовни содржини, но не и свидетелство за завршена учебна година.

- Овие деца се чувствуваат должни да обезбедат егзистенција за своето семејство. Исто е и во руралните средини каде што децата аргатуваат во земјоделски работи, сточарството или во домаќинствата – укажуваа од МЕЃАШИ.

Според Амбасадата, фактот што овие деца поголемиот дел од времето го поминуваат на улица претставува негрижа и дискриминација од страна на општеството, кое треба да ги вклучи во редовниот образовен процес.

Децата-питачи најчесто потекнуваат од дисфункционални и семејства во ризик.

- Во дневните центри децата се стекнуваат со основните хигиенски навики, се описменуваат и се охрабруваат да се вклучат во основното образование. По напуштањето на центарот, тие се повторно препуштени на улица и токму тогаш се притиснати од егзистенцијалните потреби и барања на своите родители и мораат да работат, да продаваат дребулии или да питаат, а тоа ги повредува основните детски права - објасни Драги Змијанац, додавајќи дека дневните центри имаат привремен карактер, како и дека, иако тие значат многу за децата, сепак не се решение на проблемот за децата на улица. Ако државата обезбеди задолжително бесплатно и пред сè, квалитетно образование за секое дете, може да се затвори кругот на неписменост, сиромаштија, детска експолатација и злоупотреба.

***

Дневниот центар за деца кои не одат во училиште, кој функционираше во рамките на Детската амбасада МЕЃАШИ, е едно од позначајните остварувања со кои го кршеа мразот и претставуваше значајна порака упатена до властите.

На 13 јули 2007 потпишан е договор за соработка со Министерството за труд и социјална политика на Република Македонија во спроведувањето на проектот Социјална заштита на децата на улица кој подразбираше отворање Дневен центар за деца на улица. Ова Министерството го финансираше, но беше и помогнат од социјално одговорни фирми. Се отвори и активно работеше од октомври 2007 до јануари 2008 година. Од септември (од 35 контактирани деца од Картон маало и Кланица), 23 го посетуваа Дневниот центар, поделени во три групи по 7-8 деца, зависно од местото на живеење и нивните способности.

Во текот на нивниот престој, тие се капеа, добиваа ужинка и посетуваа креативни, едукативни и социјално-психолошки работилници. Децата и нивните семејства повремено добиваа облека и обувки. Следуваа процедури за пријавување на децата кои не беа регистрирани во матичната книга, иако за некои постоеја проблеми (отсуство на мајката, мајката нема документација). Им беше обезбедувана и здравствена заштита, особено на тие деца кои не се регистрирани во матичната книга.

Се организираше систематски преглед и имунизација, не само за децата кои го посетуваа Дневниот центар, туку и за помалите деца во нивните семејства. Оваа акција се спроведуваше во соработка со Младинскиот центар од ХЕРА, „Сакам да знам“, во Шуто Оризари. Преку овој центар, исто така, се овозможени бесплатни гинеколошки прегледи и контрацепција.

Се правеа напори за вклучување на децата во образовниот процес, а улогата на Дневниот центар беше алтернативна форма на згрижување на тие деца до нивното вклучување во образование. Воспоставени беа контакти со локалните училишта, но за жал не беа расположени за прифаќање на овие деца. Друг проблем претставуваше и нивната возраст, дел од нив имаат 10-12 години, па не можеа да се запишат

ни во редовно образование, ни во вечерните училишта.

Во Скопје, во тој период работеа два дневни центри, што е малку со оглед дека тогаш во Скопје имаше над 1 000 деца кои го поминуваа своето детство на улица, живеејќи под ведро небо и без родителска грижа, а оваа бројка на ниво на Македонија, како што спомнавме, беше преку 2 000.

***

13.1. Децата ги демне опасност

**14. Малолетничка бременост**
14.1. Кога децата раѓаат деца

**15. Семејно насилство**
15.1. Пеколна ноќ на едно дете.
15.2. Децата заложници на родителскиот инает

**16. Детето жртва и сведок**
16.1. Судовите мора да знаат како да постапуваат со децата.

**17. Списание на Народниот правобранител бр. 3, 2011**
17.1. Интервју со Драги Змијанац










Во периодот од 2001 до 2012 година беа објавени вкупно 42 информатори на македонски и англиски јазик

http://www.childrensembassy.org.mk/informatori.nspx



## ПРВА ДЕТСКА АМБАСАДА ВО СВЕТОТ МЕЃАШИ
## РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, Информатор бр. 38 - БУШАВКО

Април 2010 - Јуни 2010

1. Првата детска амбасада во светот Меѓаши - Република Македонија, на 29 Април 2010 година го прослави својот 18ти роденден

1.1. Првата детска амбасада во светот стана полнолетна

18

2. Во Женева 54-та сесија на Комитетот за правата на детето - на сесијата се разгледуваше вториот периодичен извештај на Република Македонија кон КПД и иницијалните извештаи за факултативните протоколи на конвенцијата

2.1. Националната комисија за правата на децата во Република Македонија ги прифати препораките на Македонската национална коалиција за правата на детето

3. Препораките на Комитетот за правата на детето при ООН доставени до Владата на Република Македонија по основ на Вториот периодичен извештај и иницијалните извештаи

4. Осомничен педофил од ОБСЕ злоупотребувал деца

4.1. Случајот на педофилија на вработениот во ОБСЕ бил пријавен во Детската амбасада Меѓаши

4.2. Дипломатот од ОБСЕ имал 30.000 педофилски фотографии

4.3. Норвешката крим-полиција известена за педофилскиот скандал во Македонија

5. Глобална кампања за образование: Една цел - Настава за сите

5.1. Во училиште не одат повеќе од 18.000 деца

5.2. Акција за вклучување на сите деца во образованието

5.3. Децата од Детската амбасада "Меѓаши" во посета на Министерството за финансии

6. Се трага по 4 деца изчезнати за само еден месец

7. Злоупотреба на деца во политички цели - Учениците случајно се нашле на улица за Топи

8. Има ли во Македонија трговија со деца?

8.1. Има закон, нема заштита за децата

9. Меѓународен ден на децата

9.1. Денес е Меѓународен ден на децата 01.06.2010

10. Меѓународен ден на СОС Телефони за помош и поддршка на децата

10.1. Меѓаши го одбележа светскиот ден на СОС телефони за помош на деца

11. Ден против злоупотреба на детскиот труд 12 јуни

12. Прифатилиштата не се спас за децата Роми - Невладините организации ги предупредуваат надлежните





KURVE Wustrow

Bildungs- und Begegnungsstätte für gewaltfreie Aktion

Kirchstr. 14 D-29462 Wustrow

Tel.: +49-58 43-507 · Fax: +49-58 43-14 05

Documentation

Peace Work in Ex-Yugoslavia

Coordination and Networking Seminar
Wustrow, Germany
19 - 22 October 1995

"Often I feel very alone with the work I do, frustrated and tired.
When I come here, I regain confidence and energy."
(Participant of the seminar)

Documentation by Rainer Stiehl-Dümpker

Geschäftskonto: Nr. 650 1333 KSK Wustrow BLZ 258 513 35

Spendenkonto: Nr. 55 66 33-309 PGA Hannover BLZ 250 100 30









Додека траеше војната во БиХ, Детската амбасада МЕЃАШИ упати стотици барања до граничните власти за нивен непречен влез и излез. Барањата беа почитувани и таму каде не можеа да поминат, документите од Детската амбасада МЕЃАШИ ги отвораа вратите! Во исто време за децата бегалци кои останаа во Македонија, МЕЃАШИ организираше бројни активности со цел да се ублажат последиците од војната врз нивниот раст и развој.









За време на војната во БиХ децата бегалци згрижени во Македонија се соочуваа со низа проблеми. Еден од нив беше приемот во училиштата. Не ги примаа бидејќи немаа документација. Затоа Детската амбасада МЕЃАШИ подготвуваше барања до училиштата за нивен прием. И тоа функционираше! Стотици деца беа примени во училиштата низ Македонија со ваков тип барања и изјава од родителите дека бегајќи од виорот на војната не можеле да ја земат потребната документација.








Дали денес му кажавте
на вашето дете
колку го сакате?
Vallë i thatë sot
fëmijës suaj se
sa e doni?
СОС ТЕЛЕФОН ЗА ДЕЦА И МЛАДИ
0800 12222
(Бесплатна линија)


Дали денес му кажавте
на вашето дете
колку го сакате?
СОС ТЕЛЕФОН ЗА ДЕЦА И МЛАДИ
0800 12222
(Бесплатна линија)


ДАЛИ ДЕНЕС РАЗГОВАРАВТЕ СО ВАШЕТО ДЕТЕ?
A BISEQUAT SOT
ME FËMIJËN TUAJ?
СОС ТЕЛЕФОН ЗА ДЕЦА И МЛАДИ
0800 12222
(Бесплатна линија)


ДАЛИ ДЕНЕС
РАЗГОВАРАВТЕ
СО ВАШЕТО ДЕТЕ?
СОС ТЕЛЕФОН ЗА ДЕЦА И МЛАДИ
0800 12222
(Бесплатна линија)


ОБРАЗОВАНИЕ ЗА СИТЕ. ДА ГО НАПРАВИМЕ ТОА ВЕДНАШ !
ARSIMIM PËR TË GJITHË. TA BËJMË ATË MENJËHERË !
SIKLJOVIPA SARINENGE. TE KERA ADAVA AKALE MOMENTESTE !

# МИРОВНО ОБРАЗОВАНИЕ



# BENJAMIN BLÄNKNER: „МЕЃАШИ ПРАВАТ РЕВОЛУЦИОНЕРНИ ЧЕКОРИ!“

**Што е Мировно образование? Како Вие го дефинирате тој поим?**

- Би рекол дека нема една дефиниција, но кога станува збор за МЕЃАШИ, мислам дека тие сакаат да го дефинираат како работа со училиштата, да ги едуцираш луѓето за сѐ во врска со мирот. Поважно е дека МЕЃАШИ се обидуваат да го променат образовниот систем, но не од горе кон долу, туку тоа да го направат од дното кон врвот. За почеток со едукација на наставниците, на пример, да работат со училишта, особено со наставници кои се подготвени да учат. Тие се залагаат вистински да го направат тоа, внимателно и квалитетно, што е мошне важен аспект.

**Постои ли некоја личност кој е основач, идеолог на таа идеја?**

- Не би рекол дека има еден основач. Ајде да речеме, термините „конфликти“, „трансформација на конфликти“, „решавање на конфликти“ е

она што е важно да се разбере и да се работи на тоа. Луѓето и организациите со кои ние работиме, меѓу кои е и МЕЃАШИ не ја дефинираат ситуацијата во смисла „каде нема насилство, само по себе има мир“. Не може да се каже дека каде нема насилство таму автоматски е мирно, бидејќи има и поинаку форми на насилство: директно насилство, физичко насилство, психичко. Ситуација на ненасилство, позитивен концепт и ориентираност кон мирот, тоа е нивната дејност.

**Многу деца и возрасни, исто така, во оваа област сè уште не знаат за Мировно образование. Дали е различно во Германија, воведен е како предмет во формалното образование или има начини да се пристапи и да им се наметне на децата преку некаква форма на неформално образование?**

- Во Германија мировното образование постои само како мали проекти кои се спроведуваат различно, на пр., во средно училиште има нешто како справување со конфликти, дури и во градинка, исто така, што е многу практично за секојдневниот живот, би рекол. Во Германија сè е толку распрснато низ федералниот систем, што им остава слобода на секое училиште да го спроведат како тие сакаат. Но, не е толку специфично, како на пример, на начин на којшто МЕЃАШИ се занимаваат во моментов. МЕЃАШИ овде прави многу повеќе да се постигне влијание врз целиот систем. Значи, тоа во Германија повеќе би го нарекол едукација како да се справуваш со конфликти, недоразбирања, меѓу учениците, некаков вид посредување меѓу врсниците, што значи дека учениците се обидуваат, пред сè, самите да се справат со конфликтот на ненасилен начин. Очигледно и МЕЃАШИ работи во таа област, на пр. врсничка медијација, што значи ученици од иста возраст да работат на тоа конфликтите меѓусебе да ги надминуваат со заедничко справување. Повторно ќе речам, генерално пристапот на МЕЃАШИ е поинаков и сака да се воспостави на ниво на цела држава, па затоа едуцира наставници како да ги вметнат содржините на мировното образование во образовниот систем. Интересно е, што МЕЃАШИ работат со формалниот образовен систем, но применуваат неформални средства. Тоа значи дека наставниците се здружуваат во амбиент за обука кој е неформален, но тие се врзани за формалниот систем и спојувањето на тие две компоненти се важни

за целосната реализација.

**Многу деца не знаат како да се соочат и да се справат со конфликтите, да преговараат, мислат дека агресијата е единствениот начин да одговорат. На која возраст е најдобро да се започне со Мировно образование?**

- Тоа е интересно прашање. Во градинка или основно училиште можеби е малку рано. Јас би рекол во средно училиште, кога учениците се повозрасни, а во раната возраст, пак можеби е добро да се имплементира некое образование во смисла на давање насоки за ненасилство или како да се стигне до нешто помирен, ненасилен начин, но не како „Мировно образование", бидејќи тоа е премногу нагласено. Воедно, ние како организација не можеме да реализираме проект со некои партнери и да го наречеме Мировно образование, ако е во градинка. А, сепак цело време работиме на тоа. Како пример, поддржувавме женски организации во Палестина и тие самите имаа градинки што ги водат, а за нас беше важно да се обидеме да ги обучиме воспитувачките во градинката и со тоа индиректно да направиме нешто за децата. Затоа, јас сметам дека за да ги образоваме децата во таа насока, тие треба да се малку поголеми, да речеме студенти, или барем од 15-16 години нагоре, тука веќе може да стане збор за подиректно образование.

**Вашата организација „Kurve Wustrow", сместена во „срцето" на триаголникот меѓу Хамбург, Хановер и Берлин, има традиција и силни вредности во образованието за мир, а почетоците на работата на Гордана Пирковска Змијанац доаѓаат од таму, преку обуката што ја имала. Можеби тоа ги постави темелите за нивната квалитетна и неуморна работа на правата на децата и мировното образование.**

- Всушност, она што го знам за нејзиното искуство таму, е она што таа ми кажала, тогаш, во 1993 или 1994 година јас не бев во организацијата. Но, она што ми кажа е дека запознала и други активисти од различни земји со кои се здружиле, се образовале, добиле обука и можеби инспирација, дух на солидарност, по што вие веќе можете да направите промени во вашата земја, ако сакате. Имам чувство дека најважно за неа е што сфатила дека може да биде поддржана однадвор, од други луѓе кои прават слични работи или се во слична ситуација. Во тоа време, веројатно тоа не беше толку

специфична обука за Мировно образование, туку беше едукација за градење мир и трансформација на конфликт.

**Опишете ни ја малку повеќе вашата организација.**

- Тоа е организација која не отсекогаш барала меѓународен контекст, така што истакнувам дека на почеток нејзините основачи се занимаваа со еколошки активизам, мировен активизам... Организацијата во 80-тите години, ја основаа неколку активисти, како центар за обука на луѓе за ненасилна акција, да одат на демонстрации, да станат активни, да ги зајакнат луѓето локално во ситуација на локален конфликт. А, во текот на 1980-1990 година, организацијата стана многу повеќе вклучена со меѓународните партнери, пред сè, најмногу со балканските партнери. Сега работиме во десетина земји, не само на Балканот, туку и во Израел, Палестина, исто така, во Непал, Шри Ланка и во Мјанмар, што е многу тешко. Во организацијата работат околу 25 луѓе, но имаме уште 20 вработени кои за неа работаат во странство, како мене.

**Треба да бидете поттикнати од длабоки уверувања во мировното образование за да ја напуштите комоцијата на сопствената земја и да дојдете да работите тука. Задоволен сте од постигнатиот резултат?**

- Мојата работа овде е да ги правам годишните планирања, да се обидам да ги олеснам работите, да дадам насоки, но тоа само од некоја надворешна перспектива. Се разбира, понекогаш вклучува и административни работи или поиндиректна помош. Ние ги добиваме средствата од Германското министерство за развојни работи и само помагаме да се канализираат овде, но не кажуваме директно:„Ве молиме, направете го ова ова и ова", туку оставаме на организациите. Некогаш, исто така, им нудиме одредени едукации или одреден тренинг и во Германија, некогаш тренинзите ги спроведуваме овде, некогаш и јас предавам, некогаш поканувам некои експерти на некои одредени теми итн. И за овие неколку години, во кои работам на Балканот, резултатите на нашите партнери, во одреден степен се и резултат на мојот сопствен придонес, би рекол, во она што е постигнато во МЕЃАШИ, но и во  други организации во Тетово и Прилеп... Некои реузлтати се сосема извонредни, направени се некои огромни чекори, така што, задоволен сум. Ап-

солутно.

**На кој начин вие сега ги помагате и соработувате? Понекогаш правите јавни настани како поддршка или не?**

- Ги поддржуваме настаните кои ги прават нашите партнери, но нашата организација никогаш не ја промовираме во јавноста преку директни настани, затоа што мислиме дека тоа ја одзема видливоста на нашите партнери. За нас е најважно да ги зајакнеме локалните партнери овде најдобро што можеме, а настаните ги спроведуваат тие самите.

**Какви карактеристики би му дале на творештвото на МЕЃАШИ денес, по 30 години постоење?**

- Во врска со мировното образование, на пример, тимот на оваа Амбасада воспостави поблиски релации со Министерството за образование, што претставува огромен чекор. Навистина, многу уникатен проект што никогаш не сум го видел никаде на друго место е тоа што МЕЃАШИ ги покани вработените од Министерството на сопствени обуки и не само како гледачи и да седат настрана, туку и нив ги вклучи во тренинзите. Можеби е премногу да се каже, но мислам дека е прилично револуционерно. Тоа е огромен фактор за успехот. Тие активно посегнуваат по вработените во Министерството, да ги поканувааат, да одат на обуките и самите да се едуцираат. Огромен чекор. Пред неколку години никој не мислеше дека е можно невладина организација и Министерството за образование да бидат блиски соработници и сојузници, што е извонредно и функционира. Се разбира, не е сѐ едноставно и лесно, но подобро е да станете тим и нешто заеднички да се преземе.

Потребна е голема храброст да се работи со толку различни структури. Имам голема почит кон тимот.

**Имате завршено политички науки. Целта на политиката е развој на општеството и развој на меѓучовечките односи, но знаеме дека таа неретко и се злоупотребува. Некои политики се создадени да ја донесат идејата за мир. Дали децата треба од мали да бидат запознаени со случувањата во политиката (на локално и глобално ниво) за полесно да се справуваат или да бидат сосема настрана од неа?**

- Прашувате дали децата треба да се вклучат во политиката? Тенка е линијата, дали во политика или да се политизираат. Политизирање е веќе не-

гативната конотација, тоа значи дека децата ќе се индоктринираат во неа уште од мали нозе. Би рекол дека е многу негативно, се разбира, од друга страна е добро да се учи за општеството и да се учи за политика и тоа е важно. Не би рекол дека децата треба да се вклучат, да речеме преку партиска политика, но мислам дека е важно децата да бидат свесни за сопственото општество. И она што мислам дека е многу важно, децата да се поттикнуваат да прашуваат и да размислуваат критички, сами да го развиваат умот, да речеме, да осознаваат за работи за кои возрасните размислуваат, но и самите да одлучуваат.

**Мировното образование, најкусо речено, нè учи на мир по секоја цена, а е против насилството. Тоа треба да биде искуство, не само теорија и да нè придвижи сите да работиме на тоа. Која е нашата одговорност, на повозрасните, што можеме ние да направиме за мировното образование?**

- Само да ги оставиме децата слободни, да се развиваат себеси и својот ум, но и да научат да живеат според одредени вредности на толеранција, на прифаќање други луѓе, да прифатат некој што има можеби различна религија, различен јазик, различно појавување и претставување, дајте им до знаење на децата дека тоа се само разлики, но дека се согласувате со тоа, дека не треба премногу да ја нагласуваат својата љубопитност и страв од нешто што е различно. Треба да ги научиме да станат свесни без да се плашат и без да ги дискриминираат луѓето. Тоа е нешто што возрасните можат да го направат, да ги поттикнат, а децата да се огледаат на нив.

**И, за крај, дали е можеби подобро за нивната иднина, наместо постојано да ги учиме децата дека треба да стануваат лидери, победници, првенци, шампиони, да стануваат миротворци?**

- Морам апсолутно да се согласам. Тоа е многу важна точка која мора да ја покренеме, да станат миротворци, наместо постојано да ги учиме да станат лидери, победници и шампиони. Исто така, мислам дека е на некој начин во природата на човекот да се натпреваруваш и да си во конкуренција еден со друг. Секогаш има некој вид натпревар и во училиштето, од почеток, сè до добивање диплома, не можеме да го промениме тој дел од општеството. Но, да се создава голема конкуренција кај децата од мали нозе и да се назначува прашањето „кој е

победник, кој е најдобар овде, кој е лидер овде?“, би рекол дека тоа е нешто што треба да се избегне. Така што, во ред е да има некои настани со натпреварувачки карактер, но тие да не се премногу засновани на конкуренција.

Не е лошо ако, на пример, имате група деца од различно потекло, имате мешани тимови, и во исто време тие се натпреваруваат едни против други, во некој спорт или некоја дисциплина, на крај ќе имате еден победник, но сепак тие цело време се во заедништво. Се дружат, поминуваат време заедно, се фотографираат. Ги надминале разликите, културните разлики и другите стереотипи, учат едни од други, разменуваат идеи, минуваат време заедно.



Одбележување на меѓународниот ден на мирот 21 септември 2022 година, Дебар

# ПРОГРАМА ЗА МИРОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

„Децата се најмоќни ако им се посвети внимание, ако им се даде љубов, образование, ако не се злоупотребува нивниот труд, ако не се користат за економски, политички цели“, е веќе потврдената теза на МЕЃАШИ. Децата се само Деца.

Првата детска амбасада во светот од самото нејзино формирање континуирано работи на градење на Мирот. Една од нејзините стратешки цели и насоки е превенција од насилството преку ненасилна разработка на конфликтите, посебно меѓу децата и младите од различно етничко потекло.

Мировното образование не е посебен предмет што треба да се изучува, туку стратегија што треба да се вклучи во образовниот систем. Тоа значи воспитание и растење на децата со вредности што го промовираат мирот и заедничкото живеење, ненасилство како начин на комуникација. Кога дете ќе се сретне со конфликтна ситуација, да знае како да ја трансформира во однесување што не содржи насилство. Ќе знае дека проблемите треба да се решаваат со разговор и дијалог. Но, понатаму се предлага итно воведување Мировно образование, кое е дел од образовниот процес во некои развиени земји.

Колку е битно ова образование зборува и предупредувањето на МЕЃАШИ дека имаше периоди во кои речиси немаше ден да не се случи насилство во некое од училиштата, при што се плашеа и децата и родителите.

Во 2011 година МЕЃАШИ започна со спроведување на Програмата за мировно образование. Мировното образование или образованието за МИР е вредносно втемелено образование. Клучните вредности на мировното образование, како ненасилството и социјалната правда, се темел за посакуваната општествена промена за почитувањето на човековите права и за градење на довербата. Мировното образование, денес, во време на глобална криза и несигурност, буди сè поголем интерес. Тоа промовира знаења, вешти-

ни и ставови кои можат да им помогнат на луѓето да ги трансформираат конфликтите на мирен начин, да градат поправедни општества, а во срединиte каде што живеат, да создадат услови за позитивен мир.

Програмата најпрво се спроведуваше во 3 средни училишта во Скопје – СУГС Гимназија „Никола Карев“, СГГУ „Здравко Цветковски“ и СМУГС „Д-р Панче Караѓозов“, за набргу сè повеќе да се проширува во нови средни училишта во/и надвор од Скопје, како СОУ „Ванчо Прке“ – Виница, СУГС „Владо Тасевски“, СЕПУГС „Арсени Јовков“, СУГС Гимназија „Зеф Љуш Марку“, СУГС „Шаип Јусуф“, СУГС „Георги Димитров“ и СУГС „Цветан Димов“ – Скопје, како и во средните училишта СОУ „28 Ноември“ – Дебар, СОУ Гимназија „Кочо Рацин“, ССОУ „Димитрија Чуповски“ – Велес, СОУ Гимназија „Гостивар“ и СЕОУ „Гостивар“ – Гостивар. Во меѓувреме, во некои од вклучените училишта не се изведуваат активности, но постојано се вклучуваат нови училишта на сопствено барање и интерес.

Денес, повеќе од 200 професори/професорки и претставници/претставнички на стручни служби предадено работат промовирајќи ги мирот и ненасилството како основни вредности во воспитно-образовниот систем да се укаже на потребата од поинтензивно вградување на мировното образование (МО) во наставните курикулуми.

Програмата за мировно образование е финансиски поддржана од Германското федерално министерство за економска соработка и развој преку партнерската организација KURVE WUSTROW.

Времетраење на проектот/програмата: 2011-2024.



Прва мировна средба, програма за Мировно образование
2019 година


ПОТТИКНИ
МИР


И ЗБОРОВИТЕ ПОВРЕДУВААТ


ПОТТИКНИ
МИР
PRANO DIVERSITETIN!


O SANSARI SI SAKOJA HAPA
IRINJA IASTE CAFI CEAPĂ
PAQJA ËSHTË ÇDO HAP
МИРОТ Е СЕКОЈ ЧЕКОР
MIR JE SVAKI KORAK
BARIS HER ADIMDA
PEACE
MEGJASHI

# ЦИВИКА МОБИЛИТАС

Многубројните активности, препознатливоста, довербата, мобилизацијата и иницираните промени во општеството беа препознаени и од програмата ЦИВИКА мобилитас која во 2015 година го додели првиот институционален грант на Првата детска амбасада во светот МЕЃАШИ. Цивика мобилитас е програма на СДЦ за поддршка на граѓанското општество во Македонија, која ја спроведуваат НИРАС, МЦМС и СИПУ. Визијата на програмата е Македонија во која граѓанското општество игра позитивна улога во реализацијата на потенцијалот на земјата и на сите нејзини граѓани. Цивика мобилитас има мисија да биде движечка сила за одржливо граѓанско општество, кое:

- практикува позитивни, демократски вредности;

- ги ангажира граѓаните во локални општествени иницијативи и е во добра интеракција со своите конституенти;

- е институционализирано и вклучува бројни динамични, големи и мали, урбани и рурални, разновидни организации на граѓанското општество;

- има позитивно влијание на понатамошниот развој на Македонија.

Програмата на ЦИВИКА мобилитас придонесе кон целокупно организациско зајакнување! Посебен фокус на планираните активности беа сите организациски слабости утврдени преку направените самооценки пред секоја грантовска поддршка. Почнувајќи од 2015 година МЕЃАШИ направи бројни промени во своето работење, дефинира организациска структура и органограм, усвои етички кодекс, воведе систем за набљудување и оцена на работните постигнувања, го прилагоди финансиското работење на меѓународните и домашни стандарди. Програмата овозможи полесно спроведување и на сите редовни активности и го зајакна делот на организациската самоодржливост преку овозможување проширување на мрежата со кутии за донација и поддршка на економските активности на организацијата. Придонесе кон зајакнување на соработката со бизнис-секторот, домашни и странски граѓански организации и граѓански иницијати-

ви. Подобрени беа условите и работата на сервисите за директна помош и поддршка, комуникацијата и вклученоста на конституентите беше подигната на повисоко ниво. Во рамките на програмата подготвен беше и план за организациски развој со фокус на СОС-телефонот за деца и млади со цел хармонизација на домашниот број 0800 1 22 22 во тоа време, со европскиот број 116 111. Програмата ЦИВИКА мобилитас овозможи непречено спроведување на сите важни организациски процеси за кои многу често недостасуваат средства за реализација, а се од суштинско значење, како редовни стратешки планирања, организациска и проектна финансиска ревизија и редовни состанувања на управните тела. Во првите години од грантот на ЦИВИКА мобилитас, МЕЃАШИ спроведе квантитативно истражување преку кое организацијата и јавноста добија увид во перцепцијата на граѓаните за организацијата и активностите кои ги спроведува.

Почнувајќи од 2019 година Детската амбасада МЕЃАШИ постави нови цели во рамките на програмата ЦИВИКА мобилитас. За ралика од претходните 3 години, од грантот каде главниот фокус беа внатрешните процеси, правила, процедури и начини на работење, овојпат фокусот беше насочен кон целната група. Децата од целата територија на Македонија треба да бидат запознаени со своите права. Сите програми, проекти и активности кои се спроведуваа во рамките на организацијата се насочуваа кон проширување на активностите кон другите градови. СОС-телефонот за деца и млади започна со промотивни активности за негова поголема видливост и запознаеност од децата. Мирот и ненасилството беа промовирани преку повеќе кампањи, а дополнително беа спроведни и повеќе обуки за кадарот во основните и средните училишта. МЕЃАШИ беше дел и од работата на државните и граѓански комисии и тела за деца како Националното координативно тело за заштита на злоупотребени и занемарени деца, Националната комисија за заштита на правата на децата, Националното координативно тело за заштита на децата од сексуална злоупотреба, Детска сиромаштија, Работното тело за закон за средно образование. Секако и поддршката на граѓански иницијативи и соработките со граѓански организации и понатака остана важен дел од акцискиот план на МЕЃАШИ поддржано од програмата ЦИВИКА мобилитас, како и чле-

нувањето во меѓународни и домашни мрежи. Важноста на транспарентното и отчетно работење на организацијата не треба да е само декларативно, туку да се практикува и поттикнува кај сите граѓански организации. Токму поради тоа МЕЃАШИ стана дел од неформалната мрежа за транспарентност и отчетност. Формирана од Македонскиот центар за меѓународна соработка – МЦМС, оваа мрежа по две години од своето постоење го донесе првиот кодекс за граѓански организации во Македонија кој го потпиша и Првата детска амбасада во светот МЕЃАШИ.

Спроведувајќи ги тековните активности на почетокот на 2020 година, бевме пресретнати од Ковид-19 вирусот, кој предизвика тешка здравствена и економска криза. Првата детска амбасада во светот МЕЃАШИ веднаш започна со проценка на состојбата и креирање план на активности за поддршка на децата. Утврдена беше голема потреба од заштитни маски и опрема за здравствените работници од детските клиники кои се во постојан контакт и со заболени од Ковид-19 и со деца во здравствен ризик. Здравствената состојба на децата со веќе утврдени здравствени проблеми не смее дополнително да се отежне и со вирусот Ковид-19. Првата детска амбасада во светот МЕЃАШИ ја направи првата донација на заштитна опрема на помалку од еден месец по прогласувањето на пандемијата. Поради високите цени на заштитната опрема, потребата од дополнителна поголема донација беше неопходна, здравствените работници од многу клиники се обраќаа со барања за донација во опрема. Благодарение на флексибилноста на програмата ЦИВИКА мобилитас и нејзините спроведувачи, одобрена беше пренамена на средства со кои успеавме да помогнеме со заштитна опрема за повеќе клиники.

Поради состојбата со Ковид-19 пандемијата и воведените превентивни мерки, тимот на Првата детска амбасада во светот МЕЃАШИ мораше брзо да се прилагоди на новиот начин на работење онлајн, во интерес на заштита на личното и јавно здравје. Преминот на ваков тип на функционирање на сите нивоа во државата донесе и нови ризици за нашата целна група. Децата не смееја да излегуваат надвор, повеќето родители работеа од дома додека децата следеа онлајн насава. Последиците од ваков начин на живеење подолго време беа нарушено психофизичко здравје и се-

мејни односи. Првата детска амбасада во светот МЕЃАШИ со цел превенција од претходно споменатите ризици, ја креира Фејсбук-групата „Заедно дома“ задолжена да им понуди на семејствата креативно користење на слободното време. За кратко време од креирањето на групата, истата доби многу следбеници и дневно се споделуваа повеќе креативни идеи кои помогнаа за заеднички активности на децата и родителите и полесно надминување на овој тежок период.

Тимот на Првата детска амбасада во светот МЕЃАШИ во рамките на програмата ЦИВИКА мобилитас продолжи со спроведување на предвидените активности, само во малку изменета средина, односно сите активности беа префлени онлајн. Па, така работните канцелариски состаноци станаа утрински Скајп-состаноци, тренинзите и обуките станаа вебинари, а нашите домови канцеларии. Меѓутоа, мисијата не се промени, визијата остана иста, мотивацијата и енузијазмот и понатака на високо ниво, но и еден нов поим, нова енергија почна да комуницира помеѓу нас - СИНЕРГИЈА!



# ПОДАДЕНА РАКА И ВО ПОПЛАВИТЕ

Не постои ситуација во која МЕЃАШИ веднаш, без губење време и срдечно не им помогнала на децата, кога им е неопходна помош. Најмладите не беа оставени на цедило ни кога се случи големата поплава 2016 година во скопските села Стајковци, Сингелиќ, Арачиново и Смилковци.

МЕЃАШИ заедно со волонтери, педијатри, дерматолози, веднаш се стационираа во Основното училиште „Кирил и Методиј" во Стајковци, каде им помагаа на децата во поплавените подрачја, 15-тина дена, колку што траеше вонредната состојба.

Во функција веднаш беше ставена интерактивна Фејсбук-група за помош и поддршка, групата беше од корист за размена на информации, храна, облека, покуќнина и потребни работи.

Многу активисти, волонтери, млади луѓе, лекари, доктори, речиси сите дена беа присутни во кризните подрачја, а волонтерите имаа за задача да им се јавуваат на евидентираните 204 деца кои останаа во Стајковци тие денови и да ги охрабрат во сите денови да доаѓаат на постојани прегледи кај дерматолозите и педијатрите. Солидарноста, граѓанскиот активизам, хуманизам и помош беа одлики и во тие тешки денови, кои ги сплоти Детската амбасада со децата на кои им беше потребна помош и поддршка.

И не само тоа. Екипата на МЕЃАШИ примаше повици од многубројни спонзори и помагатели и до странство и ги упатуваа на која адреса или телефон можеа да ја насочат својата финансиска или материјална помош, а најчесто ги упатуваа на адреса на Црвениот крст.

22 изгубени животи и исто толку повредени и третирани на скопските клиники, сведочат за трагедијата која на 6 август 2016 го зафати најпрвин Полошкиот, а подоцна со поголем интензитет и целиот Скопски регион. Таа ноќ во Скопје наврнаа 93 литри на метар квадратен, а во текот на првите два часа од почетокот на невремето удриле над 800 молњи и громови.

Над 1 000 граѓани биле евакуирани во текот на ноќта, а потоа 15 дена се помагаше на самото место, за сѐ што им требаше на граѓаните и децата.


Perfex

# БРОЈНИ АКТИВНОСТИ 2017- 2022!

Активностите на МЕЃАШИ се многубројни, разновидни, разгранети, како дрво со повеќе гранки кои се испреплетуваат една со друга. За сето време од три децении се испреплетуваат и нивните преземени дејствија, зависно од тоа кога, каде и каква потреба се појавила.

Не смее да се изостави фактот дека оваа организација за остварување на права беше првата кај нас, која уште во деведесеттите го објасни терминот, а потоа и го покрена прашањето за здрава и за безглутенска исхрана кај децата кои се интолерантни на храна која изобилува со глутен. Правото на здрава исхрана, како и здрава околина, им се приоритет, посебно без колебање се посветија и на борбата за чист воздух, кој како речиси да стана „мисловна именка“, но и покрај преземените протести, најави за тужба кон државата за непреземање соодветни мерки против загадувањето, засега не е постигнат посакуваниот ефект.

Ако досега ги наброивме сите „операции“ од нивна страна, сите полиња на дејствување и сите теми на обработка, во сосема кратки црти, зашто е невозможно да се опфати сè, редно е да се заокружи, со клучни достигнувања, последната петолетка од досегашното постоење, периодот од 2017 – 2022.

***

2017 година ќе ја паметат по многу заедништва, партнерства, соработки.

По новиот, регионален, почеток, во насока на обезбедување побезбеден, поправеден свет за децата, свет без насилство.

Под координација на Институтот за социјални дејности од Софија, заедно со колеги од Албанија (Tirana Legal aid society - TLAS), Летонија (Social Services Agency), Молдавија (Association for Child and Family Empowerment “Ave Copiii”), Србија (Network of Organizations for Children of Serbia – MODS), Словенија (The Association for a better world ) и Романија (Federatia Organizatiilor

Neguvernamentale pentru Copil), работеа на резилиентноста на децата, родителите и наставниот кадар за превенција од насилството. Тоа беше проектот „Зајакнување на капацитетите на децата за превенција од насилство“ што започна на 1.10.2016 и траеше до декември 2021 година, а колку ги постигнале целите на истиот, оценувале неколкупати во текот на петогдишното работење.

Во последното оценување во 2021 годинаможеле да направат сумарен преглед и да го заклучат следното: Накратко, ставовите на децата кон училиштето се исти од 2017 до 2021 година - им се допаѓа училиштето во кое учат, им се допаѓа учењето нови работи, играњето со пријателите и не чувствуваат дека тоа е обврска за нив. Ова може да значи дека проектот има свои ефекти, но треба да се земе предвид и влијанието на пандемијата Ковид-19. Наставниците и родителите имаат генерално доста позитивен став кон училиштето, родителите веруваат дека нивните деца се чувствуваат добро и безбедно на училиште, а наставниците изјавуваат дека споделуваат со родителите. Понатаму, се подобрила свеста, знаењата и вештините за превенција од насилството и на децата, и на наставниците и на родителите, како и на професионалците во училиштето, што е централна цел на проектот. Ова значи дека сега поголема е веројатноста децата да работат заедно за да ги решат прашањата и помалку да се обидуваат сами да се справат со проблемите, постои повисоко ниво на свест, комуникација и споделување помеѓу децата и возрасните во кои имаат доверба. Има и механизми за справување со насилство и возрасните знаат што да прават во такви случаи. Третата област - учеството на децата, исто така, е подобрена според податоците од проценката, бидејќи во последната година од преоктот, децата можат да учествуваат во повеќе иницијативи, можат да го изразат своето мислење пред возрасните и тие, најверојатно, се чувствуваат слушнати. Тоа значи дека проектот има свои позитивни ефекти. Сепак, учеството и на родителите и на децата е сè уште на консултативно ниво, преку учество во дискусии и информирање, наместо да сугерира промени и всушност да го промени училишниот живот како резултат на овие предлози. Затоа остануваме да работиме на овој план и во следните проекти.

Речиси во исто време, со канцеларијата на Save

the Children во Косово, како лидерска организација, заедно со други партнери од Украина, Србија и Косово го започнаа и Проектот „Да ги земеме правата во наши раце" и работеа на превенција од насилство, јакнење на детското учество и остварија соработка со шест нови основни училишта од Македонија. Проектот имаше  две специфични цели: едната - создавање училишни средини во кои нема насилство, а вработените и родителите се информирани и користат афирмативни методи за да создадат безбедна семејна и училишна средина за децата и втората - промовирање, заштита и исполнување на правата на децата во земјата со фокус на соодветно известување за кршење на детските права. Од октомври 2017 до крајот на 2021 година постигнуваат многу резултати, посебно промовирајќи го детското учество во разновидни активности и крунисувајќи го со фасилитирањето на вториот по ред поднесен Алтернативен детски извештај за состојбата со правата на децата во Македонија, подготвен од група 13 ученички и ученик од неколку основни и средни училишта. Овие ученички го презентираа и одбранија својот извештај и пред членовите на Комитетот за правата на детето при ООН во февруари 2021 година. Беа поддржани иницијативи осмислени од групи ученици од шестте партнерски организации за теми значајни за нив – од екологијата, до насилството, но и грижата за училишната средина. Уште еден успех на овој проект е и ребрендирањето на СОС-телефонот за деца и млади во „Ало,Бушавко" – телефон за деца и млади и дизајнирањето на нова веб-платформа наречена „Ало, Бушавко". Голем дел од успехот на проектот се должи на успешната и плодната соработка со шестте партнерски училишта: ООУ „Стив Наумов" и ООУ „25 Мај" од Скопје, ООУ „Саид Најдени" и ООУ „Пенестиа" од Дебар и ООУ „Славчо Стојменски" и ООУ „Гоце Делчев" од Виница, ученици, наставен и стручен кадар и родители.

Во 2018 година продолжија со вмрежувањето во регионални и глобални движења  и започнаа успешна соработка со Аригату интернешнал (Arigatou  International), невладина организација посветена на градење подобар свет за децата којашто ги сплотува луѓето од различни културолошки и религиозни средини преку меѓурелигиозна соработка, етичко образование и ставање крај на детската сиромаштија. Уште на почетокот

на годината, од 26 февруари до 1 март МЕЃАШИ организира Балканска регионална средба со цел мобилизирање на заедниците и подготовка на стратегија за намалување на детската сиромаштија и насилство врз децата.

Во меѓувреме, и понатаму со целосна посветеност се вклучуваа во настаните кои се случуваа. Еден таков вознемирувачки настан беше сексуална злоупотреба на малолетна девојка од 13 години, згрижена во една институција во Скопје. МЕЃАШИ апелираше до Министерството за труд и социјална политика, до Јавниот обвинител со барање за целосно испитување и барање кривична одговорност за малолетната штитеничка.

***

Arigatou International - Global Network of Religions for Children (GNRC) е непрофитна организација посветена на градење подобар свет за децата, соединувајќи ги луѓето од разновидна културна и верска припадност; било тоа да е меѓуверска соработка, етичко образование, молитва и акција или ставање крај на детската сиромаштија.

Глобалната мрежа GNRC е глобална размена на меѓуверски организации и поединци, посебно посветени на обезбедување на правата и благосостојбата на децата насекаде. Членовите на GNRC се од сите поголеми религии во светот и од многу други духовни традиции. GNRC споделува посветеност за светот да стане место каде што секое дете може да ужива, не да го има само правото да преживее, туку и да напредува, имајќи свој позитивен придонес за еден мирен свет и дигнитет за сите.

Детската амбасада МЕЃАШИ соработката со Arigatou International ја почна во 2017 година, со учество на Првата регионална средба одржана во Сомбор. Следеа низа активности од развоен и хуманитарен карактер, како и вмрежување, односно со учество на Драги Змијанац на 5. форум на глобалната мрежа на религии за деца кој се одржа од 9 до 11 мај 2017 година во Панама.

Во 2018 година продолжи вмрежувањето со оваа глобална мрежа и на почетокот на годината, од 26 февруари до 1 март МЕЃАШИ организира Балканска регионална средба со цел мобилизирање на заедниците и подготовка на стратегија за намалување на детската сиромаштија и насилство

врз децата. На оваа средба присуствуваа повеќе претставници, членови на мрежата од повеќе земји од Балканот и светот.

Соработката продолжува преку поддршка на годишни програми поврзани со детските права, детско учество, деца кои не посетуваат училиште, етичко образование и сл., подготвени и реализирани од страна на Детска амбасада МЕЃАШИ.

***

Што ја одбележа 2019? Тоа што продолжи борбата против загадувањето. Речиси секое дете на земјата е изложено на барем еден вид климатска и еколошка опасност или стрес. Климатската криза, загадувањето и загубата на биодиверзитетот се закани кои ќе го трансформираат детството и ќе ја загрозат одржливата иднина за децата и идните генерации на глобално ниво. Затоа климатската криза е криза на детските права.

- Премногу долго правата на децата се игнорираат во политиките и програмите за заштита на животната средина. Затоа активно учествуваме во сите инцијативи, протести и акции. Бевме дел од инцијативата „Движење за чист воздух" и дел од протестот, блокирајќи го влезот на Цементарницата „Усје", и покрај студот и дождот на денот на протестот, нагласија од Детската амбасада.

На 10 октомври 2019 соработката со Министерството за образование и наука ја подигнаа на повисоко ниво, потпишувајќи Меморандум за соработка и доделија сертификати на 47 професори/ки кои активно учествуваа во Програмата за мировно образование. Училиштата можат многу да придонесат за градење и унапредување на културата на мир. Тие не само што обезбедуваат знаење и вештини, туку ги обликуваат социјалните и културните вредности, ставови и карактер на децата.

Во таа година се изработи, а подоцна се усвои и стана дел од новинарските правила и Кодексот за новинари и медиуми при известување за деца.

***

На 30 јануари 2020 година Светската здравствена организација прогласи вонредна состојба, а пандемија на 11 март 2020 година. Училиштата во Македонија – основни и средни,




како и градинките, ги затворија своите врати на 11 март, согласно одлуката на Владата. Наставата се префрли на интернет, онлајн. Голем број деца останаа надвор од образовниот систем заради немањето услови за следење ваков вид настава.

Маски, карантин, страв - станаа новата реалност за сите. Но, за МЕЃАШИ ова не беше прв-пат да се мобилизираат во време на криза.

Веќе кон крајот на март отворија група на социјалните мрежи Фејсбук и Инстаграм, наречена „Заедно дома“ за да послужат како платформа за ангажирање на родителите и децата, како и младите за време на кризата Ковид-19, која значеше дистанцирање и прекин на редовното училиште и активности за дружење, а групата за три месеци достигна членство од над 2 600 членови. Таму беа објавени и споделени многу

креативни и иновативни идеи како квалитетно и содржински да се поминува времето од страна на родителите и децата.

Учебната 2020/21 година целосно се одвиваше онлајн за сите ученици од четврто одделение, па нагоре. Тоа за оваа вредна екипа беше аларм дека повторно некои деца ќе бидат исклучени од образовниот процес. Затоа во соработка со сите партнерски училишта и општини, но и преку мобилизација на приватниот сектор и други организации направија акција за донирање. Обезбедени беа донации од компјутери за деца од социјално загрозени семејства, преку соработка меѓу Центарот за управување со знаење, Стопанската комора за ИКТ - МАСИТ, Асоцијацијата на советници за развој на кариера - АСК Скопје и, секако, Првата детска амбасада во светот МЕЃАШИ - Република Македонија. Донацијата на 55 лаптопи беше реализирана во координација со Министерството за образование и наука, одговорните лица во секторот за образование во Град Скопје и Општина Карпош како и несебична поддршка од директорите на училиштата, кои се погрижија донираните уреди да стигнат до учениците на кои им беа најнеопходни.

Во април започна соработката на Детската амбасада со Lycamobile Македонија, со цел поддршка на ученици од социјално загрозени семејства кои немаа пристап на интернет. Донацијата од 2 000 припејд картички се реализира во мај и овозможи бесплатен интернет пристап до крајот на учебната година. Со оваа активност беа опфатени вкупно над 50 основни и средни училишта од Општините Гази Баба и Аеродром, Скопје, Дебар, Гостивар, Маврово и Ростуше, Велес, Виница, Берово, Битола, Охрид, Шуто Оризари, Куманово и Македонски Брод.

Следната активност се врзува за членот 12 од Конвенцијата за правата на детето, кој го признава правото на детето да биде слушнато и да ги изрази своите ставови слободно, да бидат сериозно земени предвид мислењата на децата во процесот на носење одлуки и властите да гарантираат дека овие права ќе бидат почитувани.

Затоа го започнаа Проектот „Општина Аеродром – пионер во практикување на детското учество“ во соработка со Општината, а целта

беше јакнење на капацитетите на Општина Аеродором за поттикнување на детското учество во процесите на одлучување, како прва општина во Македонија со спроведено истражување за правата на децата, со што станува пионер во Македонија и поттик за сите останати општини во земјата.

Детскиот извештај за состојбата со правата на децата во Општина Аеродром беше публикуван во декември, пред крајот на 2021 година.

***

2022 е последната година од тридецениски-от круг на Амбасадата. И таа почна ангажирано со „Ало, Бушавко“. Тоа е, всушност, новата комуникациска платформа на СОС-телефонот за деца и млади, односно нов комуникациски канал за децата и младите – писмена комуникација во живо: чет или преку електронска пошта. Имајќи на ум дека не секој сака веднаш да стапи во комуникација „Ало Бушавко“ ќе нуди и поинаква комуникациска поддршка – содржини на различни теми од интерес за децата, младите, но и возрасните, во кои ќе бидат понудени објаснувања на некоја појава, проблем, причините зошто се појавуваат како и совети и насоки што би можело да се стори. https://alobushavko.mk/mk/.

Во текот на овие 30 години МЕЃАШИ ги менуваа активностите, но не го менуваат своето лице – тоа секогаш останува насмеано за децата.



# АЛТЕРНАТИВНИ ИЗВЕШТАИ

Исцрпни, целосни, истражувачки и детални се сработени сите извештаи, секој на преку 100 страници, преполн со податоци, информации, анкети, анализи, заклучоци, препораки, и специфични препораки како да се надминат проблемите коишто ги мачеле децата и се поврзани со нивните права. Алтернативните извештаи содржат голем број проблеми со кои се соочуваат децата во нашата земја и препораки како да се надминат тие проблеми. Во извештајот се дава преглед на состојбата и потребата да се работи на полето на ратификација на сите меѓународни документи кои обезбедуваат заштита на правата на децата, како и дооформување на целокупната законска рамка во Републиката.

***

Алтернативните извештаи на невладините организации се подготвени од Националната коалиција за правата на детето, Република Македонија - НКПД (Неформална коалиција формирана во 1997 година) како проектна активност на Првата детска амбасада во светот МЕЃАШИ. За потребите да се подготват првите извештаи, во 2009 година беше обновена и проширена НКПД со нови организации членки и две коалиции. Во изработката на Алтернативните извештаи учествуваа вкупно 21 граѓански здруженија и 2 коалиции на граѓански здруженија.

***

Алтернативните извештаи покажуваат дека правата на децата во Македонија се загрозени и не се почитуваат, на што им оди во прилог и неефикасноста и нефункционирањето на механизмите на државата.

Во Македонија, правата на децата се кршат во сите области: социјалната дејност, образованието, здравството, правосудството, семејството, медиумите, комуникациите...

Злоупотребата на децата од година во година постојано се зголемува. Падот на животниот стандард, запоставувањето на реалните потреби на децата и неможноста тие да се задоволат, олабавувањето на семејните врски, зајакнувањето на политичките тензии и гетоизирањето на одредени групи според етничката, јазичната, религиозната припадност, придонесоа состојбата на децата уште повеќе да се влоши.

Државата не презема чекори за спречување и борба против дискриминацијата на децата, ниту прави процена на постоечките нееднаквости во уживањето на правата на децата, особено децата чии родители се со низок социјален статус.

***

Како се создадоа овие алтернативни извештаи?

При изготвувањето на иницијалниот извештај во 1996 година од страна на државата беа консултирани граѓанските организации, но при изготвувањето на вториот периодичен извештај во 2007 година оваа консултација беше изоставена.

***

Конвенцијата за правата на детето беше усвоена од Генералното собрание на ООН во 1989 година. Правата зацртани во оваа Конвенција ги дефинираат универзалните принципи и норми за статусот на детето. Република Македонија пристапи кон Конвенцијата во ноември 1993 година. Првиот извештај за состојбата со правата на децата државата потписничка мора да го поднесе 2 години по ратификацијата на Конвенцијата. Понатаму, извештаи се бараат секои 5 години, со можност за дополнителни извештаи во меѓупериодот, доколку е тоа потребно. Во 2007 година Република Македонија го предаде Вториот периодичен извештај за Конвенцијата. Сите извештаи ги разгледува Комитетот за правата на детето при ООН, кој се состанува неколкупати годишно, во Женева. Откако Комитетот ќе ги добие државните извештаи, понатаму бара пишани информации од невладини и меѓувладини организации.

***

Организации членки на Националната коа-

лиција за правата на детето беа: Асоцијација за демократска иницијатива (АДИ) – Гостивар, Асоцијација за здравствена едукација и истражување „ХЕРА“ – Скопје, Женска граѓанска иницијатива „Антико“ – Кичево, Коалиција „Сите за правично судење“ – Скопје (коалиција на 17 НВО-и), „Лајфстарт“ – Битола, Македонија без дискриминација (сојуз на 11 НВО-и), Младински образовен форум – Скопје, Отворена порта – Ла Страда – Скопје, „Отворете ги прозорците“ – Скопје, Пост полио група за поддршка „Полио Плус“ – Скопје, Прва детска амбасада во светот МЕЃАШИ – Скопје, „Пхурт“ – Делчево, Совет за превентива од малолетничка деликвенција – Кавадарци, Хелсиншки комитет за човекови права на Република Македонија – Скопје, ХОПС „Опции за здрав живот“ – Скопје, Хуманитарно здружение „Мајка“ – Куманово, Хуманитарно и добротворно здружение на Ромите во Македонија „Месечина“ – Гостивар, Хуманитарно и добротворно здружение на Ромите во Македонија „Месечина“ – Дебар, Центар за Балканска соработка „Лоја“ – Тетово, Центар за граѓанска иницијатива – Прилеп, Центар за човекови права и разрешување конфликти – Скопје, Центар за одржлив развој „Порта“ – Струмица, Шелтер центар – Скопје.

***

Во периодот од 23 декември 2008 до 1 декември 2009 година беше изработен Проектот „Градење култура на детско учество“ од страна на децата вклучени во него, а на 21 јануари 2010 година, во просториите на Првата детска амбасада во светот беше презентиран првиот Детски алтернативен извештај за состојбата со правата на децата во Република Македонија, подготвен од децата.

Децата во извештајот ги изразуваат своите мислења и ставови по низа прашања: колку се запознаени со нивните права и Конвенцијата, колку се почитува нивното мислење, говорот за насилството врз и помеѓу нив, дискриминацијата, колку се запознаени со институциите кои ги штитат нивните права, каков им е квалитетот на животот и на крај даваат препораки за подобрување на ситуацијата со нивните права во

Република Македонија.

Некои од заклучоците на децата беа следниве:

- 1/3 од децата тврдат дека професорите (наставниците) не ги почитуваат нивните права.
- Најнепочитувани права во семејствата се правото на приватност (3/5) и правото на сопствено мислење (1/3).
- 1/5 од децата се изложени на семејно насилство, а кај 2,3 % од нив тоа се случува секојдневно.
- Половина од децата тврдат дека во нивното училиште има насилство.
- 2/3 од децата се изјасниле дека постои насилство на улиците, а 1/5 од нив тврдат дека тоа се случува секојдневно.
- 1/5 до 1/3 од децата се изјасниле дека тие лично извршиле физичко и/или психичко насилство во семејството, во училиштето и/или на улиците.
- 1/6 до 1/3 од децата се плашат да одговорат дали биле изложени на некој вид насилство.
- Само 21,5 % од децата се обратиле некаде кога им било повредено некое право, а најмногу доверба децата имаат во нивните родители на кои за помош им се обратиле 50 %.
- Само 6 % од децата се запознаени со некој СОС-телефонски број каде би можеле да се обратат за помош, а 1/3 од нив им се обратиле за некој проблем.
- Правото на еднаквост (без дискриминација) е едно од најмалку познатите права (2 %).
- Девојчињата се чувствуваат подискриминирани од момчињата заради возраста и полот, додека обратното важи за јазик, етничка припадност, вероисповед и раса.
- Децата се дискриминирани најмногу од страна на своите врсници (77 %), а помалку (29 %) од страна на професорите.
- Во некои од училиштата се дискриминирани и децата со хендикеп, бидејќи не постојат услови за нивно вклучување во редовната настава, при што се прекршува нивното право на образование.
- 3/4 од децата не ги знаат своите права.

- Децата се здобиле со информации за своите права благодарение на училиштето, телевизијата, домот и од невладините организации.

Беа анкетирани 2 234 ученици од основните и средните училишта во Македонија.

Ова беше за првпат во Република Македонија деца да подготват нивен извештај и беше испратен до Комитетот за правата на детето на ООН и презентиран од страна на две деца претставници на предсесија пред Комитетот на почетокот од февруари 2010 година, во Женева.

***

Во 2009 година беше направен Алтернативен извештај на невладини организации кон државните извештаи за состојбата на правата на детето во Република Македонија. Извештаи во сенка подготвени од Националната коалиција на невладини организации за правата на детето.

Конвенцијата за правата на детето (КПД) беше усвоена од  Генералното собрание на ОН на 20.11.1989 година и стапи на сила на 2.9.1990 година. Правата зацртани во КПД ги дефинираат универзалните принципи и норми за статусот на детето. Денес сè повеќе станува јасно дека владите сами не се во можност потполно да ги обезбедат детските права без учество на општеството, воопшто, и во оваа насока НВО-и играат фундаментална улога во имплементацијата на КПД. Тоа е една од причините плус кои направија од КПД денес да стане најшироко почитуван интернационален инструмент со чии принципи се согласија речиси сите земји. Република Македонија пристапи кон КПД во ноември 1993 година.



***

Во 2012 година беше подготвен извештај за состојбата со правата на детето, изработен од Националната коалиција на невладини организации.

Конвенцијата за правата на детето (КПД) беше усвоена од Генералното собрание на ОН на 20.11.1989 година и стапи на сила на 2.9.1990 година. Правата зацртани во КПД ги дефинираат универзалните принципи и норми за статусот на детето. Сè повеќе станува јасно дека владите сами не се во можност потполно да ги обезбедат детските права без учество на општеството, воопшто, и во оваа насока НВО-и играат фундаментална улога во имплементацијата на КПД.

***

Извештајот за остварување на правата на децата во Република Македонија, подготвен во 2015 година дава општа слика за состојбата со остварувањето на правото на образование на децата со посебни образовни потреби, како и вклученоста на децата Роми во целокупниот образовен процес. Во овој извештај се разгледуваат и состојбите во областа на доењето, малолетничката правда, почитувањето на правата на децата во областа на детското учество, децата кои употребуваат дрога и децата жртви на продажба, трговија и киднапирање. Овој извештај го опфаќа следењето на состојбата со правата на децата во периодот на 2013 и првата половина од 2014 година. Извештајот е подготвен од неформалната Коалиција на невладини организации за правата на детето, којашто е основана и координирана од страна на Првата детска амбасада во светот МЕЃАШИ, а во неа, заедно со Детската амбасада МЕЃАШИ, членуваат 14 организации и една коалиција на граѓански организации. Извештајот се заокружува со препораки коишто ги даваат како Коалиција, со цел подобро остварување на правата на децата преку целосна имплементација на водечкиот меѓународен документ кој ги дефинира правата на децата. Подготовката на овој извештај беше поддржана од страна на Канцеларијата на УНИЦЕФ во Македонија преку проектот „Градење на капацитетите на невладиниот сектор во мониторирањето на детските права“.

***

Како и во 2009 година, така и во 2020 децата повторно подготвија извештај. Тоа беше Алтернативен извештај за состојбата со правата на децата во Македонија – од перспектива на децата. Извештајот е дело на тим од деца, на возраст од 12 до 17 години. Овие ученици и нивните училишта беа дел од активностите на Детската амбасада МЕЃАШИ во рамките на проектите „Да гиземеме правата во наши раце“, „Зајакнување на способностите на децата за превенција од насилство“ и „Програмата за мировно образование“, преку кои се имаа стекнато со клучни познавања за детските права.









Извештај за состојбата на правата на децата
во Република Македонија
Македонска национална коалиција на
невладини организации за правата на детето


Алтернативен извештај на невладините
организации за состојбата со правата на
децата во Македонија
Македонска национална коалиција за правата на детето


ИЗВЕШТАЈ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВАТА НА ДЕЦАТА
ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Македонска национална коалиција на
невладини организации за правата на детето
Скопје, 2015


ИЗВЕШТАЈ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА
ПРАВАТА НА ДЕЦАТА ВО
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# АНЕГДОТА

Почеток на тенок мраз!

Сите големи работи почнуваат случајно и од мала искра потоа пламнува голем оган. И обично на почетоците се сеќаваме со смеа, тоа не е така и со МЕЃАШИ. Во првите моменти тие се излизгале на тенок мраз, богами и добро се лизнале и добиле лекција, лекција која ги очеличила.

Што се случило?

Горде се потсетува:

- Таа вечер дома имавме поплава во кујната, а мене место не ме држеше бидејќи го добив апелот од БиХ за војната. Му реков на Драги дека ќе одам во МТВ да сторам нешто, а тој остави сè и дојде со мене. Прво, уредникот Љубиша ме одби кога му ја кажав мојата идеја, рече дека не може, па апелот отиде само на Македонско радио, и требаше да си одиме, но мене нешто не ми даваше да мрднам од МТВ, сè додека не ме пуштат во студио. Се вративме кај Љубиша и кога виде колку сум упорна рече: „Во ред, имаш 30 секунди да кажеш што имаш". Драги замина дома за да ме сними од ТВ на видеокасета, а јас останав да го дадам апелот. Така почна сè!

Среќен е Драги и ден денес што во трка со времето и минутите, сепак успеал навремено да го сними апелот на нивниот ВХС-систем, кој потоа како инсерт се најде и во нивниот документарен филм. 25 ГОДИНИ БОРБА ЗА ПОПРАВЕДЕН СВЕТ ЗА ДЕЦАТА - 25 ГОДИНИ ДЕТСКА АМБАСАДА МЕЃАШИ 1992-2017 - YouTube.

Горде, по излегувањето на Македонска телевизија, се качила на автобус број 2 за да се врати дома.

- Седнав, се сместив, а жената што седеше до мене ме праша: „Ти да не го даде апелот пред малку на ТВ?". Беше видно потресена, исто како и јас.

По апелот, вечерта се случила вистинска експлозија на нивниот домашен телефон. Дури кога телефонот не престанувал да ѕвони, сфатиле што се случило.

- Цела Македонија беше на нозе, сите сакаа да прифатат деца и семејства од БиХ!

Ама! Во земјава тогаш сè уште владееше едноумие, еднопартиски систем и строга хиерархија.

- Утредента, се потсетува Горде, ме викнаа во Министерството за труд и социјална политика, кај министерот кој ми се развика, со изговор-прашање „која сум била, де, јас да давам апели“ и викаше доста по мене. Но, и тоа го преживеав, за да по неколку дена ме избрка од работа од „Детска радост“, директорот. Ми беше голем удар, го доживеав траумично. А, само ден пред тоа, излезе и напис во весникот „Нова Македонија“ со обвинување дека „правиме механички прилив на муслимани“ и потоа дојде отказот… Сè се собра и сруши врз мене во еден миг – дел од носталгични присетувања.

Никој не вели дека се лесни патиштата на хуманоста и почетните стапки, дека патеката ќе биде послана со рози и леснотија и дека луѓето нема да се сомневаат во вашите добри намери. Но, како што рекла скопјанката Мајка Тереза: „Ако правиш добро, тоа ќе го припишат на твоите себични цели, не е важно, прави добро“. И „За да го вратиме мирот, не ни требаат оружја и бомби. Ни треба љубов и сочувство“, нешто со што МЕЃАШИ ги надмина бројните пречки на својот долг и трнлив пат на тенкиот мраз.

***

А, наградите се добиваат, ако не онаму каде ги заслужувате, некој друг ќе го препознае вашиот труд и ќе добиете и онаму каде што не сте очекувале. МЕЃАШИ може да се пофалат дека ја добиле престижната „Ангел на годината“ во Италија, но најдоброто признание допрва треба да дојде, а тоа е целосно имплементирање на нивните резултати во образованието и во Законот, каде што е потребно.

# ИЗЈАВИ НА ДРАГИ ЗМИЈАНАЦ:

- Основни права на секое дете се: право на дом, здравствена заштита, образование и заштита од злоупотреба на детскиот труд.

- Државата мора да најде решение, децата не смее да се оставени на немилост и под ведро небо!

- Кршења на правата на детето се случуваат континуирано и во најразличен вид.

- ...Се чини дека никогаш како досега немало поголемо кршење на детските права, повеќе злосторства и злоупотреби врз децата.

- Право на здрав и достоен живот, право на образование, право на здравствена грижа и право на топол дом, најчесто загрозени права на децата во Македонија!

- Многу од децата на улица се жртви на проституција, подведување за остварување материјална корист, трговија со деца, дистрибуирање и користење дрога, сексуална злоупотреба.

- Децата треба да го пријавуваат насилството. Да не молчат!

- Државата треба да отвори центри за прифаќање на деца жртви на сексуална злоупотреба и педофилија. Такви прифатилишта во Македонија нема.

- Секое дете на училиште е дете помалку на улица, на илјадници деца во Македонија им е загрозено елементарното право: правото на образование.

Во Македонија над 2 000 деца се секојдневно на крстосниците со испружени рачиња и норма која мора да ја заработат. Тоа ги повредува основните детски права.

## „МЕЃАШИ“ И „ДВИЖЕЊЕТО ЗА ЧИСТ ВОЗДУХ“ НА ПРОТЕСТ








# „ЗАЕДНО ДОМА“

ПЛАТФОРМА ЗА РОДИТЕЛИ/СТАРАТЕЛИ И СИТЕ КОИ СЕ
ГРИЖЕА ЗА ДЕЦАТА ВО ПЕРИОДОТ НА КОРОНАВИРУСОТ



















# „АЛО БУШАВКО“

НОВА КОМУНИКАЦИСКА ПЛАТФОРМА НА СОС ТЕЛЕФОНОТ ЗА ДЕЦА И МЛАДИ 070 390 632


















# СИТЕ НИЕ ДОЛЖНИ СМЕ КОН ДЕЦАТА!

За работата со децата научив од децата, вклучувајќи се и себе си како дете. Децата можат да бидат нашите најдобри учители. Тие знаат како да растат, како да се развиваат, како да учат, чувствуваат, да откриваат, знаат како да се смеат, да плачат, да бидат бесни, знаат што е за нив добро, што им е потребно, како да сакаат, како да се јаки и полни со енергија. Она што е потребно е простор за сето тоа. Кога го немаат тој простор, премногу чуваат во себе, се блокираат, се врзуваат во чвор, а тогаш е тешко да пораснат и да се чувствуваат сигурни.

Тие со право се жалат дека возрасните не ги разбираат, ги игнорираат, не ги прифаќаат, не ги почитуваат, толерираат, ги одбиваат и не ги сфаќаат сериозно. Во разговор со нив откривам дека тие се многу поразумни, многу помудри отколку што им признаваме. Многу од нив се збунети од контрадикторни пораки од возрасните за себе, а сето тоа ги блокира и ја намалува нивната мудрост и способност.

Многу родители на адолесценти не го прифаќаат фактот дека детето им расте. Тие кои го сакаат своето дете се плашат кога треба детето да го пуштат во светот, а знаат дека тоа е неизбежно. Не можат да преземат одговорност за (не)успехот на своето дете, за изборот на другари, за планови за иднина. Не можат постојано да го следат дали води љубов, зема дрога, пуши, пие... Она што можат е да му кажат на детето што мислат за таквите работи. Да бараат помош во водење на домаќинството во кое живеат, да се договараат за ограничувања кои ги сметаат за важни, да покажат дека се подготвени на детето да му пружат љубов и подршка, да му помогнат да порасне не со тоа што ќе го чуваат и штитат од злото во светот, туку да го научат само да се чува. Да реагираат на позитивните промени кај детето и да се однесуваат во согласност со тие промени. Родителите мораат да почнат на децата да гледаат како на полноправни посебни човечки суштества.

Сите ние заедно, целата општествена заедница, должни сме кон децата да им помогнеме да се чувствуваат посилни и да го видат светот околу себе онаков каков што е, да соберат сили да направат избор за себе кој го сакаат и да знаат кога тоа не е можно.

**Вера Глаткова, психолог**

# НАЈЗНАЧАЈНИ РЕЗУЛТАТИ ВО ИЗМИНАТИВЕ ГОДИНИ:

**1992-1997 година** – Веднаш по започнувањето на кризата во Босна и Херцеговина, Првата детската амбасада во светот МЕЃАШИ даде апел за поддршка и организира прифаќање на децата бегалци, дестинации во странски земји, хуманитарна помош и креативни активности, со што им помогна на шеесет илјади деца бегалци.

**1993 година** – Амбасадата отвори прв дежурен СОС-телефон за деца и млади и психолошко советувалиште во Република Македонија. Во 2005 г. од Македонски телекомуникации го доби бројот 0800 1 2222 2 и на тој начин им овозможи на децата нивните јавувања да бидат бесплатни. За 29 години - над 20 000 повици

**1993 година** – Ја објави книгата „Правата на детето", прва од таков вид во Република Македонија.

**1994 година** – Започна со лобирање за ратификување на Хашката конвенција за граѓанско-правните аспекти на меѓународни грабнувања на деца.

**1995 година** - оваа Конвенција беше ратификувана од Собранието на Република Македонија.

**1996 година** – Започна со лобирање за воведување на институцијата Детски омбудсман, што резултира до тоа што во 1999 година Република Македонија воспостави Народен правобранител, лице надлежно за правата на детето.

**1997 година** – МЕЃАШИ пристапи како придружна членка на Defence for Children International и оформи Комитет на DCI во Македонија. Во 1999 г. овој Комитет се регистрира како посебна НВО за правата на детето - Здружение за заштита на правата на детето.

**1997-2002 година** – Амбасадата оформи Македонска национална коалиција за правата на детето (28 НВОи), со Секретаријат во Амбасадата МЕЃАШИ.Оваа коалиција достави и алтернативен извештај за состојбата со правата на детето во Комитетот за правата на детето во Женева.

**1999 година** – Како национален координатор се придружи на семејството Global March Against

Child Labour, одржувајќи акција за подигање на јавната свест против експлоатација на детскиот труд и вклучување на сите деца во образованието.

**1999-2000 година** – Амбасадата МЕЃАШИ им даде поддршка на децата бегалци од Косово, пружајќи им заштита на психосоцијален план. Беа опфатени сите кампови во Македонија каде што беа згрижени децата бегалци од Косово.

**2000-2001 година** – Кампања за ратификација на Конвенцијата 182 и Препораката 190 за итно елиминирање на најлошите форми на детски труд. Во 2002 година Собранието на Република Македонија ги ратификува истите.

**2001-2006 година** – Отворено е Прифатилиште за деца во кризна состојба, во кое се згрижени 16 раселени лица од с. Арачиново, од кои 8 се деца. Три од нив се родија во прифатилиштето.

**2001 година** – Амбасадата МЕЃАШИ ја добива наградата за граѓанско општество и демократија, за долгогодишен придонес во изградбата на граѓанското општество во Република Македонија. Наградата е доделена од страна на МЦМС.

**2001-2004 година** – Амбасадата го оформи Сојузот на детски организации на Република Македонија и го креира и објави првиот кодекс на НВОи за правата на детето кај нас. Истиот е преведен и на албански и поставен на нивната официјална страница www.childrensembassy.org.mk.

**2001-2002 година** – Амбасадата покрена иницијатива за измена на даночните закони што се однесуваат на непрофитните организации, популарно наречен 1 %.

**2002-2004 година** – За унапредување на волонтеризмот во Република Македонија, Амбасадата МЕЃАШИ работеше преку Програмата „Македонска волонтерска акција" (МВА).

**2002-2006 година** – Започна програмата за ненасилна разработка на конфликти во средните мултиетнички училишта во Република Македонија.

**2003 година** – Амбасадата во соработка со Centro Regionale di Intervento per la Cooperazione (CRIC) од Италија реализираа проект „Акција за граѓанство преку театар" во кои беа вклучени 60 деца од 3 мултиетнички училишта како и нивните родители.

**2003 година** – Амбасадата започна со креирање работилници за детски права во мултиетнички основни училишта и подобрување на разбирањето

помеѓу децата кои потекнуваат од различни етнички средини. Опфатени беа 15 групи деца во 15 мултиетнички основни училишта во Скопје и околината. Координатор на овој проект беше Реџеп Раими.

**2004 година** – Во соработка со Граѓанската организација ЕСЕ во периодот од јуни до септември, подготви 53 предлог-амандмани за измена и дополнување на Законот за семејство и забелешки по Предлог-законот за социјална и детска заштита.

**2004 година** – Амбасадата заедно со неколку членки на Граѓанската платформа на Македонија одлучија доброволно да ги објават годишните извештаи, вклучувајќи ги финансиските извештаи и независните ревизорски мислења.

**2004 година** – Амбасадата ја издаде кннигата „Заштита на правата на децата", како преглед на состојбата на децата во Република Македонија, од авторката Милица Панева.

**2005 година** – Реализирана е светската кампања Global Campaign for Education, со мотото: Да ги вклучиме децата во училиште - Што можам јас да сторам?

**2005 година** – Ја реализираа активноста за намалување на конфликтите меѓу средношколците. Другарувањето низ мултиетничка соработка се изведуваше во 5 мултиетнички средни училишта во Скопје, Куманово и Тетово.

**2005 година** – На 9.11.2005 година – Меѓународнот ден против фашизмот и антисемитизмот, организираа акција под мотото „Да го симнеме насилството од ѕидовите". Графитите: „Стоп на насилството", „Сакај за да бидеш сакан", „Мир", ги заменија насилните пораки испишани на ѕидовите.

**2006 година** – Амбасадата комплетно опреми еден стан со мебел и покуќнина, кој стана живеалиште на четири младинки до нивната 26-та година. Станот го додели Министерството за труд и социјална политика, а неговото опремување е финансирано од Проектот за развој на општините (ПРО), Министерство за финансии, Светска банка.

**2007 година** – Амбасадата ја започна годината со кампањата „Стоп на насилството на децата" и „Дали денес го гушнавте вашето дете?". Ова беше реакција на претепувањата до смрт над 3-годишно и шестмесечно дете. И како резултат на бројките на пораст на пријавување на насилство на 20 % од вкупниот број пријавувања на случаи на бесплатниот СОС-телефон за деца и млади 0800 1222.

**2007 година** – Акција за вклучување на сите деца во образованието со мотото: „Придружете се!“, „Право на образование сега!“ Вклучени беа над 50 училишта, општини во активностите. Прием на делегација на децата членови на Амбасадата кај претседателот на Република Македонија, г. Бранко Црвенковски и потпретседателот на Собранието на Република Македонија, г. Иван Анастасовски. Акцијата на централната манифестација, која се одржа на Плоштадот „Македонија“, ја поддржа и претседателот на Владата на Република Македонија, г. Никола Груевски. Амбасадата МЕЃАШИ доби и писмени гаранции од г. Бранко Црвенковски, г. Никола Груевски, г. Иван Анастасовски и г. Перо Стојановски, државен советник во Министерството за образование и наука на Република Македонија дека ќе се залагаат да се оствари правото на секое дете да оди на училиште.

**2008 година** – Како резултат на зголемениот број на случаи на педофилија и инцест во Македонија, Првата детска амбасада во 2008 г. го подигна прагот на нетолерантност кон силувачите, го подигна јавното мислење за последиците кои децата ги трпат и побара зголемување на казните за сторителите на ова тешко кривично дело, вклучувајќи ја и казната доживотен затвор. Истата година, Собранието на Република Македонија го усвои новиот Кривичен закон каде според член 188 е предвидена и казната доживотен затвор.

**2008 година** – Ја започна борбата против педофилија, родоскврнавење и сексуално злоставување на децата во земјава. Упати бројни барања за одговорност и писмени претставки до Народниот правобранител, Јавниот обвинител за непочитување и кршење на правата на децата. Ја започна иницијативата за зголемување на казните за овие кривични дела (педофилија, родоскврнавење и сексуално злоставување на деца) на минимум 15 години затвор до доживотен затвор. Напорите на застапување и лобирање за построго казнување на педофилите беа прифатени од Министерството за правда на Република Македонија и казните за сексуално злоставување на деца од страна на педофилите беа зголемени на минимум 10 години затвор.

**2008 година** – МЕЃАШИ и Фондацијата Метаморфозис го реализираа Проектот за заштита и безбедност на децата и нивните права на интернет - ЦРИСП (www.crisp.org.mk или www.

bezbednonainternet.org.mk).

**2008 година** – Во рамките на Проектот „Детето е сведок кој бара посебна грижа" отпечатена е книгата „Одам на суд", напишана за помали деца на возраст од 5 до 11 години со цел да го запознаат детето за ситуацијата со која ќе се сретне во судницата и да го подготват за учество во судска расправа кога ќе дава изјава како сведок во Кривичниот суд. Наменета е за деца на кои им е нанесено зло или врз кои е направено злосторство, или тие биле сведоци на злосторства.

**2009 година** – Организирани се тренинзи, работилници, летни кампови и други форми на охрабрување на децата и младите за активно учество во донесувањето одлуки кои се од нивен интерес.

**2009 година** – Првата детска амбасада во светот трета година по ред ја организираше кампањата за одговорно родителство, но овојпат со слоганот „Дали денес разговаравте со вашето дете?" Оваа кампања е продолжение на кампањата „Дали денес го гушнавте вашето дете?" и „Дали денес му кажавте на вашето дете колку го сакате?", кои ги спроведуваше на почетокот на 2007 и 2008 година.

**2009 година** – По повод Светската кампања за образование на 22 април, МЕЃАШИ заедно со децата мирно маршираа со транспаренти со испишани пораки за правото на сите деца на образование и писменост. Во светот тогаш имаше 774 милиони возрасни и 75 милиони деца кои не знаеја да читаат и пишуваат. Во Македонија имаше над 18 000 деца кои не одеа на училиште, од кои 2 000 деца на улица, а 200 000 возрасни немаа завршено основно образование.

**2010 година** – Детската амбасада МЕЃАШИ иницираше и организираше подготовка на Детски алтернативен извештај во соработка со деца членови на 7 локални партнерски организации. Во истиот извештај децата ги изразија своите мислења и ставови по низа прашања: колку се запознаени со нивните права и Конвенцијата, колку се почитува нивното мислење, за насилството помеѓу нив, дискриминацијата, колку се запознаени со институциите кои ги штитат децата, каков им е квалитетот на животот. Ова е за првпат во Република Македонија деца да подготват нивен извештај и истиот да го застапуваат пред Комитетот за правата на детето при Организацијата на Обединетите нации.

**2010 година** – На 3 февруари 2010 година, на

54. предсесија на Комитетот за правата на децата при ОН во Женева, тројца претставници од Македонската национална коалиција за правата на децата (23 граѓански организации) презентираа неколку Алтернативни извештаи за состојбата со правата на децата во Македонија пред 9 члена на Комитетот.

**2011 година** – Во својата суштина МЕЃАШИ од самиот почеток е, всушност, мировна организација за заштита на децата и нивните права. Нашата цел е да укажеме на потребата од вградување на Мировното образование во наставните програми. Некои од тие содржини се веќе вметнати, но само информативно. Она што недостасува е целосното вградување на Мировното образование во наставните програми, искуствено и вредносно определено, вклучувајќи ја и личната одговорност. Се надеваме дека ќе успееме во тоа.

**2011 година** – Во истражувањето наменето за Довербата во граѓанското општество и Познавањето и мислењата за граѓанските организации, Првата детска амбасада во светот според анкетираните граѓани е на:

**(1)** прво место во однос на доверба или позитивни наспроти негативни ставови за органзиацијата; за Првата детска амбасада во светот МЕЃАШИ имаат позитивно мислење 53,6 %, граѓани, при што односот позитивно/негативно мислење е 20,3 спрема 1;

**(2)** второ место како пример за најуспешна организација;

**(2)** второ место на граѓани кои знаат за Првата детска амбасада во светот МЕЃАШИ 56,2 %, додека 81,4 % од граѓаните во Република Македонија слушнале за МЕЃАШИ.

Во одредени потсектори е препознаена како:

**(2)** МЕЃАШИ е на второ место во Секторот Демократија и човекови права.

**(4)** четврто место во Секторот Организација во развој (јакнење) на граѓанското општество.

**2012 година** – Продолжија напорите да ги поттикнеме социјално одговорните компании во Македонија да ги вработуваат децата без родители по напуштањето на домовите и да им даваат предност, а ако тоа не е можно, барем да овозможат еднакви можности при вработувањето, да не се дискриминирани како што тоа е случај досега.

**2013 година** – Првата детска амбасада во све-

тот МЕЃАШИ е рангирана на прво место во однос на позитивно мислење како и во претходните истражувања (2007, 2008, 2010).

**2014 година** – Силното застапување, залагање и лобирање на МЕЃАШИ за построго санкционирање на сексуалните злосторници, родоскврнувачи, педофили, посебно кон деца под 14 години вродија со плод – Собранието на Република Македонија ги прифати и вгради нашите препораки со измените и дополнувањата во Кривичниот законик. Беше прифатено: медикаментна терапија или хемиска кастрација, минимум 15 години до доживотна казна затвор.

**2014 година** Детската амбасада МЕЃАШИ е една од првите граѓански организации која во Република Македонија го доби сертификатот ИСО 9001: 2008 за систем за квалитет на менаџмент. Со овој станандард се потврдува дека системот за управување со квалитетот кој го воспоставила и го применува Прва детска амбасада во светот МЕЃАШИ - Република Македонија ги задоволува критериумите за систем за квалитет.

**2015 година** МЕЃАШИ поддржа повеќе граѓански иницијативи: средношколскиот пленум, група на здруженија за поддршка на деца и возрасни со здравствени проблеми и поддршка на граѓанската иницијатива на група родители за воведување на 50/50 поделено, зедничко или споделено родителство и заедничка одговорност на двата родители за правилен раст и развој на децата после развод.

**2016 година** Меѓаши започна кампања за подигање на свеста за значењето на Мировното образование. За таа цел низ цела Македонија беа поставени билборди со слоганот „Мирот е секој чекор" на шест локални јазици.

**2017 година** Првата детска амбасада во светот МЕЃАШИ ја поддржа иницијативата „Посвоените деца имаат право да знаат кои им се биолошки родители". Ставот на Детската амбасада е дека детето треба да ги знае своите родители, кое впрочем и е предвидено во Член 7 од конвенцијата за правата на детето.

Во февруари 2017 година Детската амбасада Меѓаши заедно со Легис почнаа кампања „Македонија со љубов за Алепо". Целта на кампањата беше поддржка и подигање на јавната свест, особено кај помладата генерација за состојбата во која се наоѓат нивните врсници, со цел истакнување на

потребата со солидарност и помош на луѓето кои страдаат од војна.

Првата детска амбасада во светот Меѓаши загрижена од енормното загадување во Скопје и последиците кои произлегуват од истото почна да ја алармира ситуацијата во која се наоѓаме и дека тоа го загрозува основното право на детето – правото на живот.

Секоја година, традиционално, по повод 21 септември, на Меѓународниот ден на мирот, Детската амбасада МЕЃАШИ во рамките на Програмата за мировно образование организираме најразлични активности и маршеви за МИР.

**2018 година** Првата детска амбасада во светот Меѓаши започна кампања против врсничкото насилство со мотото „И зборовите повредуваат". Билборди со овој слоган беа поставени во повеќе градови во државата. Свесноста дека постои насилство и неговото препознавање е само прв чекор во справувањето со овој проблем. Детска амбасада Меѓаши сака долгорочни и адекватни стратегии кои градат училишта (и општество) нетолерантни на насилство.

**2019 година** Првата детска амбасада во светот „Меѓаши" го промовираше зборникот „Кон мировното образование", што има за цел придонесување кон зголемување на знаењата за Програма за мировно образование.

Речиси секое дете на земјата е изложено на барем еден вид климатска и еколошка опасност. Климатската криза ја загрозува одржливата иднина за идните генерации. Затоа климатската криза е криза на детските права. Премногу долго правата на децата се игнорираат во политиките и програмите за заштита на животната средина. Затоа сме дел од инцијативата „Движење за чист воздух" и во февруари 2019. протестиравме, заедно, пред депонијата Дрисла заради енормното загадување на воздухот. Баравме да се промени правилникот за извршување инспекциски надзор, носење правилници за индустриски емисии и воведување најдобри производствени пракси за тој сектор. После точно една година, во февруари 2020, повторно протестиравме, со блокада на цементарницата Усје.

**2020 година** Училиштата и градинките во Македонија ги затворија своите врати на 11 март, наставата се префрли онлајн, а голем број деца останаа надвор од образовниот систем. Маски, карантин, страв - станаа новата реалност за сите. Но за Меѓа-

ши, ова не беше прв пат да се мобилизира во време на криза. За кусо време излезе во пресрет на оние кои имаа најитни потреби.

Веќе кон крајот на март отворивме група на социјалната мрежа Фејсбук, наречена „Заедно дома“. За многу кус период  во групата се зачленија над 2600 лица кои споделуваа многу креативни и иновативни идеи како да се помине квалитетно и содржајно време меѓу родителите/старателите и децата.

Беа обезбедени пакети со храна и средства за хигиена на повеќе семејства во социјален ризик,  заштитни маски и заштитни одела за медицинскиот персонал од Универзитетската детска клиника во Скопје, како и на детските оддели во други болници.

По повод подготовката на третиот Алтернативен извештај за состојбата со правата на детето во Македонија ја реактивиравме Македонската национална коалиција за правата на детето. Извештајот беше поднесен до Комитетот за правата на детето при ООН.

**2021 година** Кампања „Поттикни мир“.

Беа изготвени видео материјали односно 4 видеа на теми кои се важни за мировното образование и кои предизвикаа најголем интерес според објавите и реакциите на  социјалните мрежи.

Кампањата главно се одвиваше преку социјалните мрежи, но и преку медиумите. На повеќето од објавите на социјалните мрежи опфативме над 100 илјади луѓе, а интеракција имаше од над 8000.

Учебната 2020/21 година целосно се одвиваше онлајн. Тоа за нас беше аларм дека повторно некои деца ќе бидат исклучени од образовниот процес и поради тоа се потрудивме да обезбедиме донации од компјутери и припејд картички

**2022 година** Ало Бушавко, новата комуникациска платформа на СОС телефонот за деца и млади, има за цел да понуди нов комуникациски канал за децата и младите – писмена комуникација во живо: чет или преку електронска пошта. Разбирајќи дека децата понекогаш имаат тешкотии  веднаш да стапат во комуникација на SOS телефонот, „Ало Бушавко“ ќе нуди и поинаква комуникациска поддршка – содржини на различни теми од интерес за децата, младите но и возрасните во кои ќе бидат понудени објаснувања на некоја појава, проблем, причините зошто се појавуваат како и совети и насоки што би можело да се стори https://alobushavko.mk/mk/.

# ЗАВРШЕН ДЕЛ...

Првата детска амбасада во светот МЕЃАШИ е пионер во заштита и остварување на правата на децата. Почнале со апел за сместување за децата бегалци во босанскиот конфликт, продолжиле со мамутска работа, која не престанува во потрага по секое право кое детето го заслужува.

Како автор се соочив со голема одговорност да се ѕирне во сè што оставило свој печат, да се долови сè за нив, на само 300 страници, што е мошне тешко со оглед на обемноста и опсегот на нивните активности, затоа се обидов да го опфатам само најсуштинското, а деталите може да се пронајдат на нивната официјална веб-страница. Проучувајќи ја нивната работа, сфаќав дека се внурнувам во научна дејност, која не ретко ме ставаше во дилема дали ќе ја изведам и како, и тоа ме носеше во искушенија и да се откажам. Затоа што, иако монографија значи хронолошки редење на настаните, нивното дејство е најмалку хронолошко, односно во втор план е тоа, во прв е истовремена работа на многу комплексен испреплетен спој на повеќе материи – психологија, право, безбедност, едукација.

Средувајќи ги секој податок, ми изгледаше како најважен, сè додека во следниот пасус не дојдев до нов, кој ми изгледаше уште поважен и сè така во низа, зашто тука навистина сè е важно, со исто значење. Иако би рекла, нивната „подадена рака" на бегалците во екот војната дава најсилен импакт на она што е нивни вечен печат.

Моја среќна околност е што извесен период се образовав во областа на психологијата и истражувањата за детската психологија на научникот Сигмунд Фројд, затоа што без таа основа тешко дека ќе можев да ја сфатам и изведам оваа толку сеопфатна и, воедно, благородна обврска. Сега сè си најде своја смисла.

Во 1872 година постои обид на Глигор Прличев да објави збирка од 12 песни под наслов „Воспитание или наратствени песни", но не се остварил, така што во 1966 година е објавена во „Разгледи", со коментари на Гане Тодоровски.

Но, парадокс е што има многу малку, книжевност, идеи, воспитни и уметнички обележја. Треба и писателите повеќе да пишуваат. Не случајно ги спомнувам книжевните дела и сликовници за деца, кои некогаш во времињата без општа писменост, биле методологија за подучување на младите генерации, а денес се еден вид митологија, почнувајќи од книгите за животни, до бајки за кралеви, бајките кои на сликовит начин нѐ учат на позитивни духовни вредности прилагодени за детска душа и детско мозоче, за оние поучните како Пинокио кој кога лаже му расте носето, сѐ до Оливер Твист кој прави побуна кога ќе побара репете од тенката каша и поради тоа го ставаат во зандани и го измачуваат, и многу други. И врз сето тоа се надоврзува и работата на МЕЃАШИ.

Ако некогаш делата за децата биле базирани на мечтаењето за подобар свет, сосема е реално, иако и прилично храбро, ако речам дека МЕЃАШИ се нивно продолжение, но отидоа чекор понапред, затоа што сето тоа мечтаење го конкретизира со борба во реалност. Она што досега е запечатено со нивна рака, е всушност увертира во ново поглавје. Дотука е нивната работа, а понатаму, ова што веќе го претставив низ овие страници и редови е веќе работа за која „своите ракави треба да ги засукаат“ психолози, психијатри, доктори, стручни лица, правници, судската тога, полиција, безбедносните и општествените структури.

За Детската амбасада се изучува и во нашите учебници за трето одделение и некои за повозрасни генерации. Уште повеќе ќе се изучува...

Велат дека сводот се потпира на испружените дланки на храбрите и посветените, такви се Драги и Гордана Змијанац, двајцата кои честопати и сами ја воделе оваа битка, веројатно и по цена која ја платиле со дел од своето здравје и семеен (не)мир, зашто нивната работа, сепак, не била бајка ни книга, туку борба.

Данте Алигиери ќе напише: „Три нешта ни останале од Рајот - ѕвездите во ноќта, цвеќињата преку ден и детските очи!“

Би додала, Блажени се оние кои ќе ги избришат солзите од тие детски очи и ќе ги претворат во светликави искрички од радост и веселие.

Да живееме!

Валентина

BATO&DIVAJN
graphic center

Изразуваме голема благодарност до компанијата БАТО & ДИВАЈН. Без нивната поддршка не ќе беше возможно печатењето на оваа Монографија. И не само тоа, БАТО & ДИВАЈН е синоним за компанија за високо квалитетно-технолошко печатење, со доследност кон создавање на трајни печатарски импресии. За Детската амбасада МЕЃАШИ како организација за детските права и градење на мирот, од особена важност е нивната социјално општествена одговорност. Само со одговорни и посветени поединци и компании ќе биде возможен подобар свет за децата.

Благодарност до нашите партнери и донатори

CIVICA MOBILITAS

KURVE Wustrow
Centre for Training and Networking in Nonviolent Action

zfd Ziviler Friedensdienst
Civil Peace Service

Supported with funds from the BMZ

Sweden Sverige

OAK FOUNDATION

Save the Children

ARIGATOU INTERNATIONAL | End Child Poverty

GOLDIN INSTITUTE

SAPI

МЦМС

# СОДРЖИНА


РЕКОА........ 12
ДЕЦАТА ПРЕД СÈ........... 16
ИНТЕРВЈУА........ 25
Драги Змијанац........ 26
Коле Ангеловски........ 40
Благоја Чоревски-Чоре........ 48
Драган Мијалковски........ 54
Љубиша Николовски........ 68
Весна Димчевска........ 72
СЕЌАВАЊА........ 77
Јово Димитријевиќ........ 77
Методија Најчевски........ 79
Есма Реџепова........ 83
Душко Арсовски........ 84
Евридика Шашкова........ 86
Мариа Доневска........ 88
Горан Величковски........ 90
Рајка Стефановска........ 91
Лидија Мехинагиќ........ 93
Јулијана Зоксимовска........ 94
Фросина Пандурска Драмиќанин........ 97
Силвана Левајковска........ 98
Сашо Трајкоски........ 100
Борче Стојановски-Џеронимо........ 102
Владимир Трајановски........ 105
ОПЕРАТИВНИОТ ТИМ ДЕНЕС........ 106
СОБРАНИЕ, НАДЗОРЕН ОДБОР........ 112
Сончевина во детските очи........ 118
ВОЈНАТА!........ 121
Раскази и приказни........... 126
Има некоја тајна врска........ 127
Светлина на крајот од тунелот........ 130
За помалку солзи........ 133
„Мајко, каде си“........ 136
Соништата на Сања........ 137
ПРИФАЌАЊЕ БЕГАЛЦИ........ 138
ЖИВ УЧЕБНИК!........ 144
СОС-ЛИНИЈАТА -
НАДЕЖ ЗА МНОГУ ДЕЦА........ 146
17 МАЈ МЕЃУНАРОДЕН ДЕН НА
СОС-ЛИНИИТЕ........ 152
СИРОМАШТИЈА........ 160

БЕЗ ДОКУМЕНТИ........ 164
МЕЃАШИ: ВНИМАВАЈТЕ НА ДЕЦАТА!........ 168
СЕКСУАЛНА ЗЛОУПОТРЕБА!........ 174
РОДОСКВЕРНАВЕЊЕ........ 182
ДНЕВНИ ЦЕНТРИ........ 186
ОД ДОМ НА СВОЕ!........ 194
ВРЕМЕПЛОВ НИЗ АРХИВАТА НА МЕЃАШИ... 196
ДЕТСКИ РАБОТИЛНИЦИ........ 222
ВОЛОНТЕР(К)И........ 226
МОМЕНТИ........ 230
МИРОВНО ОБРАЗОВАНИЕ........ 242
Benjamin Blänkner........ 243
Програма за мировно образование........ 250
ЦИВИКА мобилитас........ 254
Подадена рака и во поплавите........ 258
Бројни активности 2017- 2022!........ 260
Алтернативни извештаи........ 268
Анегдота........ 276
Изјави на Драги Змијанац........ 278
„МЕЃАШИ“ и „Движењето за чист воздух“ на протест........ 279
„ЗАЕДНО ДОМА“........ 280
,,АЛО БУШАВКО“........ 281
Сите ние должни сме кон децата!........ 282
Најзначајни резултати во изминативе години. 283
Завршен дел.......... 292

**Издавач:** Прва детска амбасада во светот МЕЃАШИ, ул. „Коста Новаковиќ“ 22а, 1000 Скопје
**Телефон:** +3892 2465316
**Е-пошта:** info@childrensembassy.org.mk; alobushavko@childrensembassy.org.mk; sos@childrensembassy.org.mk
**Веб адреса:** https://alobushavko.mk/mk/; www.childrensembassy.org.mk

**Уредник:** м-р Драги Змијанац – Претседател и основач
**Автор:** Валентина Ѓоргиевска
**Лектор:** Марина Гечевска
**Насловна корица:** Симона Стојкоска
**Технички уредник:** Дејан Јовески
**Печати:** БАТО & ДИВАЈН
**Тираж:** 30


Një botë më e drejtë për çdo fëmijë
Majbut hakajalo sumnalo sakone čhaveske
30 МЕГАШИ
ПРВА ДЕТСКА АМБАСАДА
НИЕ СМЕ ИДНИНАТА